Дејан Маролов

# БОРБА ЗА ОПСТАНОК ИЛИ ЕКСПАНЗИЈА?

## Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава

Штип, 2021

Дејан Маролов

# БОРБА ЗА ОПСТАНОК ИЛИ ЕКСПАНЗИЈА?

## Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава

**Автор:**
Вонр.проф.д-р. Дејан Маролов

# БОРБА ЗА ОПСТАНОК ИЛИ ЕКСПАНЗИЈА?
## Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава

**Рецензенти:**
Вонр. проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска
Доц. д-р Ана Јорданка Гелева
**Лектор:**
Елена Малинова
**Техничко уредување:**
Ристе Мицанов
**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
**Објавено во е-библиотека:**
https://e-lib.ugd.edu.mk
**Печати:**
Медиа принт плус, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

327.56(078.7)
327(497.11:436-89)(078.7)
327(437:430)(078.7)

МАРОЛОВ, Дејан
Борба за опстанок или експанзија? [Електронски извор] : студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава / Дејан Маролов. - Штип : Универзитет 'Гоце Делчев", Правен факултет, 2021

Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/1024. - Текст во PDF формат, содржи 116 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 14.12.2021. - Библиографија: стр. 109-114

ISBN 978-608-244-850-3

а) Меѓународни конфликти -- Мали сили со големи сили -- Справување -- Студии на случаи б) Србија -- Меѓународни односи -- Австро-Унгарија -- Студии на случаи в) Чехословачка -- Меѓународни односи -- Германија -- Студии на случаи

COBISS.MK-ID 55829509

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

# БОРБА ЗА ОПСТАНОК ИЛИ ЕКСПАНЗИЈА?

## Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава

Автор

Вонр.проф. д-р Дејан Маролов

Штип, 2021

## Кратка Содржина

ПРЕДГОВОР 13

1.ВОВЕД 16

2.ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОИМТЕ ,,МАЛА ДРЖАВА” И ,,МАЛА СИЛА” 19

2.1.ТЕОРЕТСКА РАСПРАВА 20

2.2.ОПРЕДЕЛЕУВАЊЕ НА ПОИМОТ ,,МАЛА ДРЖАВА” 26

2.3.МАЛА, ГОЛЕМА И СУПЕР СИЛА 31

2.4.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ 38

2.5.ПОНАТАМОШНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНА ЛИТЕРАТУРА 41

3.МЕЛИЈАНСКИОТ ДИЈАЛОГ И НЕГОВИТЕ ЛЕКЦИИ 50

4. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ БР.1. АВСТРО-УНГАРИЈА VS СРБИЈА 71

4.1.ТАЈНАТА ТЕЛЕГРАМА 76

4.2.СОСЕДИТЕ АВСТРО-УНГАРИЈА И СРБИЈА 79

**4.3.ИСТОРИСКА РЕТРОСПЕКТИВА И ПОЛИТИКИТЕ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ 84**

**4.4. СОЗДАВАЊЕТО НА СРБИЈА И ОСНОВАТА НА НЕЈЗИНИТЕ ПОЛИТИКИ 104**

**4.4.1. СОЗДАВАЊЕ НА СРПСКА НАЦИЈА 104**

**4.4.2. СРПСКИТЕ ВОСТАНИЈА 109**

***4.4.3.* ,,НАЧЕРТАНИЈЕ" 115**

**4.5.СРПСКО-АВСТРОУНГАРСКИТЕ ОДНОСИ 121**

**4.6.АТЕНТАТОТ 143**

**4.7.АВСТРОУНГАРСКАТА СТРАНА 151**

**4.8.СРБИЈА НАСПРОТИ АВСТРО-УНГАРИЈА И ДИЛЕМАТА НА ЗАТВОРЕНИКОТ 159**

**4.9.ЗАКЛУЧОК 162**

**5.СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ БР. 2. ГЕРМАНИЈА VS ЧЕХОСЛОВАЧКА 171**

**5.1. ЧЕХОСЛОВАЧКА, ВНАТРЕШНИ СОСТОЈБИ И НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ 173**

**5.2. ГЕРМАНИЈА, ВНАТРЕШНИ СОСТОЈБИ И НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ 183**

**5.3.ПОЛИТИКАТА НА ФРАНЦИЈА И БРИТАНИЈА 192**

**5.4. ТЕОРЕТСКАТА РАМКА НА „ДИЛЕМАТА НА ЗАТВОРЕНИКОТ" 207**

**5.5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 217**

**6. ЗАКЛУЧОК 229**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 240**

*„Мора да се формира општа асоцијација на нации под специфични завети со цел давање заемни гаранции за политичка независност и територијален интегритет, како на големите така и на малите држави“*

Вудро Вилсон
*Претседател на Соединетите Американски Држави (1913-1921 год.) и добитник на нобеловата награда за мир*

## ПРЕДГОВОР

Господ ми подари три деца на кои воедно им ја посветувам оваа книга.

Најголемото од нив е ќерка ми на 9 год. Таа во повеќе наврати ми бараше да ѝ купам една играчка спакувана во едно детско јајце со шарени бои, но истата ја немаше во ниту една продавница. Случајно успеав да ја најдам и веднаш ѝ ја купив. Среќен, веднаш штом влегов дома ѝ ја покажав на ќерка ми. Но, тогаш почна проблемот. Мојот син кој има одвај 3 години кога ја виде новата играчка веднаш ја посака. Гледајќи ја неговата реакција и мојата најмала 2-годишна ќерка реагираше исто, а јас имав само една играчка. Најмалата ќерка ја зеде играчката прва. По ова мојот син ја турна и на сила ѝ ја зема куклата, а најмалата ќерка почна да плаче. Јас реагирав веднаш, му свикав и му ја зедов играчката, по што и тој почна да плаче. Резултатот од моето изненадување беа две расплакани деца, а мене ме болеше главата. Дополнително и мојата најголема ќерка не беше најсреќна зашто од двете помали деца не можеше да дојде на ред да си

поигра со играчката која впрочем беше наменета за неа. Во еден момент ми кажа дека ако треба и на сила ќе си ја земе играчката и нема повеќе да чека јас да ја решам оваа ситуација.

По оваа случка јас научив значајна лекција. Оттогаш наваму кога и да купувам играчка гледам да има три – по една за сите деца или воопшто не купувам. И мојот син научи значајна лекција. Имено, пред да се реши да ѝ земе нешто на сила на мојата најмалечка ќерка, најпрвин погледнува дали сум присутен и јас. Доколку сум присутен не го прави тоа, но честопати кога не сум присутен повторно се случува најмалата ќерка да заплаче. Поентите се јасни. Кога нема доволно ресурси (или нема подеднакво за сите) државите ќе влезат во конфликт помеѓу себе и притоа секоја од нив ќе верува дека има право во истиот. Впрочем и моите деца веруваа дека секое од нив има право на играчката која за жал беше само една. Второ, пробајте да замислите дека моите деца се всушност држави во еден хаотичен меѓународен систем каде што посилниот му прави што сака на послабиот, а единствено јас воведувам ред, односно јас сум некаква меѓународна организација, како на пр. ООН. Кога ООН сака и може да реагира го воспоставува редот, но кога ООН тоа не го прави мошне е веројатно дека редот ќе се воспоставува по патот на силата. Дополнително, мене ми е многу полесно да реагирам, зашто јас не сум навистина ООН кој за да реагира мора да помине низ соодветна процедура и согласност од својот орган наречен совет за безбедност кој пак е составен од држави членки.

Сепак, во меѓународните односи постои и една невидлива рака која го креира редот и поредокот, дури и во минатото кога воопшто не

постоеле ООН или неговиот претходник. Тоа се вика баланс на силите. Така син ми ќе употреби сила кон ќерка ми секогаш кога ќе посака за да ја оствари својата цел, но затоа пак таа има сојузник во мене кој тоа не му го дозволува. Токму заради постоењето на овој баланс на силите, секоја помоќна држава не ја напаѓа секоја од нејзе послаба држава. Можните реакции на нивните сојузници или пак на другите држави секогаш мора да се земаат предвид, зашто ниту една држава не е доволно моќна да биде против сите други истовремено.

**Клучни зборови:** *мала држава, мала сила, голема држава, голем сила, сојуз, затвореничка дилема, безбедносна дилема*

# 1.ВОВЕД

Главната цел на оваа книга е да извлечеме определени заклучоци во однос на однесувањето и изборите кои ги прави една мала сила соочена во директна конфронтација со голема сила. Оваа книга ќе ја започнеме со делот кој се обидува да направи разлика помеѓу поимите на мала и голема држава, како и мала и голема сила. Откако начелно ги поставивме овие контури ќе направиме студии на случај на директен судир помеѓу мала и голема сила и ќе се обидеме да извлечеме соодветни заклучоци. Претходново особено ќе биде прикажано во светлото на теоретската рамка на структурниот реализам и неговата примена во пракса. Ќе се обрне внимание и на постоечката дебата помеѓу дефанзивните и офанзивните реалисти, балансот на силите и функционирањето и карактеристиките на асиметричните сојузи составени од мала и голема сила. Ќе се обидеме и да извлечеме соодветни заклучоци за изборите и можностите на малите сили преку употреба и на теоретската рамка на затвореничката дилема и секако безбедносната дилема. Сето ова ќе биде направено преку анализа на текстот насловен како *Мелијанскиот дијалог* и обработка на две конкретни студии на случај. Конкретните студии на случај го опфаќаат судирот помеѓу (1) Србија и Австро-Унгарија пред Првата светска војна и (2) Чехословачка и Германија пред Втората светска војна. На ваков начин ќе можеме да го анализираме справувањето на малата сила во конфликт со голема сила во соодветната историска констелација на меѓународните односи сочинети од повеќе големи сили и непостоење на некој вид на светска универзална меѓународна организација

(светот пред Првата светска војна) и постоење на повеќе големи сили и постоење на светска универзална меѓународна организација (светот по Првата светска војна). На овој начин се надеваме дека ќе одговориме соодветно на сет прашања, како што се: Што влијаеше повеќе, а што помалку во изборите на раководствата на државите? До кој степен имаат улога внатрешните капацитети на малите сили, а до кој степен надворешните сојузништва во обезбедувањето на безбедноста на истите? Кој е во право во поширокaта дебата помеѓу дефанзивните и офанзивните реалисти? и др. Книгата е пишувана на таков начин што ќе има можност да биде користена како практикум за секој студент по меѓународни односи, но и да биде четиво за уживање за секој читател кој нема допирни точки со оваа наука но едноставно ужива во историските случувања. Деталната теоретската рамка следи во наредниот дел. Нашите заклучоци покажуваат дека дефинирањето и разграничувањето на поимите како: мала држава, мала сила, голема држава и голема сила е можно и е потребно. Понатаму, пропагандата во ситуациите кои ги обработуваме секогаш е од големо значење и постои во сите историски епохи (нормално на различни начини). Огромно (ако не и пресудно) влијание за крајниот исход ќе игра некоја трета држава-сојузник на малата сила со одлуката за нејзино вмешување или невмешување во конфликтот (многу повеќе согласно со нејзините проценки наспроти некакви дадени претходни ветувања). Голема улога во одлуката на агресорот за започнување на агресијата имаат внатрешните проблеми и политики, при што многу често на интервенција надвор се гледа како инструмент за решавање на проблеми внатре. Исто така, се покажа

дека државите се однесуваат согласно со контурите на дефанзивен реализам во моментите кога практично на тоа се принудени за повторно да се однесуваат согласно со контурите на офанзивниот реализам кога за тоа ќе имаат можност. Конечно, кога е на повидок нарушување на балансот на силите на сметка на една конкретна држава тоа е еден вид аларм за другите држави (особено соседните) да се вклучат во таа идна прераспределба, зашто во спротивно истата ќе биде направена и без нив (и индиректно и на нивна штета во крајна мера).

## 2.ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОИМТЕ ,,МАЛА ДРЖАВА” И ,,МАЛА СИЛА”

Сметаме дека дефинирањето на поимите од насловт е и можно и пожелно а со цел да служи како алатка во науката на меѓународните односи. Нашата основна забелешка во досегашната теоретска работа кај авторите кои се занимаваат со оваа проблематика е фактот што во најголем број од случаите  каде се обидуваат да дадат дефиниција поаѓаат од погрешната претпоставка дека тој поим (секогаш) е ист со поимот ,,мала сила” и практично не прават разлика помеѓу двата поими.  Имено, науката за меѓународни односи честопати оперира со синтагмите како мала/голема држава, мала/голема сила и сл. Со цел да претходниве синтагми да можат да се користат како соодветни аналитички алатки, бројни автори се обидувале и се обидуваат да ги дефинираат. Во најголем дел од овие дефиниции се тргнува од погрешната претпоставка дека мала држава е идентичен поим со држава со мала моќ односно сила. Токму првиот дел од овој труд се занимава со досегашната работа на бројни автори кои работеле на темата. Иако нивниот придонес е неспорен во конкретнава проблематика сепак сметаме дека мора да се направи јасна дистинкција помеѓу двата горенаведени синтагми и дека тие во одредени случи може да се идентични но исто така во добар дел од случаите и не се. Токму со ова прашање се занимава вториот дел од овој труд кој ги дава двете варијабли по кои може да се дефинира поимот мала/ голема држава во современиот меѓународен систем. Со цел решавањето на проблемот се користиме пред се со

легислативниот (правниот) концепт на дефинирање на држава според меѓународното јавно право. Претходново важи пред се во обидот да се дефинира и разграничи поимот мала/голема држава. Во понатамошниот труд, поточно во неговиот трет дел се анализира и концепт на моќ, а од со цел утврдување и разграничување на разните видови на сили кои постојат во меѓународниот систем, како држава без некоја сила, држава мала сила, држава голема сила и конечно држава супер сила. Претходново исто така се анализира од аспект на бројните варијабли кои ја дефинираат одредена држава како повеќе или помалку моќна што пак може да биде комплетно независно од фактот дали државата е мала или голема согласно нашата предложена дефиниција. Како сублимат од претходното се даваат јасни контури за дефинирање на поимите на мала/голема сила и нивно јасно разграничување од поимите на мала/голема сила.

## 2.1.Теоретска Расправа

Постојат бројни обиди да се дефинира синтагмата мала држава. На самиот почеток можеме да ја искористиме работата на авторите кои го дефинираат поимот на обратен начин. Така наместо да кажеме што е тоа мала држава ние можеме да кажеме што е тоа што малата држава не е. Така, малите држави не се големи (моќни) сили па оттука малите држави се сите држави кои не се големи (моќни) сили. Иако овој пристап е прилично широк, сепак може да биде од помош на почеток зошто повеќе или помалку се знае кои се големите сили. Со други зборови, големите сили се оние кои се способни да направат одредена разлика во

меѓународниот систем и да ги променат правилата на игра, па оттука малите држави се спротивно од ова, односно неспособни да направат разлика и да ги променат правилата на игра (Archer, Bailes and Wiver, 2014). Сепак мора да напоменеме дека исто така постои и долга дебата за утврдување на прецизна концептуализација и дефиниција на поимот голема сила (Organiski 1958, Modelski, 1974, Waltz, 1979 или Mansfield, 1993). Според одредени автори тоа се државите кои играат главна улога во меѓународната политика во делот на безбедносните прашања. ,,Воената моќ, иако е важна, не е единствената нивна карактеристика. Големите сили се распознаваат преку нивните континентални/глобални, а не локални/регионални интереси, нивната способност да проектираат воена сила надвор од своите граници, нивната подготвеност да ги застапуваат своите интереси поагресивно, нивниот непропорционален ангажман во сојузи и војни, како тоа што други сили што ги перципираат како големи (моќни) и преку нивната идентификација како голема сила на меѓународни конгреси, организација или договор." (Levy, 1983, p.10-19). На слични позиции се и останатите автори како на пример Фокс, според кој, додека големите сили вршат влијание врз широк простор, малите сили се речиси по дефиниција "локални" сили чии барања се ограничени на сопствените области. (Fox, 1959). Сепак, како што веќе погоре напоменавме, многу е полесно да се лоцираат големите сили зошто науката веќе ги има детектирано во конкретни меѓународни системи и временски периоди. Така на пример, во меѓународниот систем пред првата светска војна постоеја шест големи сили, во системот по втората светска војна постеа две супер

сили а во системот по студената војна една супер сила.[1]

Одредени автори се обидуваат да бидат попрецизни во обид да дадат дефиниција на поимот мали држави. Сепак сметаме дека она што всушност го прават е комбинирање на претохните две варијабли, односно, (1) мали држави се оние кои не се големи сили и (2) ова е така зошто малите држави не се способни да наметнат разлика и промена на правилата во меѓународниот систем. Значи мали држави се оние кои немаат способност да наметнат разлика и промена во меѓународниот систем и воедно токму заради тоа се мали држави. Така во оваа насока се и одредени автори кои сметаат дека ако големите сили ги променат своите политики ова ќе влијае врз условите кај креаторите на политиките на малите држави (Thorhallsson and Wivel, 2006). На слични позиции се и други автори. Така, според некои од нив, малите држави мора да се адаптираат на промените кои големите сили ги наметнуваат во системот (Mouritzen, 1996). Практично малите држави се тие кои мораат да се адаптираат на промените наметнати врз меѓународниот систем од страна на големите сили бидејќи тие самите не се способни да направат било каква промена на ниво на меѓународен систем а согласно нивните национални интереси. Во овој правец е и Jaquet, според кого мала држава е државата која не е способна да го наметне својот политички или национален интерес преку употреба на политика на моќ на глобално па и на регионално ниво (Jaquet, 1971). Други автори се исто така на слични позиции и сметаат дека слабоста на малите

[1] Постои разлика помеѓу голема сила и супер сила. Види подолу.

држави се препишува на нивните квантитативни карактеристики како мала територија, популација, економија и прилично ограничени воени капацитети. Сето ова ги прави неспособни да ги одбранат сопствените национални интереси преку политички или воени алатки (Vaicekauskaite, 2017), односно малите држави се конзументи а не создавачи на безбедносната политика "(Army, 1964). Повторно, ја сретнуваме истата логика, односно, малите држави се тие кои не можат да направат промена во меѓународниот систем со цел да си ги одбранат сопствените национални интереси преку употреба на политички или воени алатки а токму оваа карактеристика ги сместува во групата на мали држави.

Постојат и автори кои даваат поинаква димензија на дефинцијата за мали држави. Така, се смета дека елитите (креаторите на политиката) во малите држави не очекуваат дека можат да направат значаен исчекор делувајќи самостојно или дури и во мали групи во однос на безбедноста. Токму претходново ги дефинира како мали држави. (Keohane, 1969). Иако оваа дефиниција не е премногу различна од претходно споменатите варијабли, сепак овде акцентот е ставен врз субјективниот елемент, односно, државните елити не очекуваат да направат разлика. Честопати истиве елити го користат овој аргумент како оправдување на определени свои политики. На многу слични позиции е и Rothstein според кого малите држави ,,признаваат дека не се способни да уживаат безбедност без да се потпираат на други држави, институции или ресурси, но оваа неспособност исто така треба да биде призната и од други држави” (Rothstein, 1969, p. 29). Сепак, тој го вклучува и

елементот на објективност со тоа што бара перцепцијата на државната елита од малата држава да биде и перцепција на другите држави. Според Wiberg пак, скоро секоја држава во светот може да се класифицира како мало држава од аспект на безбедносна перспектива (Wiberg 1996).

Одредени автори пак, го апострофираат елементот на односот (релацијата) помеѓу државите како клучен во дефинирањето на малите држави. Така, според нив, малата држава ја има карактеристиката на послабата страна во еден асиметричен однос и не е способна да  ја измени природата на функцијата на овој однос (Archer, Bailes and Wivel, 2014). Мала држава е држава која не може да се справи со војна со моќна држава на еднакви основи." (Vandenbosch, 1964). Во овој правец е и Bjol според кого ,,сам по себе концептот на мала држава не значи ништо. Државата е мала само во однос со поголема. Белгија можеби е мала држава во однос на Франција, но Луксембург е мала држава во однос на Белгија, а Франција е мала држава во однос на САД.” (Bjol, 1971, p.29). Слично размислува и Handel според кого ,,Позицијата и релативната сигурност на секоја слаба држава мора да се оцени во однос на специфичниот меѓународен систем во којшто функционира... Дури и во истиот период на историјата, слабите држави што се наоѓаат во различни области имаат различни соседи и на тој начин се соочуваат со различни проблеми... Не Русија, туку арапските држави се најголемата опасност за Израел (и обратно). За Индија тоа беше Пакистан отколку Кина... Затоа, кога станува збор за способноста или неможноста на слаба држава да се одбрани, мора веднаш да праша: "Против кого?" (Handel,1981,p.37).

Претходниве автори ја дефинираат малата држава само во специфичен и конкретен однос помеѓу две држави (или група на држави) но не и во општа смисла. Сметаме дека ова не е до крај исправно становиште. На пример, несомнено, Чехословачка беше мала држава (според претходниве дефиниции) во однос со нацистичка Германија во периодот меѓу двете војни, меѓутоа гледајќи општо, во истиот временски период постоеја други помали држави од Чехословачка. Оттука кога зборуваме за однос помеѓу две држави сметаме дека би било мудро да се користи синтагмата помала или значително помала наместо мала, зошто овде станува збор само за билатерален однос.

Иако во истиот правец, ја сметаме дефиницијата на Knudsen, како многу подобра. Според него, релациите, а не големината, се одлучувачкиот фактор што може да помогне во дефинирањето под одредени околности (Knudsen, 1996). Забележливо е дека тој зборува за релации наместо за релација односно билатерална врска или однос. Така на пример, се работеше за конкретните релациите помеѓу СССР, Нацистичка Германија и Полска, што ја направи Полска помалата држава под овие специфични околности. Теоретски, ако немаше договор за поделба на Полска помеѓу овие две големи сили, веројатно работите ќе беа поинакви за Полска. Во овој правец Jurkynas, прави навистина добра поена кога го истакнува историскиот или географскиот контекст како многу значаен а особено ако ги определува асиметричните релации (Jurkynas, 2014).Претходново има многу смисла зошто историјата честопати се користела за да се оправдаат одредени потези на државите а можеме

само да ги замислиме релациите помеѓу нацистичка Германија, Полска и СССР ако Полска теоретски не беше лоцирана географски помеѓу овие две големи сили туку некаде далеку од нив.

Интересно е да се забележи дека одредени автори ја сметаат дефиницијата за мали држави како непотребна или дури невозможна и без никаква аналитичка вредност зошто многу држави потпаѓаат под овој заеднички детерминатор на мала држава (Baehr, 1975). Според автори како Baker Fox, David Vital стриктна дефиниција не е неопходна. Според други пак, заедничка дефиниција за мали држави не пости зошто оваа синтагма е дефиниран од односите на силата и квантитативните фактори кои ги детерминираат ограничувањата и способноста на малите држави да имаат влијание во одлуките на безбедносна политика (Vaicekauskaitė, 2017).

## 2.2.Определеување на поимот ,,мала држава"

Имајќи го во предвид претходните дефиниции го предлагаме и нашето поимање на поимите на мала држава и мала сила (small power). Сметаме дека многу често најголем дел од претходните дефиниции прават грешка заради тоа што тргнуваат од погрешната претпоставка дека овие две синтагми се едно исто. Заради ова ние предлагаме пристап според кој се прави јасна разлика помеѓу овие синтагми и објаснуваме во што истата се состои. За да се справиме со овој проблем ќе се користиме пред се со легислативниот (правниот) концепт на дефинирање на држава според меѓународното јавно право. Така, секоја држава (без разлика дали е голема или мала, моќна или не, развиена или во

развој итн.) има четири белези. Имено, мора да има сопствена државна територија (при што големината на таа територија е ирелевантна како детерминанта за утврдување на овој белег), сопствено постојано население (повторно бројноста е ирелевантна), сопствена суверена власт (влада која е способна да ја владее територијата и да ги спроведува законите) и конечно да поседува капацитет да влегува во односи со други држави односно да ги менаџира надворешните работи (кон другите држави и меѓународни организации) (Маролов, 2019). Овде ќе ги искористиме првите два белези како варијабли а со цел да дефинираме мала/голема држава, додека пак останатите два белези очигледно се поврзани со концептот на моќ и ќе ги оставиме за подоцна (види подолу). Едноставно можеме да кажеме дека мала држава е било која држава која има мала територија и население. Точните параметри за тоа што ќе се смета за мала територија и население мора дополнително прецизно да бидат утврдени на определена меѓународна конференција свикана за таа тема.[2] За почеток, малку произволно, а во служба на правење на поента во однос на дефинирање на поимот, можеме да предложиме дека мало население е населението помало од 10 милиона. Исто така помалку или повеќе произволно можеме да предложиме и претпоставиме дека мала територија е секоја територија под 200.000 km2. Значи, ако еднаш утврдиме што е тоа мала територија и население ќе ја имаме и дефиницијата за мала држава. Многу е важно да се напомене дека една ваква дефиниција ќе биде целосно применлива

---

[2] Слично со примерот на Меѓународната конференција за статистика од 1987 год. на која беше заклучено дека големите градови се сите градови кои имаат над 100.000 жители

само во еден конкретен (сегашниот современ) меѓународен систем зошто разните меѓународни системи низ разни периоди на историјата имаат свои специфики па оттука значењето на двете варијабли по кој ја даваме дефиницијата ќе има различна тежина. Доволно илустрирачки е фактот што светската популација беше значително помала во минатото од она што е денес. Оттука значењето на варијаблата за население варира низ историјата.

Сепак, во реалноста честопати ќе се најдат примери кои отстапуваат од идеално замисленото теоретско дефинирање. Таков е случајот и со нашата дефиниција. Според ислутрацијата бр.1 ние генерално можеме да кажеме дека сите држави во светот кои имаат население под 10.милиона и под 200.000 km2 територија се во групата на мали држави.




Илустрација бр.1

Популацијата почнуваќки од 1 човек па нагоре
Територија почнувајќи од 1km2 па нагоре

Сепак во пракса лесно ќе се најдат примери на држави како на пр. државата А која може да има територија од 250.00 km2 но популација од 7 милиони население. Овој случај, според нашата дефиниција треба да биде решен на тој начин што ќе се каже дека државата А треба да биде сметана за голема држава според својата територија но мала според своето население. Таков пример е Кралството Данска[3] кое е прилично големо во смисла на територија околу 2,220,930 km2, но има прилично мал број на население од околу 6 милиони.

Воедно треба да се нагласи дека иако според предложената дефиниција ние ќе бидеме во состојба да ги поделиме државите на мали и големи сепак ова не значи дека внатре во конкретната група нема да има големи варијации помеѓу припадниците на истата група. Така на пример одредена држава може да припаѓа во групата на големи држави но да има значително помало население или територија во споредба со други држави припаднички во истата група. Исто така, треба да се истакне дека овие две варијабли не се статични и можат да бидат динамични, особено населението како таква. Така, една држава може да има мало население кое со тек на време се зголемило и обратно. Истово (иако во помала мера) важи и за територијата како варијабла и промените до кои може да се дојде преку процеси како дисолуција, обединување и сл. Можна е и ситуација да одредена држава се наоѓа на самата граница (според однапред фиксираните варијабли) помеѓу мала и голема држава. Таков пример би бил

[3] вклучувајќи го и автономниот остров Гренланд кој е под Данска управа

кога определена држава има на пр. население од 10. милиона и 500.000 жители, а територија од 210.000 km2. Ваквата ситуација ќе биде разрешена преку аналогија на примена на легалистичкиот пристап од националното право кое смета дека личност со наполнети 18 години е полнолетна личност без разлика на фактот што има наполнето само 18 год. и одвај 6 месеци на пример.

Уште еднаш напоменуваме дека се обидуваме да дадеме рамка за дефинирање на мали/големи држави на глобално ниво во денешниот современ меѓународен систем. Претходново е потребно да се направи со цел да може да се користат претходните синтагми како аналитичка алатка. Исто така, како што веќе напоменеме, ова не значи дека се уште не можеме да ги компарираме државите помеѓу себе без разлика дали тоа го правиме со држави припаднички на иста или различна група. На пример билатерално се уште можеме да ги споредиме Франција и Белгија, при што очигледно Франција е поголемата држава а Белгија помалата. Меѓутоа она што ние го предлагаме при ваквиот начин на споредување е дека поправило би било да се користи синтагмата помала/поголема или многу (значително) поголема/помала од синтагмата мала/голема зошто ова веќе се однесува на една од двете групи држави согласно нашата предложена дефиниција на глобално ниво, а овде имаме само билатерално компарирање. Уште подобар пример би биле Франција со САД. Така Франција е помалата држава од САД, но не е мала држава согласно нашата дефиниција на глобално ниво. Претходново важи и за компарација помеѓу повеќе држави на пример од еден регион. Така компарирани помеѓу себе

државите може да се отприлика со слична големина на население и територија при што да постои една држава во тој исти регион која компаративно со другите од тој регион е значително поголема, но сепак сите овие држави се уште да припаѓаат на истата групата мали држави согласно нашата предложена дефиниција.

### 2.3.Мала, голема и супер сила

Ги искористивме првите два белези како две варијабли со цел да ја дефинираме синтагмата мала држава и да направиме разлика од голема дражва. Она што ќе се обидеме во овој дел е да ги искристиме останатни два белези на државата со цел да ја определиме и синтагмата мала/голема моќ односно сила. (small/big power). За потсетување, останатите два белези се однесуваат на имањето на сопствена влада која има полн капацитет кон внатре и кон надвор во однос на надворешните работи. Оттука доколку владата не е способна да ги спроведе сопствените закони внатре во државата излишно е да зборуваме за некој нејзина моќ во надворешната политика и се доведува во прашање статусот на конкретната држава како држава. Меѓутоа она за што ние најмногу сме заинтересирани е колкава е моќта на конкретна влада кон надвор и како тоа да се определи. Во прилог се мислењата на повеќе автори. ,,Мерката за моќта на државата е капацитетот на владата да ги насочува другите држави - или владите - да ги следат линиите на однесување или надворешната политика што инаку не би ги следеле; Алтернативно,

тоа е капацитет кој има намера да го одврати од курсот за кој се чини дека нивниот националниот интерес или интересите на нејзиниот водач го бара." (Vital, 1967, p.37). Според одредени автори не е возможно да се дефинира концептот на моќ се неколку реченици зошто е субјективен на перцепцијата или разбирањето на секоја лчичност или група или држава вклучена во тој однос. (Baldwin, 1979.) Според Моргентау, политичката моќ е психолошка поврзаност меѓу оние кои ја спроведуваат и оние над кои се спорведува (Morgenthau, 1973). "Моќта може да се смета како способност на актерот да ги натера другите да направат нешто што инаку не би го направиле" (Keohane and Nye, 1977, p.11). "Моќта ... е способноста да се влијае врз однесувањето на другите во согласност со сопствените цели ... Постои аспект на моќ во секоја врска". (Organski, 1968, p.104). ,,Постојат најмалку три различни значења на моќ; моќ да убедиш некого да направи нешто што сакаш да го направи, моќ да убедиш некого да не прави нешто што не сакаш да го направи, и моќ да не го правиш она што некој сака да правиш." (Bjol, 71,p.29).

После прегледот на одредени дефиниции за терминот моќ можеме да го поставиме прашањето што ја чини моќта или поточно во нашиот контекст, што ја чини одредена држава моќна? Во обид да го одговориме претходното прашање можеме и мораме да земеме повеќе варијабли во предвид како на пример ресурсите со кои располага државата, степенот на развој, економијата, воените капацитети, дипломатијата, историја, геостратешката положба и значење во определен момент на односи на силите во меѓународниот

систем итн. Всушност, врската помеѓу овие варијабли ја прави државата моќна или не. Така, знаеме дека различните ресурси се нееднакво распределени ширум светот. Тоа практично значи дека одредени држави ќе имаат повеќе ресурси (квантитативно и квалитативно) на нивната територија од други. Некој може да тврди дека колку поголема е државата (во територија) толку повеќе ресурси ќе има. Но, претходново воопшто не е апсолутна вистина, а вистината е дека колку е поголема територија толку се поголеми шансите за повеќе ресурси но тоа е се. На пр. мала држава како Кувајт е многу богата со нафтени извори додека пак многупати поголемото Мароко е половина пустина. Сепак, треба да се напомене дека не постои директен линк помеѓу ресурсите и моќта. Односно не значи по автоматизам дека ако една држава е богата со разни ресурси дека во исто време е и моќна или пак на пр. дека нејзините граѓани живеат во благосостојба. Така, одредена држава може да е богата со природни ресурси но истите да бидат во пракса експлоатирани од помоќни држави како што имаме бројни примери во државите поранешни колонии во Африка. Можеме да заклучиме дека една работа е да имаш ресурси, а друга како (и дали) ќе ги користиш. Ако се користат за трговија или продукција ќе помогнат во градење на силна национална економија што пак е друга варијабла. Иако многу потешко, и држава со мали ресурси може да развие силна економија базирана на пр. на туризам, даночен рај законодавство итн. Од друга страна пак, силната економија сама по себе не значи и силна дипломатија и/или војска иако може да значи определено влијание врз другите држави преку финансиски заеми инвестиции и сл. Сето ова

многу зависи и од начинот на носење на одлуки во државата и самото државно лидерство на ко начин ќе ги користи бенефитите од силната економија. Ако соодветна сума се троши на креирање на силна дипломатија и современа и опремена воена армија, тогаш државата ќе добие повеќе моќ во меѓународните односи без разлика дали е мала или голема. Сепак работите не се едноставни и државното лидерство не секогаш е толку слободно при носење на одлуките и изборите кои ги прави. Овде секако дека во предвид мораме да ја имаме и специфичната историја на државите и уште повеќе нивната геостратешка позиционираност. Така на пр. Државата Израел заради историски прични и географска позиционираност помеѓу непријателско настриените арпаски држави повеќе или помалку е принудена да одвојува добар дел од својот буџет на своето министерство за одбрана но и на своето министерство за надворешни работи.

Значи, може да заклучиме дека комбинацијата помеѓу различни варијабли ја прави одредена држава моќна или не. Поточно, поседувањето ресурси, односно начинот на нивното искористување, во корелација со степенот на економска развиеност и пред се, одлуките на државното раководство за степенот на инвестирање во војска и дипломатија, а притоа земајќи го во предвид историскиот и геостратешкиот контекст и моментум, ја прават конкретната држава да биде моќна или, без разлика дали станува збор за мала или голема држава. Имено, одредена држава може да биде мала но тоа не значи дека во исто време е и мала сила и обратно, ако одредена држава е голема не значи дека е и голема сила. Понатаму, големината не ја спречува државата да го

проширува своето влијание врз меѓународните политики (Vaicekauskate, 2017). Така, додека дефиницијата за мала/голема држава зависи и се определува преку варијаблите на територија и население, синтагмата мала/голема моќ зависат и се определуваат преку други и бројни варијабли во определена меѓусебна врска во конкретен меѓународен систем. ,,Маленкоста за која зборуваме за мала сила е маленкост во меѓународното општество кон ќе припаѓаат." (Wight, 1978, p.61) Нашите позции осбено се слични со Sweijs кој претпочита да го употребува синтагмата ,,мала сила" наместо ,,мала држава". Тој исто така смета дека воената моќ вариа од ера во ера. (Sweijs,2010)

Денес, во современиот меѓународен систем (согласно легалистичкото - формално правното гледиште) сите држави се барем, формално правно, еднакви (како што пак сите граѓани се формално правно еднакви во една држава во однос на своите права и обврски). Претходново се рефлектира во дипломатското и конзуларното право каде на пр. сите амбасадори треба да бидат подеднакво третирани од државата на прием без разлика на државата која ја преставуваат. (Виенска конвенција за дипломатски односи, 1961). Или пак начинот на донесување одлуки во бројни меѓународни организации каде секоја држава има права на еден глас како на пример во генералното собрание на ОН. Воедно, секоја држава има право и задолжение да ги спроведува сопствените закони внатре во самата држава (што всушност е еден од белезите над државност). Исто така можеме да тврдиме дека секоја држава има капацитет да, барем влијае во некаков степен, во билатералните односи со своите соседи. Ако го сублимираме претходново можеме да

заклучиме дека секоја држава денес има определен степен на моќ (внатре кон своите граѓани и надвор преку своите дипломати и членство во меѓународни организации и начин на однесување во билатералните односи). Меѓутоа токму поради фактот дека сите држави ја имаат оваа минимална моќ, таа и не е некоја моќ туку едноставно нормална моќ која се подразбира за секоја држава мала или голема и можеме да ја означиме како држава без некоја сила. Нормална моќ има на премер Хрватска но и Нигер. Најголем број од државите денес ја имаат само оваа моќ односно се држави без некоја сила.

Покрај фактот дека сите држави имаат нормална моќ односно се држави без некоја сила, сепак одредени држави се помоќни од другите и имаат капацитет поголем од можноста да само влијаат врз билатералните односи со соседите. Понекогаш одредена држави е способна да преземе дејствија кои можат да влијаат и врз поширокиот регион (без разлика на природата на конкретното дејство и влијание кое може да биде дипломатско, економско, воено, културно, религиско и сл.). Овие држави имаат еден степен повеќе моќ од останатите држави кои се без некоја сила. Овие држави се држави со мала моќ односно држави мали сили.

Инаку, голема сила, од друга страна би била државата со голема моќ, односно држава која може да влијае во различни делови на светот па дури и надвор од сопствениот регион и континент. Меѓутоа, после втората светска војна веќе можеме да зборуваме и за супер сила. Основната разлика помеѓу голема сила и супер сила е тоа што супер силата покрај тоа што ги има сите атрибути на

голема сила воедно поседува и нуклеарно оружје. Претходново се поклопува со легалистичката концепција на меѓународното право кое признава право на вето само на 5те постојани членки на советот за безбедност при ОН што пак се држави кои имаат нуклеарно оружје. Секако, поседувањето на оргомна територија исто така е една од карактеристиките. Повторно напоменуваме дека ваквото дефинирање и групирање не значи дека тврдиме дека внатре во една конкретна група не постојат значителни варијации во однос на моќта помеѓу државите од иста група. Супер сили на пр. се САД, Русија, ОК, Франција и др.




Илустрација бр.2
Најголем број од државите во светот се нормални (Н), некои се држави со мала сила (М), и само неколку се големи сили (Г) но истите имаат и подгрупа наречена држави - светски сили (С)

Претходната тврдење е прилично теоретско и служи пред се за да иницира други погледи за понатамошна класификација. Најважно, ја прави поентата дека помиот на мала држава не секогаш е исто со помиот на мала сила. На пр. Ватикан е мала држава (дури е микро држава како подгрупа во групата на мали држави) но во многу нешта е голема сила по однос на своето влијание ширум светот. Луксембург е многу мала држава но истовремено може да се смета за побезбедна држава од многу поголеми држави зошто е член на НАТО пактот. Малта е мала држава но можеме да ја сметаме да дипломатски и економски помоќна од многу други поголеми држави зошто е дел од ЕУ. Концептот на мала сила има привлечено многу помалку истражувачки од концептот на мала држава. Многу често, двата концепти се перципираат како повеќе или помалки идентични. Токму затоа е неопходно аналитички да се рзграничат двата концепти. Меѓутоа таквата подлеба воопшто не е едноставно да биде направена (Amstrup, 1968).

## 2.4.Заклучни согледби

Прегледот на постоечката литература која се занимава со дефинирање на поимите мала и голема држава ни открива дека најголем број на авторите ги темелат своите дефиниции на база на две варијабли. Првата која вели дека мали држави се оние кои не се големи, и втората која вели дека малите држави се оние кои не се способни да наметнат промена на правилата на игра во меѓународниот систем па она што им преостанува е да се адаптираат на истиот. Додека пак други автори

сметаат дека мали држави се они кои како такви се доживуваат од сопствените елити кои со нив управуваат но и како такви се доживуваат од останатите држави. Има и автори кои сметат дека мали држави можат да се дефинираат и препознаат само во конкретен билатерален компаративен однос. Ние овде сметаме дека нема ништо спорно во компарирање на државите но не би требало да се употребува синтагмата мала држава во овој контекст од причини што овде станува збор за билатерален однос а ние предлагаме утврдување на група мали и група големи држави на глобално ниво. Исто така од прегледот на постоечка литература може да се заклучи дека постои и група на автори кои сметаат дека дефинирањето на поимот мали држави е невозможно па дури и непотребно да се направи. Нашите ставови се сосема спротивни од последново. Имено, поаѓајќи од пред се, легислативниот (правниот) концепт на дефинирање на држава според меѓународното јавно право кој тврди дека секоја држава мора да има четири белези за да воопшто биде држава ние го предлагаме начинот на дефинирање на овој поим. Имено станува збор за сопствена државна територија, сопствено постојано население, сопствена суверена власт и конечно да истата поседува капацитет да влегува во односи со други држави односно да ги менаџира надворешните работи. Во обидот да дефинираме поимот на мала држава ние ги користиме првите два белези на државноста како две варијабли, додека пак останатите два белези очигледно се поврзани со концептот на моќ односно сила. Едноставно можеме да кажеме дека мала држава е било која држава која има мала територија и население. Точните

параметри за тоа што ќе се смета за мала територија и население мора дополнително прецизно да бидат утврдени на определена меѓународна конференција свикана за таа тема. Многу е важно да се напомене дека една ваква дефиниција ќе биде целосно применлива само во еден конкретен (сегашниот современ) меѓународен систем зошто разните меѓународни системи низ разни периоди на историјата имаат свои специфики па оттука значењето на двете варијабли по кој ја даваме дефиницијата ќе има различна тежина. Во однос на утврдувањето на поимот мала/ голема сила може да заклучиме дека комбинацијата помеѓу различни варијабли ја прави одредена држава моќна или не. Поточно, поседувањето ресурси, односно начинот на нивното искористување, во корелација со степенот на економска развиеност и пред се, одлуките на државното раководство за степенот на инвестирање во војска и дипломатија, а притоа земајќи го во предвид историскиот и геостратешкиот контекст и моментум на распоредот на силите во меѓународните односи, ја прават да биде моќна или, без разлика дали станува збор за мала или голема држава. Во однос на видовите на сила ние државите ги поделивме на држави без некоја сила, држави мали сили, држави големи сили и држави супер сили (како дел од големите сили). При ова основен критериум ни беше степенот на моќ, односно можноста и капацитетите на влијание од најразличен вид. При ова можеме да заклучиме дека денес најголем број на државите се без некој моќ, помал дел се држави мали сили, а само помал дел се држави големи сили. Како сублимат на крај можеме да заклучиме дека дефиниција на поимот мали држави е можна и потребна како и негова

дистинкција од поимот на мала сила. Односно, мала држава е едно и воопшто не мора да значи по автоматизам дека малата држава е и мала сила, многу почесто таа ќе е држава без некоја сила а поретко мала држава ќе биде мала сила и во исклучителни случаи дури и голема сила (зависно од комбинацијата и значењето на варијаблите во конкретниот моментум).

## 2.5.Понатамошно разгледување на релевантна литература

Како што кажавме во воведниот дел на оваа книга, ќе направиме обид конкретните анализи да се изведат под светлото на структурниот реализам. За оваа цел ќе се користиме со работата на некои од неговите најпроминентни дејци. Неореалистичката перспектива произлезе пред сè од работата на Waltz и неговата „Theory of International Politics" (Waltz, 1979). За разлика од класичниот реализам кој ја користи антропологијата и човековата природа со цел да се објаснат меѓународните политики, структурниот реализам тврди дека токму структурата на меѓународниот систем е многу порелевантна за креирање на меѓународните политики и односите помеѓу државите. Од овде доаѓа и името „структурен реализам". Според неореалистите (како на пр. Robert J. Art, Christopher Layne, Kenneth Waltz, John Mearsheimer итн.), државите се однесуваат како што се однесуваат заради начинот на кој меѓународниот систем е структуриран. Структурата на меѓународниот систем е анархична по својата природа заради тоа што има многу актери (најчесто тоа се суверените држави), но во исто време нема

централен авторитет. Во таков анархичен систем државите се оставени сами на себе. Ова значи дека секоја држава партиципира во креирањето на меѓународните политики на начин согласен со нејзините интереси и прави сè што е во нејзина моќ со цел истите да ги постигне и да не дозволи да бидат подредени на интересите на другите држави. Теоријата на балансот на моќта во меѓународните односи сугерира дека државите можат да си го обезбедат сопствениот опстанок преку превенирање на една држава од здобивање на доволно воена моќ за да ги доминира сите други (Kegley & Wittkopf, 2005). Заради истата логика „државите се обидуваат да ги зголемат своите капацитети преку внатрешни напори на себезасилување или надворешни напори на усогласување и престројување со други држави" (Waltz 1979, стр.118).

Овие основни црти на меѓународниот систем од перспектива на структурниот реализам ја даваат основата за произлегување на ситуацијата од теоретската рамка на „безбедносна дилема". Оваа теоретска рамка е произлезена од анархичниот карактер на меѓународниот систем во кој сите држави се еднакво суверени и независни. Така, само државата (односно креаторите на нејзините политики) може да ги знае и да биде сигурна во своите намери и цели. Сепак, државата не може да биде сигурна за намерите што другите држави ги имаат кон нејзе. Утврдувањето на овие намери е еден од параметрите за определување на нивото на закана по нејзиното преживување, што пак е еден од најесенцијалните интереси на секоја држава. Сепак во систем што е базиран на анархија, намерите на другите држави не можат да бидат погодени со сигурност. Овој факт ја храни несигурноста што пак е

една од основните карактеристики на анархичниот меѓународен систем. Кога има несигурност за намерите на другите, секоја држава секогаш мора да биде подготвена за најлошото. Токму несигурноста ги генерира стравовите за безбедноста на една држава, посебно зашто одбранбените алатки и ресурси можат исто така да служат за офанзивни намери (Waltz, 1979). На пр. во антиката, правење на нови копја може да значи подготвување за лов за храна, но во исто време може да значи и подготвување за војна односно збогатување на воените капацитети. Во голема мера истово важи и денес, додека една држава купува оружје за одбранбени цели, други држави во анархичен систем никогаш не можат да бидат сигурни во нивните намери. Во најголем број од случаите, зголемувањето на одбранбените капацитети на државата нема да биде перципирано како дефанзивно (одбранбено) дејствување, туку како офанзивен потег со агресивни и непријателски намери. Заради ова секое зголемување на воените капацитети на државата ќе го покрене прашањето за нејзините намери. Дури и ако државата единствено што сакала е зголемување на своите одбранбени капацитети без притоа да има какви било агресивни намери, овој потег ќе биде перципиран како обид за промена на балансот на силите во нејзина корист, на сметка на другите држави. Бидејќи меѓународниот систем е анархичен и државите се оставени сами на себе, тие дејствуваат во согласност со таканаречената спирала на акција и реакција или безбедносен парадокс (Ken, B. and Wheeler J. Nicolas, 2008).

Теоријата на офанзивна-дефанзивна теорија на Jervis помага да се определи интензитетот на

безбедносна дилема. Тој користи четири сценарија за да го опише интензитетот на безбедносна дилема. Согласно со првото сценарио офанзивното и дефанзивното однесување практично не можат да се разликуваат, но сепак офанзивното има предност, а безбедноста дилема е многу интензивна, а околината е двојно опасна. Статус-кво државите ќе се однесуваат на агресивен начин и ќе порасне можноста за трка за вооружување. Во ова сценарио шансите за соработка помеѓу државите се мали. Согласно со второто сценарио во ситуација кога офанзивното и дефанзивното однесување не се разликуваат, сепак дефанзивното има предност, а безбедноста дилема е интензивна но не во толкава мера како во првиот случај. Во таква ситуација државата може да биде да во можност да ја зајакнува својата безбедност без да биде закана за безбедноста на другите држави. Третото сценарио постои кога офанзивното и дефанзивното однесување се разликуваат, но офанзивното сепак има предност, тогаш безбедноста дилема не е интензивна што не значи дека одредени безбедносни ризици не постојат. Околината е безбедна, но офанзивното однесување има предност што може да резултира со агресија во некое идно време. Во четвртото можно сценарио каде офанзивното и дефанзивното однесување се разликуваат, тогаш безбедносната дилема има мал или воопшто е нема интензитет, а околината е дупло безбедна. Бидејќи има мала опасност за офанзивна акција од другите држави, државата ќе биде способна да пренамени дел од својот буџет за одбрана за други ресурси за корисен развој во државата (Jervis, 1978).

Сега би било соодветно да напомене дека структурниот реализам има две перспективи и тоа дефанзивен и офанзивен реализам. Овие две перспективи ги прифаќаат основите на структурниот реализам и операраат со основните термини како преживувањето на основните единици на системот-државите, самопомош, анархичниот карактер на меѓународниот систем итн. Според дефанзивниот реализам, отсуството на глобална влада ја остава државата одговорна сама за својата безбедност и во крајна мера - опстанок. Заради ова не можеме да очекуваме државите да имаат верба помеѓу себе. Токму спротивното, по логиката на нештата секоја држава во анархичниот меѓународен систем ќе цели кон обезбедување на својата безбедност и опстанок, што пак никогаш не е гарантирано и во секое време е под можна закана од другите држави. Дефанзивниот реализам поставувајќи го опстанокот на државата над сè останато создава плодна почва за поддршка на создавање на безбедносна дилема. Од друга страна, пак, офанзивниот реализам, претставен пред сè од Mearsheimer (но и Fareed Zakaria, Kier Lieber, Christopher Layne итн.), тргнува од претпоставката дека државите се основни агресивни единки на анархичниот меѓународен систем, кои во секое време се во предаторска трка за зголемување на моќта, зашто една држава колку повеќе моќ има толку побезбедна ќе биде.

Ако го погледнеме поширокиот контекст на теоретската рамка на безбедносна дилема, прашањето за формирање на сојузи се чини неизбежно. Дилемата е кога и со која цел држава би влегла во определен сојуз. Постојат два можни одговори на ова прашање. Во првиот случај државите влегуваат во сојузи со цел постигнување

на контрабалансирање на растечката моќ на држава која се заканува да го промени постојниот баланс на силите во своја полза. Овие се наречени „balance alliances" (Mearsheimer, 2010). Во вториот случај, послабите држави се придружуваат кон помоќните држави преку „bandwagoner" односно „придружи се на трендот" сојузи (Mearsheimer, 2001: 139-161). Bandwagoning се случува кога послабите држави искалкулирале дека цената за опонирање на силната држава е многу поголема од можниот бенефит. Од своја страна, пак, честопати посилната држава се обидува да ги примами послабите држави нудејќи им територија, трговски спогодби, заштита итн. На ваков начин ги запира во формирање други заеднички сојузи што би можеле да ѝ опонираат (Ibidem). Сепак, општоприфатено е дека ова ретко се случува во случаи кога, практично заради географската позиција државата е опкружена со непријатели лишувајќи ѝ го просторот за маневар. Инаку државата секогаш ќе биде многу посилна позиција во „balance alliance" отколку во „bandwagoning alliance", каде што има многу помоќен партнер. Па затоа се смета дека државите преферираат „balance alliances" (ова е посебно потенцирано кај дефанзивните реалисти Walt, (Walt, 1987: 17-29). Во контекст на дискусијата за сојузите, значајно е да се спомене и работата на Snyder, според кого одговорот на прашањето за тоа во какви сојузи државите попрво би влегле е теоретски неопределиво и зависи од конкретниот процес на договарање, територијални интереси но и идеолошките афинитети, структурата на телото за донесување на одлуките во тоа време итн. Snyder исто тврди дека сојузите, еднаш формирани, не се апсолутно стабилни. Ова е заради стравот дека

некој од сојузниците може да се регрупира и да се придружи на друг сојуз. Всушност, овој страв може да ги натера одредени држави да го направат истото како превентивен потег. Оттука стабилноста на сојузот зависи од степенот на заедничка зависност на нејзините членки, степенот на заеднички интерес, но и нивното однесување во минатото (Snyder, 1997). Секако понекогаш државите наместо да балансираат можат да се надеваат на „back passing“, што значи дека очекуваат некоја друга држава да балансира наместо нив (заради нејзиниот сопствен интерес).

Играта „кукавица” е друг модел на конфликт помеѓу две страни во „теорија на играта (game theory)”. Принципот на играта всушност е дека иако идеалниот исход за секоја страна е за запре (да се откаже), сепак истата не сака правејќи го тоа да испадне „кукавица”. Оттука секоја од страните се надева дека другата страна прва ќе се откаже и со тоа конфликтот ќе биде избегнат. Станува збор за теоретски замислена игра во која двајца возачи возат еден кон друг. Ако ниту еден не сопре, судирот е неизбежен за двајцата. Оттука и двете страни посакуваат да не дојде до судир, но онаа страна која прва ќе застрани го одбива епитетот „кукавица” (Russell, 1959).

Конечно, даваме и краток преглед на таканаречената затвореничка дилема која предвидува хипотетичка ситуација на двајца затвореници кои се разделени во две посебни соби и не можат да комуницираат со себе. Затворениците се обвинети за дело кое го сториле заедно. Тие се испрашувани од полицијата која бара да го признаат стореното дело. Претпоставката е дека тие не се лојални помеѓу себе и немаат можност за одмазда

или награда надвор од играта. Она што е интересно е дека без разлика што ќе одлучи другата страна секој затвореник обезбедува подобар исход издавајќи го другиот. Практично, заедничкото издавање е единствениот силен Nash equilibrium во играта. Иако заедничката соработка (ниту еден да не го издаде другиот) носи подобар исход од заедничкото издавање, сепак тоа не е рационален избор, зашто не можете да бидете сигурни дека и другата страна ќе го стори истото (Poundstone, 1993).

Како што веќе напишавме погоре, во ова книга ќе се обидеме да извлечеме одредени заклучоци за начинот и можностите за справување на мала сила соочена во конфликт со голема сила. За таа цел ќе го анализираме Мелијанскиот дијалог и двете студии на случај. Токму затоа ќе се користиме со текстот на Мелијанскиот дијалог (Тацидиј, 416 пр.н.е.) кој е даден во оригинал подолу. Во однос на обработката на студијата на случај бр.1 (Србија наспроти Австро-Унгарија) ќе се користиме, пред сѐ, со работата на Sowards и неговите предавања за The Great Powers And The "Eastern Question", The Serbian Revolution And The Serbian State, Serbian Nationalism From The "Nacertanije" To The Yugoslav Kingdom и The Balkan Causes Of World War I (Sowards, 1996 и 1997), Urban, The Balkans And Austria-Hungary 1908–1912 (Urban, 2014), Hannig, Austro-Hungarian foreign policy and the Balkan Wars (Hannig, 2015), Trevelyan, Austria-Hungary And Serbia (Trevelyan, 2013), Mutschlechner, The 1908 Annexation Crisis (Mutschlechner, 2020), Sked, Austria-Hungary and the First World War, The Wars before the Great War, (Sked, 2014), Gabor, Expansionism or self-defence?The Plans of Austro-

Hungarian Diplomatic Circles against Serbia (1913–15) (Gabor, 2020), Desppalatović, Ljudevit Gaj And the Illyrian Movement. ( Desppalatović, 1975), Williamson, Austria-Hungary And the Origins of The First World War (Williamson, 2007).

Во однос на обработката на случајот бр.2 (Чехословачка наспроти Германија) ќе се користиме пред сè со работата на Витал, Опстанокот на малите држави (Витал, 2009), Cienciala, The Munich crisis of 1938: Plans and strategy in Warsaw in the context of the western appeasement of Germany, (Cienciala, 1999), Araud, The foreign policy of France between 1919 and 1939: the reasons for a descent into hell (Araud, 2015), Serapionova, Edward Beneš and the Munich Agreement (Serapionova, 2018), Iskenderov, The Munich Agreement 1938: Prologue to the New World War, (Iskenderov, 2018), Lilly, British Reaction to the Munich Crisis (Lilly, 1994), Shubin, USSR und Munich Agreement of 1938 (Shubin, 2018), Shirer,The rise and fall of the Third Reich (Shirer, 2001), Mendelssohn, (2019). Nuremberg Documents: Some Aspects Of German War Policy 1939-45. (Mendelssohn, 2019), Thatcher, Adamant Aggressors (Thatcher 2011), Eloranta, Why did the League of Nations fail? (Elpranta, 2010).

## 3.МЕЛИЈАНСКИОТ ДИЈАЛОГ И НЕГОВИТЕ ЛЕКЦИИ

*Мелијанскиот дијалог (416 ПНЕ)*

*Тукидид, В 84-116*

*[84] Следното лето Архибалд отплови со дваесет брода до Аргос и ги грабна осомничените луѓе кои сеуште беа останати од Лакедемонијанската фракција до триста на број, кои Атињаните без одлагање ги сместија во островите соседни на нивната империја. Атињаните исто така појдоа во експедиција против островот Мелос со нивни триесет брода, шест Хиански и два од Лезбос, илјада и шестотини тешко наоружана пешадија, триста стрелци и дваесет стрелци со лак на коњи од Атина, и околу илјада и петстотини души тешка артилерија од сојузниците и други островјани. Мејлијанците се колонија на Лакедомионите кои не сакаат да се покорат на Атињаните како другите островјани, и отпрвин останаа неутрални и не учествуваа, но подоцна откако Атињаните употребија насилство и ја пљачкоса нивната територија, завзедоа став на отворено непријателство. Клеомед, син на Ликомед и Тисиас, син на Тисимак, генералите улогорени на нивна територија со ова оружје, пред да им нанесат било каква штета на земјата, пратија пратеници да преговараат. Овие* Мејлијанци *не ги пуштија пред народот, туку им понудија да ја кажат причината за нивната мисија на мировните судии и неколкуте присутни; на што Атинските пратеници го изговорија следново:*

*85 Атињанни. Бидејќи преговорите не треба да продолжат пред народот, за да можеме да зборуваме директно и без никакви прекинувања, и да не ги лажеме ушите на мнозинството со привлечни докази кои би поминале без побивање (бидејќи знаеме дека тоа е причината што сме донесени пред малкумина), што ако вие кои седите таму побарате метод кој е уште повнимателен? Не правете вие говори, туку асправајте со нас за она што не ви се допаѓа, и разрешете го пред да продолжиме. Но прво кажете ни дали предлогот ви одговара.*

*86 Мејлијанските пратеници одговорија.*

*Мејлијанци. На правичноста за притаеното упатување едни на други, како што предлагата немаме ништо да приговориме, но вашите воени подготовки се далеку понапредни за да се согласат со она што го велите, како што ние гледаме, дојдени сте да бидете судии на вашата сопствена кауза, и дека од овие преговори здраворазумски можеме да се надеваме само на војна, ако докажеме дека правото е на наша страна и одбиеме да се покориме, во спротивниот случај, ропство.*

*87 Атињани. Ако сте дошле на средбава да разговарате за претпоставките за идни настани, или за било што друго освен да се консултирате за сигурноста на вашата држава од фактите што ги гледате пред вас, ќе ја напуштиме, во поинаков случај ќе продолжиме.*

*88 Мејлијанци. Природно е и оправдано за луѓето од ваша позиција да се свртуваат на повеќе од една страна и во мисла и во збор. Како и да е,*

*прашањето на овој собир е, како што велите вие, сигурноста на нашата држава; а дискусијата, ако ви е по волја, може да продолжи по паатот на кој ја поведете.*

*[89]Атињани. Од нас, ние нема да ве вознемируваме со привидни изговори – дали за тоа како ние имаме право на наша империја бидејќи ги отфрливме Медијците, или дали сега ве напаѓаме поради злоделата што сте ни ги нанеле – и да одржиме долг говор на кој нема да му се поверите; а за возврат се надеваме дека вие, наместо да мислите да ни повлијаете со тоа што ќе кажете дека не сте им се придружиле на Лакедомионите, иако сте нивни нивните колонисти, или дека ни немате згрешено, ќе целите на она што е остварливо, држејќи ги на вид вистинските ставови, и нашите и вашите; бидејќи вие знаете, како и ние, како што светот си врви, во прашање е само рамнотежата на моќта, додека силните го прават она што можат, слабите го трпат она што мораат.*

*[90] Мејлијанци. Како што мислиме ние, во било кој сооднос, погодно е – зборуваме како што мораме, бидејќи ни наметнувате да го оставиме она што е правилно настрана и да зборуваме само за интерес – дека не треба да го уништите она што ни е заштита, предноста која ви ја допушта тоа што сме во опасност да се повикувате на тоа што е праведно и правилно, па дури и да извлечете добивка со полемика која не е задолжително оправдата да помине како точна. А вие имате интерес за ова како што би имал секој, но вашиот пад ќе биде знак за најголемата одмазда и пример за светот да гледа.*

[91]*Атињани. Крајот на нашата империја, ако треба да дојде, не нѐ плаши: противничка империја како Лакедомионската, дури и Лакедомионите ни се вистински противници, не е толку страшна за поразените како поданици кои самите ги напаѓаат и совладуваат нивните владетели. Ова, како и да е, е ризик кој со задоволство го превземаме. Сега ќе продолжиме да ви покажуваме дека дојдовме овде во интерес на нашата империја, и дека имаме намера да го кажеме она што ќе го кажеме сега, за зачувување на вашата држава; ние би сакале да ви ја наметнеме таа империја без никакви конфликти, и да ја видиме вашата држава зачувана и за ваша и за наше добро.*

[92] *Мејлијанци. И сега, ве молиме, дали може да излезе толку добро за нас што ќе ви служиме колку вам што ќе владеете со нас?*

[93]*Атињани. Бидејќи вие би ја имале предноста да се потчинете пред да го претрпите најлошото, а ние ќе сме во добивка бидејќи нема да ве уништиме.*

[94] *Мејлијанци. Значи вие нема да се согласите да бидеме неутрални, пријатели наместо непријатели, сојузници на ниету една страна.*

[95]*Атињани. Не; бидејќи вашето непријателство не може да боли колку што вашето пријателство ќе биде доказ на нашите поданици за нашата слабост, а нешријателството кон вас ќе биде доказ за нашата моќ.*

[96] *Мејлијанци. Дали тоа е вашата претстава за правичност, да ги ставате тие што немаат никаква врска со вас во иста категорија со луѓето*

*кои повеќето се ваши колонисти, и некои покорени бунтовници?*

*[97]Атињани. Што се однесува до правината тие сметаат дека имаат исто право, и дека ако некој успее да ја задржи својата независност тоа е бидејќи се силни, и дека ако не ги малтретираме, тоа е поради тоа што им се плашиме; па покрај тоа што ја шириме нашата империја со вашето потчинување ќе добиеме на сигурност; фактот дека вие сте островјани и послаби од другите прави уште поважно да не успеете во збунување на господарите на морето.*

*[98] Мејлијанци. Но дали сметате дека нема сигурност во политиката која ја практикуваме? Бидејќи, повторно, ако не лишите од полемика за правдата и не поканите да се повиниме на вашиот интерес, ние исто така мораме да си го искажеме своето, и да се обидеме да ве убедиме, ако двете некако се совпаѓаат. Како можете да избегнете да направите непријатели од сите постоечки неутрални страни кои од ова ќе земаат за пример дека еден или друг ден ќе ги нападнете? И што е ова освен правење поголеми непријатели од овие што веќе ги имате, и да ги терате другите да ви стануваат непријатели, а тие ниту помислиле на тоа?*

*[99] Атињани. Зошто, факт е дека континенталците општо земено не ни даваат никакво предупредување, слободата која ја уживаат долго ќе ги одвраќа да не превземаат мерки против нас; побрзо островјаните како вас, надвор од нашата империја, и поданици кои страдаат под јаремот, би било најверојатно да*

*превземат избрзан чекор и да се поведат себе си и нас во очигледна опасност.*

*[100] Мејлијанци. Па тогаш, ако ризикувате толку многу за да си ја зачувате вашата империја, а вашите поданици да ризикуваат толку за да се ослободат од неа, сигурно е голема нискост и кукавичлук од нас, кои сме сеуште слободни да не се обидеме да направиме сè што можеме да се обидеме, пред да се покориме на вашиот јарем.*

*[101]Атињани. Не ако сте добро советувани, натпреварот не е еднаков, со чест како награда и срам како казна, туку прашање за самозаштитување и на недавање на отпор на оние кои се далеку посилни од вас.*

*[102] Мејлијанци. Но знаеме дека среќата во војната понекогаш е понепристрасна од тоа на што би навела на мислење несразмерноста во бројки; да се потчиниш значи да се предадеш на очај, додека дејствувањето сеуште ни ја одржува надежта дека можеме да останеме со исправени глави.*

*[103] Атињани. Надежта, утешител на опасноста, на неа може да се предадат оние кои имаат изобилство од ресурси, ако не нема да бидат уништени во сите битки; но нејзината природа е да биде претерана и надуена, па оние кои одат толку далеку да стават сè на нивниот потфат ја гледаат во нејзиното вистинско светло дури кога ќе бидат уништени; но но доколку откритието им овозможи да се чуваат од неа, ним нема да им недостига. Ајде ова да не е случај со вас, кои сте слаби и се држите на само една скала; ниту пак да бидете како прости вулгари, да ја напуштите таквата сигурност како човечки суштества, која*

*сеуште можете да си ја дозволите, кога видливата надеж ги остава да доживеат неуспех во екстремни случаи, се претвора во невидлива, за пророштва и пророчици, и други такви пронајдоци кои со надеж ги заведуваат луѓето кон уништување.*

*[104] Мејлијанци. Можете да бидете сигурни дека ние сме многу свесни, како и вие, за тешкотијата во борбата против вашата моќ и среќа, освен ако судбината не ги израмни сметките. Но ние веруваме дека боговите можеби ќе ни дадат среќа добра како и на вас, бидејќи ние сме само народ кој се бори против неправедноста, и тоа што нам ни е потребно во моќ ќе се добие преку сојузот со Лакедомионите, кои се обврзаа, дури и ако е само за да си нанесат срам, да дојдат на припомош на нивната родбина. Нашата увереност, од тука, покрај сè не е целосно неразумна.*

*[105]Атињани. Кога зборувате за наклоноста на боговите, и ние можеме искрено да се надеваме на неа како и вие; ниту нашето право, ниту пак нашето држење не се на никој начин спротивни од она во што луѓето веруваат за боговите, или што практикуваат меѓу себе. За боговите веруваме, а за луѓето знаеме дека според неопходен закон на нивната природа тие владеат онаму каде што можат. И не е дека ние сме први кои го измислиле овој закон, или дека први дејствуваме според него кога е направен: најдовме дека постои пред нас, а ќе остане да постои засекогаш после нас; сè што правиме ние е дека го користиме, знаејќи дека вие и сите други, кои ја имаат истата моќ како и ние, би го правеле истото што го правиме и ние. Така, што се однесува до боговите, ние не се плашиме и*

*немаме причина да се плашиме дека ќе бидеме во подредена положба. Но ако се вратиме на вашата забелешка за Лакедомионите, која ве води да верувате дека срамот ќе ги натера да ви помогнат, овде ви ја благословуваме вашата едноставно, но не ви завидуваме на вашето безумие. Лакедомионите, кога нивните сопствени интереси или законите на државата се под знак прашалник, се најдостојни мажи на земјата; за нивното држење кон другите може многу да се каже, но не може да се даде појасна претстава отколку на кратко да се каже дека од сите луѓе ние знаеме дека се најизвонредни во однос на она што сме согласни дека е честито, и она што е погодно и праведно. Таквиот начин на размислување не ветува многу за сигурноста на која сега неразумно се потпирате.*

[106] *Мејлијанци Но токму поради оваа причина сега веруваме во нивната почит кон прикладноста тие нема да ги издадат Мејлијанци нивните колонисти, и од таму да ја изгубат довербата на нивните пријатели во Елада и нема да им помогнат на нивните непријатели.*

[107]*Атињани. Значи вие не го прифаќате гледиштето дека погодноста оди со сигурноста, додека правдата и честа не можат да се следат без опасност, а Лакедомионите генерално се изложуваат на опасност колку што е можно помалку.*

[108] *Мејлијанци. Но ние веруваме дека би била поголема веројатноста дури и да се соочат со опасност за нас, и тоа со поголема верба отколку за други, бидејќи нашата близина до Пелопонез им*

*го олеснува дејствувањето, а и нашата заедничка крв ја осигурува нашата верност.*

*[109]Атињани. Да, но она на што верува потенцијалниот сојузник не е добрата волја на оние кои ја бараат неговата помош, туку одлучна супериорност во моќ за акција; а Лакедомионите гледаат на ова дури и повеќе од другите. Барем, таква е нивната недоверба во домашните ресурси што само со бројни сојузници ќе нападнат сосед; па дали е веројатно дека додека ние сме господари на морето тие ќе преминат до островов?*

*[110] Мејлијанци. Но ќе имаат други да пратат. Критското морее широко, и потешко е за оние кои владеат со него да пресретнуваат други отколку оние кои сакаат да ги избегнат да го сторат тоа на сигурно. А ако Лакедомионите не успеат во ова, тие ќе паднат на вашата земја, и на земјата на оние што се останати како ваши сојузници кои не ги достигна Брасид; и наместо места кои не се ваши, ќе морате да се борите за сопствената држава и за вашата конфедерација.*

*[111]Атињани. Некои диверзии како оваа што зборувате може да бидат искусени еден ден, само за да научите, како што имаат научено други, дека Атињаните никогаш се немаат повлечено од напад од страв од било кој. Но ние сме погодени од фактот дека, откако кажавте дека ќе се консултирате за сигурноста на вашата држава, во целава дискусија не спомнавте ништо во што би можело да верувате дека ќе бидете спасени. Вашите најсилни аргументи зависат од надежта и иднината, а вашите реални ресурси се премногу скудни во споредба од оние што се наредени*

*против вас за вие да излезете како победници. Затоа вие ќе покажете големо слепило во рассудувањето, освен ако, после нашето повлекување, не најдете некој совет кој ќе биде поразумен од овој. Сигурно нема да бидете фатени во мрежата на претставата за посрамотување, која во опасности кои се срамни, и во исто време премногу едноставни за да се погреши, се покажува како фатални за човечкиот род; бидејќи во многу случаи истите тие луѓе кои ги имаат нивните очи целосно отворени за она кон што се впуштаат, допуштаат она што се вика посрамотување, само поради влијание на заводливото име, да ги води до точка во која тие стануваат толку заробени од фразата што всушност тврдоглаво паѓаат во безнадежна катастрофа, и на себе си навлекуваат срам кој е посрамотен бидејќи го придружува срамот на грешката, посрамотен е бидејќи не доаѓа како резултат на лоша среќа. Од ова, ако сте добро советувани, ќе се чувате; и нема да мислите дека е нечестито да се потчините на најголемиот град во Елада, кога тие ви даваат умерена понуда да станете негов придружен сојузник, без да престанете да уживате во државата која ви припаѓа вам; ниту кога го имате изборот кој ви е даден меѓу војна и сигурност, ќе бидете ли толку заслепени да го изберете најлошото. А сигурно е дека оние кои не се предаваат на еднаквите на нив, кои одржуваат добри односи со оние кои се супериорни над нив, и умерени со оние кои им се инфериорни, генерално најдобро успеваат. Размислете добро за оваа работа, после нашето повлекување, и повторно вратете се на мислата дека се консултирате за доброто на вашата*

*држава, дека немате друга држава, и дека од оваа одлука зависи дали таа ќе биде просперитетна или ќе ја фрлите во рушевини.*

[112]*Атињаните сега се повлекоа од собирот; а Мејлијанците беа оставени сами на себе, донесоа одлука која соодветствуваше со она што го имаа наум во дискусијата и одговорија: „Нашата одлука, Атињани, е истата како што беше и на почетокот. Ние нема ниту за момент да лишиме од слобода град кој беше населен овие седумстотини години; туку ќе се довериме на среќета со која боговите го имаат зачувано до сега, и на помошта на луѓето, односно на Лакедомонионите; па така ќе се обидеме да се спасиме. Во меѓувреме ве каниме да ни дозволите да бидеме пријатели со вас, а непријатели на ниту една страна, и да се повлечете од нашава држава откако ќе направиме мировен договор по мерка и на двете страни.“*

[113] *Таков беше одговорот на Мејлијанците. Атињаните сега напуштајќи го собирот рекоа: „Па, самите вие, како што ни се чини, судејќи од овие одлуки, го гледате во иднина дека е вистина она што го претпоставувате, а не она што ви е пред очите, и она што не можете да го видите, во вашата нетрпеливост, а веќе се надевате дека таа ќе помине; и како што веќе сите надежи ги полагате на Лакаддемонионите, и најмногу верувате на нив, вашата среќа, како и вашите надежи, како и вие ќе бидете целосно излажани“.*

[114]*Атињанските пратеници се вратија кај армијата; а Мејлијанци, не покажаа никакви знаци на попуштање, генералите веднаш се фатија на*

*непријателство, и повлекоа линија на опкружување околу Мејлијанци, поделувајќи ја работата меѓу различните држави. Како последица на тоа Атињаните се вратија со поголемиот дел од нивната армија, оставајќи зад себе одреден број на нивните граѓани и од сојузниците да чуваат стража на копно и н аморе. Така силата која остана го опколи местото.*

*[115]Речиси во исто време Аргивите извршија инвазија на територијата на Флиј и изгубија осумнаесет луѓе отсечени во заседа од Филијците и прогонетите Аргиви. Во меѓувреме Атињаните во Филос се фрлија на големо пљачкосивање од Лакадемонијанците, така што второиве, иако сеуште се држеа настрана од прекршување на мировниот договор за да објават војна на Атина, сепак објавија дека секој од нивните може да граби од Атињаните. Коринтјаните исто така започнаа со непријателски дејства со Атињаните поради сопствени кавги; но остатокот од Пелопонез остана тивок. Во меѓувреме Мејлијанци ги нападнаа преку ноќ и го завзедоа делот од Атинските линии кај пазарот и убија некои од нивните луѓе, и внесоа пченка и се друго што можеше да им се најде како корисно за нив, па се вратија и се стишија, додека Атињаните превземаа мерки за во иднина подобро да се чуваат. Сега летото беше завршено. [116] Следната зима Лакадемонионите имаа намера да извршат инвазија на територијата на Аргос, но кога пристигнаа на границата видоа дека жртвите за преминување се непогодни, па повторно се вратија назад. Оваа нивна намера им влеа сомнежи на Аргивите во некои од нивните сограѓани, некои од нив беа уапсени; други, како и да е, им избегаа.*

*Отприлика во исто време Мејлијанци повторно завзедоа друг дел од Атинските линии кои беа слабо чувани. Подоцна пристигна засилување од Атина, како последица на ова, под команда на Филократ, син на Демеј, сега опсадата беше притисната енергично; се случија и неколку предавства од внатре, Мејлијанци од претпазливост се предадоа на на Атињаните, кои ги усмртија сите возрасни мажи кои ги заробија, ги продадоа жените и децата за робови и потоа испратија петстотини колонисти и самите го населија местото.*[4]

На почетокот на оваа книга во целост е презентиран познатиот Мелијанскиот дијалог кој пак е дел од Историјата на Пелопонеската војна напишана од Thucydides. Во конкретниов дијалог главни актери се Атина како голема сила и Мелос како малечка полузависна колонија на Спарта (Лакедомионите), сконцентрирана врз истоимениот остров. За време на Пелопонеската војна, Мелос себеси се прокламирал за неутрален, но токму овој став Атина го доживува како индиректен предизвик за себе. Дозволувањето на една малечка државичка да биде неутрална во однос на големата Атина која е регионален поморски хегемон ја криело во себе опасноста да се протолкува како слабост на Атина. Оттука, Атина ја мобилизира својата војска и упатува ултиматум до Мелос. Ултиматумот е јасен, се бара предавање на островот или негово уништување.

[4] Мелијанскиот дијалог, Тукидид (416 пр.н.е.) В 84-116, превод на македонски јазик: Киро Јорданов. Оригиналот преземен од Thucydides. (2020). *The Melian Dialogue*. Mtholyoke.edu. Retrieved 11 November 2020, from https://www.mtholyoke.edu/acad/intrel/melian.htm.

Мејлијанците со своите ограничени ресурси и можности за избор се ставени пред избор.




Илустрација бр.3[5]

Во овој дел ќе се задржиме на конкретна анализа на цитираниот текст и нема да одиме со поширока анализа на сите можности и фактори во Пелопонеската војна. Ова е сосем доволно со цел да извлечеме некои битни заклучоци во однос на моралот и силата, како и односите и изборите кои им се на располагање на малите сили соочени со конфликт со голема сила кои ќе ни користат подолу во анализата на двете студии на случај. Напоменуваме, Мелијанскиот дијалог е настан кој

[5] Предземено од Upload.wikimedia.org. 2020. [online] Available at: <https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/b/b9/Melos_Sparta_and_Athens_416_BCE.svg> [Accessed 21 October 2020].

датира од пред нашата ера. Оттука фрапантно е колку има историски аналогии во парадигмите на однесување на голема и мала сила соочени во меѓусебен конфликт со посовремените такви примери обработувани во студиите на случај во оваа книга.

Така на почеток можеме да видиме дека Атина тргнува со прилично несразмерна воена сила наспроти островот Мелос. Претходново имало за цел од една страна да ја демонстрира силата со која располага Атина, а од друга страна да ја демонстрира сериозноста на нивните намери во врска со реализирањето на ултиматумот испратен до Мелос. На овој начин би се расчистиле сите дилеми околу можниот блеф на Атина. Како што ќе видиме подоцна во студиите на случај, истово важи и за нацистичка Германија во своите закани кон Чехословачка, а не помалку е точно и за Австро-Унгарија кон Србија. Секако, заканите со воена сила секогаш имаат двојна ако не и тројна цел. Прво, треба да го преплашат противникот и да го обесхрабрат за каков било отпор, второ да ја демонстрираат својата моќ кон другите големи сили и конечно ваква демонстрација на моќ надвор треба да се искористи за смирување и превенирање на внатрешни проблеми.

Она што е интересно е дека преговорите (ако можеме така да ги наречеме) помеѓу Атина и Мелос се одвиваат зад затворена врата и практично далеку од очите на јавноста. Практично ваквото поимање на дипломатијата ќе биде наречено класична дипломатија и ќе се одвива на сличен начин (далеку до очите на јавноста) во децениите и вековите кои ќе следат. Така на пр. дипломатијата во периодот пред и за време кризата помеѓу Србија и Австро-Унгарија

години подоцна сè уште ќе функционира врз овие темели, а не многу поразлична е и ситуацијата во спорот на Чехословачка со нацистичка Германија иако нормално, разлики сепак има. Секако дека ова е во врска и со степенот на развиеност на средствата за комуникација, но и можностите за пропаганда. Така ако за време на судирот помеѓу Чехословачка и Германија веќе постои печатот и радиото како средства за комуникација и пропаганда, во античка Грција иако вакви можности не постојат, сепак пропагандата е многу важна. Така на пр., можеме да претпоставиме дека на атинските пратеници не им било дозволено да се обратат јавно пред луѓето на Мелос заради стравот од нивната репутација како енормно добри говорници и на тој начин овозможување на нивна пропаганда на островот.

Една од особено впечатливите поенти во текстот е моментот кога атињаните практично признаваат дека нивниот непријателски став всушност не произлегува од некакво поведение или постапка на Мејлијанците наменета против нив туку дека едноставно тоа го прават зошто го можат односно заради конкретната рамнотежа на силите. Заради ова пак на Мејлијанците и не им престанува нешто друго освен да го трпат она што мораат. Мејлијанците од своја страна реплицираат дека покрај голиот интерес и сила има нешто што е праведно и правично, па и морално, а секако тоа е на нивна страна. Оваа реторика ќе ја пронајдеме и во студиите на случај. Така пославата страна редовно е таа која говори за моралот и правдата, а посилната со аргументот на силата. Така на пр., тоа е и повеќе од видливо во случајот со нацистичка Германија и Чехословачка, а до некаде и во

примерот со Австро-Унгарија со Србија (иако таму за нијанса е покомплицирано).

За Атина постоењето на Мелос со неутрален статус не е прифатлива ситуација. Тоа е показател за слабост на Атина и пркосот на една мал колонијален остров наспроти регионалниот хегемон. Дополнително, таквиот статус може да биде опасен сигнал за другите острови кои се веќе во рамки на Атинската држава како поданици и тие да побараат поголеми права и сето тоа на крај да води во внатрешна дестабилизација на Атина. Оттука постојаните интервенции во странство се доживуваат како инструмент за решавање односно превенирање на внатрешни проблеми. Претходново е апликативно и во случајот на Австро-Унгарија зашто се сметало дека успешната војна против Србија на домашен план ќе ги обесхрабри словенските движења за автономија. Слично можеме да тврдиме во однос на Хитлер во случајот со Чехословачка, зашто Хитлер се одржувал на власт со постојана агресивна реторика и политика заедно со ветувањето за ревизија на Версајскиот мир.

Мејлијанците навестуваат дека сепак ќе се борат за својата слобода зашто на тој начин барем имаат некаква шанса. Самите велат дека секогаш постои определен фактор на среќа во војувањето и дека сè додека се борат имаат некакви изгледи наспроти простото предавање на судбината. Тие се надаваат и на благослов од боговите зашто се тие се страната која се бори против неправедноста за слободата наспроти ропството итн. Можеби најбитно од сè е моментот што истакнуваат дека тие очекуваат и Спарта да им помогне и да се вмеша на нивна страна во овој судбоносен миг. Тие сметаат

дека Спарта на тоа се обврзала и ако од ништо друго тогаш од срам ќе дејствува, зашто тие со нив се и крвно поврзани (практично истиот народ) и се нивна колонија. Интересен е одговорот на атињаните кои сметаат дека и тие можат барем исто толку да се надеваат на благослов од боговите зашто и не прават ништо различно од кој било друг кој би бил на нивна позиција. Себеси воопшто се перципираат како „лошата страна”. Во примерите со студиите на случај од подолу овој аргумент важи уште повеќе. Така, Австро-Унгарија смета дека со актот на агресија дури исправува и неправда, а слично е и со германската политика кон Чехословачка. Во однос на можното спартанско вмешување, атињаните сметаат дека „само заради срам“ тие ништо нема да преземат, а може да се очекува да делуваат само ако нивните сопствени витални интереси се под голем знак прашање, а тоа не е случај во моментов. Прилично интересно е тврдењето на атињаните во оваа насока дека правдата и честа не одат без изложување на опасност, а Спартанците (и кој било друг) ќе се изложуваат на опасност што е можно помалку. Практично она што го кажуваат е дека поголемиот сојузник во еден асиметричен сојуз навистина ќе ги оствари своите обврски само ако тоа го смета за суштинско за обезбедување на своите интереси во тој регион, како на пр. Русија кон Србија, но не и Франција кон Чехословачка. Но, она што е интересно е дека Мејлијанците предвид не ги земаат само дадените ветувања на Спарта, туку сметаат дека нивното вмешување е и во нивен интерес, а тоа е веќе сериозен аргумент. Според нив не-вмешувањето на Спарта и со тоа оставање на цедило на една од нивните колонии ќе придонесе за

паѓање на општиот углед и довербата на Спарта кај сите нивни пријатели. Воедно седејќи настрана индиректно ќе работат во интерес на нивните непријатели кои со ова само ја зголемуваат својата моќ. Овој начин на размислување го имаме и во студијата на случај со примерот на Чехословачка која искрено веруваше дека покрај моралните обврски кои ги презела Франција, несомнено во нејзин интерес е да делува на нивна страна, затоа што тоа делување би било во насока против растењето на една голема германска држава која пак на крајот на денот би можела да го предизвика постојниот баланс на моќта кој одговарал на француските интереси. Сепак, иако тоа е така, можеме да кажеме дека големиот сојузник во своите калкулации има предвид и други фактори на што ги базира своите одлуки и потези. Така Франција сметаше дека отцепувањето на делови од Чехословачка нема да биде од суштинско значење за измена на постојниот баланс на силите и на тоа гледаше како на нужна цена за одржувањето на мирот на начин што би го задоволиле Хитлер. Од друга страна пак, тоа не беше случај со студијата на случај со Србија и Русија која цврсто застана зад Србија и влезе во војна со Австро-Унгарија.

Во одбрана на своите надежи и обидот да ги одвратат атињаните од плановите за агресија, Мејлијанците како аргумент ја изнесуваат и геополитиката, односно географската близина со Спарта, што пак ја прави нивната евентуална вмешаност поверојатна. Сепак на ова атињаните имаат сосема валиден аргумент дека каква било акција на Спарта во Мелос е практично малку можна, зашто Атина е поморска сила, а Мелос колку и да е близу до Спарта е сепак остров во морето. На

ова Мејлијанците реплицираат дека ова е точно, но дека Спарта може да се реши на копнена офанзива, па Атина наместо во освојувачки авантури да заврши бранејќи го срцето на својата сопствена држава. Ова сценарио од аспект на Атина изгледало малку веројатно, а многу повеќе како пуста желба на Мејлијанците, но во реалноста токму тоа се случува со примерот на Австро-Унгарија која на крајот на Првата светска војна практично се бори да опстане како држава. Воедно, можеме само да замислуваме алтернативна историја доколку Франција (уште повеќе и Велика Британија) застанеше цврсто во одбрана на територијалниот интегритет на својот помал сојузник Чехословачка.

Има едно размислување на атинските претставници со кое практично ги завршуваат преговорите кога велат: „Сигурно е дека оние кои не им се предаваат на еднаквите на нив, кои одржуваат добри односи со оние кои се супериорни над нив, и умерени со оние кои им се инфериорни, генерално најдобро успеваат". Практично ваквото размислување на локалниот хегемон за очекуваниот однос на инфериорниот од себе не е различно од резонирањето на пр. на Австро-Унгарија во однос на Србија, која доколку би ја играла улогата на мала државичка во многу нешта зависна од нив не би ни имало проблем на прво место. Слично размислување имаме и кај примерот со нацистичка Германија и Чехословачка во претходните настојувања на Хитлер да ги одвратат Чехословаците од сојузот со Франција и да ги насочат кон себе (иако овде е покомплицирано).

Исходот од оваа историска епопеја е страшен за Мелос. Возрасните мажи се убиени, а жените и децата продадени за робови. Дополнително,

победничката Атина ќе испрати свои колонизатори за да го населат островот. Практично, идејата за населување со свое население во освоените територии ја имало и во проекциите на Австро-Унгарија во однос на Србија, па и на нацистичка Германија во однос на Чехословачка. Оваа историска лекцијата ни покажува дека во случај кога малата сила се обиде да се спротивстави на големата исходот по неа во секој случај ќе биде страшен. Таков е примерот со Мелос, но и со Србија, која иако на крај беше на победничката страна сето тоа ја чинеше енормно големи жртви, а привремено во текот на војната нејзината територија целосно беше окупирана. Од друга страна, најлошото сценарио - згаснување на државата како таква, се случи и во примерот на Чехословачка, иако истата практично делуваше сосем спротивно од ова, односно навлезе во соработка со агресорот (макар и индиректна) и не пружи никаков отпор. Сепак, ако ги земеме предвид трите примери, односно Мелос, Србија и Чехословачка, со голема доза на веројатност можеме да тврдиме дека клучната улога во крајниот исход е одлуката на големиот сојузник за не/вмешување и неговата проценка за степенот на важност на помалиот партнер.





## 4. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ БР.1. АВСТРО-УНГАРИЈА VS СРБИЈА

*Случај бр. 1. Србија vs Австро-Унгарија (Хабсбуршка монархија).*
*Период: Пред Првата светска војна.*
*Меѓународен систем: Баланс на силите.*
*Постоење на глобална меѓународна организација: Не.*

Во овој труд ќе го анализираме конфликтот помеѓу Србија и Австро-Унгарија кој практично водеше до Првата светска војна. Ќе ги презентираме сите релевантни околности и актери на меѓународните односи од соодветната историска епоха. Сепак, фокусот ќе биде ставен врз Србија, но и Австро-Унгарија. Ќе се обидеме да ги претставиме опциите кои ѝ беа отворени на Србија, но и изборите која таа ги направи и ќе се обидеме да одговориме зошто се определи така. Целта е да увидиме како од две соседни држави со одлични односи завршија во војна за тотално уништување. При сето ова важно е да издвоиме определна парадигма на однесување на мала држава и мала сила во конфликт со голема држава и голема сила, како и можното влијание на трети сили како сојузници. Претходново ќе биде делумно анализирано и низ аспект на структурниот реализам. Заклучокот е дека и двете држави

веруваа во неминовноста на воената разврска порано или подоцна, но од клучно значење беше поддршката на нивните големи сојузници. За Австро-Унгарија ова беше војна за зачувување на својот престиж и статус како голема сила и обезбедување на својата внатрешна стабилност, додека за Србија ова беше војна за слобода и зачувувањето на независноста за која се надеваа дека може да прерасне во војна за обединување со останатите јужнословенски земји кои беа во рамките на Хабсбуршката монархија. Двата соседа беа кралства и оттука ова не беше идеолошки судир во овој дел, иако се чини дека имаше директен судир помеѓу мултинационалниот концепт на империјата на Хабсбурзите со националниот концепт на кралството на Србија.

Студија на случај бр. 1. Конфликтот помеѓу Србија и Австро-Унгарија (Хабсбуршката монархија). Интересен пример од кој можат да се извлечат бројни заклучоци. Станува збор за конфликт помеѓу мала и голема држава, односно мала сила во случајот Србија и голема сила, во случајот Австро-Унгарија.




Илустрација бр.4[6]

Историски оваа криза си имала своја повеќегодишна подлога, но дефинитивно оној момент кој е најпознат во односите помеѓу двете држави е атентатот на австроунгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд во Сараево, во 1914 год. За жал, овој момент е добро познат и во светската историја, зашто истиот се зема како официјална причина за почетокот на Првата светска војна. Со цел да извлечеме соодветни и веродостојни заклучоци за судирот на една мала со една голема сила, како во конкретниот случај,

[P]Преземено од Reddit.com. 2020. *Political Map Of Balkan States And Surrounding Regions 1912: Mapporn*. [online] Available at: <https://www.reddit.com/r/MapPorn/comments/cr7rfk/political_map_of_balkan_states_and_surrounding/> [Accessed 5 October 2020].

особено е значајно анализата да не ја правиме во изолација која би се свела само врз конкретните две држави. Ова особено е точно заради фактот што ни една држава не постои сама за себе и е целосно независна и незасегната од дејствувањето на другите држави. Претходново уште повеќе важи за обработка на случај како конкретниов во кој не станува збор за некои изолирани островски држави во некој далечен океан, туку држава како Австро-Унгарија сконцентрирана во срцето на Европа и нејзиниот сосед Србија позициониран на Балканскиот Полуостров. Самиот конфликт, иако настанат како билатерален, наскоро прерасна во светска војна. Значи не станува збор за локален конфликт онака како што тоа го посакуваше Австро-Унгарија, туку се вмешаа и други држави (како што до определена мера посакуваше Србија). На почеток треба да истакнеме дека за ваков можен развој на настаните беа прилично свесни и во Австро-Унгарија, но се надеваа дека до тоа нема да дојде, а доколку сепак дојде до вмешување од страна на други држави веруваа дека имаат резервен план.

Имено, токму овде, на просторот на европскиот дел на империјата во згаснување - Османлиската Империја (чијшто дел беше и Србија, долги години пред да стане независна) се вкрстуваа (честопати спротивставените) интереси на големите сили. Оттука мора да појдеме од претпоставката дека она што се случува помеѓу двете држави во определена помала или поголема мера ги засегало не само нивните непосредни соседи, туку и големите сили од тоа време, а особено Русија, но и Италија, Обединетото Кралство, Франција, па и Германија. Сепак, за да ја добиеме целосната слика и да можеме да ги добиеме вистинските заклучоци,

потребно е анализата да го земе предвид и меѓународниот систем во определен период пред Првата светска војна. Секако мора да биде земен предвид и фактот дека постоел соодветен напредок во воената технологија и производство на оружје (покрај „традиционално” така и оружје за масовно уништување како нервни гасови и сл.) кој свој подем доживеал токму непосредно пред и за време на Првата светска војна. Воздушната војна преку употреба на воени авиони само што се појавила како можност, но сепак, светот во тоа време е далеку од нуклеарното оружје кое сè уште не постои. Се разбира дека доколку постоело би можеле да дало една целосно друга димензија на конфликтот, а со тоа и анализата би била поинаква. Оттука, потенцијалната закана по безбедноста на Србија, колку и да била страшна, сепак се сведувала на класична воена закана исклучувајќи ја нуклеарната закана. Дополнително, треба да се истакне дека средствата за комуникација се далеку од нивото на денешните, но сепак се развиваат прилично брзо и се најразвиени за тој даден момент во историјата на човештвото.Така со усовршување на телеграфот пораките стигнуваа многу побргу од претходно, а веќе во 1900 год. беше откриен и телефонот (иако до почетокот на Првата светска војна не беше во масовна комерцијална употреба). Постоењето на машини за печатење овозможило издавање на весници и одредена помасовна пропаганда. Така што сето ова придонело оваа криза се менаџира на начинот на кој се менаџирала, односно преку класичната дипломатија далеку од очите на јавноста, но пак од друга страна одредени средства за масовна пропаганда сепак постоеле но можеме само да претпоставиме како оваа криза ќе се

одвивала доколку вклучените страни имале на располагање, на пр. интернет и социјални мрежи какви што ги имаме денес.

### 4.1.Тајната телеграма

Оваа анализа ќе ја започнеме од крајот, а крајот за нашата анализа несомнено е почеток на Првата светска војна, уште наречена и големата војна, зашто била најголема војна која човештвото до тогаш ја искусило. Со цел да дадеме наједноставен вовед на главните дилеми кои ќе ги анализираме подоцна во текстот, на самиот почеток ја обработивме тајната телеграма испратена од британскиот државник Sir Edward Grey на британскиот амбасадор во Виена (27 јули 1914 год.) на нецели два дена пред почнувањето на Првата светска војна (First World War, n.d.). Целта на оваа телеграма е запознавање со содржината на разговорот на Sir Edward со австроунгарскиот амбасадор во Лондон. Токму поентите наведени во телеграмата го откриваат контекстот на проблемите меѓу Србија и Австро-Унгарија и можните импликации. Во телеграмата се објаснуваат австроунгарските позиции во однос на Србија. Она што е интересно е фактот што Србија секаде низ телеграмата е напишана како „Servia” наместо „Serbia”, што укажува дека можеби британската политика и не давала некое преголемо значење на оваа држава и нејзините политики. Во потврда на претходново говори и Trevelyan, кој смета дека британската и американската политика не биле нешто премногу запознаени со Србија и Србите

генерално (Trevelyan, 2013). Инаку, во телеграмата се кристализира ставот на Австро-Унгарија како незадоволна од нецелосното прифаќање на барањата испратени до српската влада која пак се обвинува за иредентизам, пропаганда и константни провокации. Србија е окарактеризирана како проблематичен сосед. За Австро-Унгарија настаните од Сараево (атентатот на Франц Фердинанд) покажале на дело до што може да доведе српската пропаганда. Заради сето ова, се бара од Обединетото Кралство (ОК) да има разбирање за можноста Австро-Унгарија да употреби сила против Србија. Сепак нагласуваат дека оваа употреба на сила треба да се сфати не како акт на агресија, туку едноставно самоодбрана во ситуација кога сите други опции за Австро-Унгарија се исцрпени, заради обезбедување на сигурноста и безбедноста на нејзините граници. Дополнително Хабсбуршката монархија верува дека на овој начин ќе биде задоволен и општиот европски интерес. Претставникот на Австро-Унгарија зборува со почит за британскиот народ и неговите државници како народ со висока смисла за правичност, па оттука очекува морална поддршка и разбирање за идните потези на Австро-Унгарија. Сепак, настрана од сите убави фрази за мир, правда, поредок, самоодбрана и сл. особено е интересно конкретното барање до ОК да помогне ако тоа е неопходно, воените дејствија да останат локални (First World War, n.d.). Имено, токму последново е суштинско за успешноста на идната акција на Австро-Унгарија. Доколку војната остане војна помеѓу нив и Србија, Австро-Унгарија ќе може тоа да го изведе успешно. Барањето за помош војната да остане локална во себе јасно ја содржи свесноста за можноста да се

вмешаат и други држави. Тука се мисли, пред сè, на Русија која дејствува како еден вид патрон држава на Србија. Нејзиното вмешување дефинитивно ќе ги искомплицира работите како за Австро-Унгарија, така и за европскиот континент, бидејќи имало капацитет да предизвика поголема војна. Оттука се чини јасно дека Австро-Унгарија го знаеше овој ризик и истиот го прифаќаше, но сепак сметаше дека може да биде избегнат помеѓу другото и заради сојузништвото со Германија (за кое ќе пишуваме подоцна). Оттука произлегува и официјалната позиција на Австро-Унгарија дека војната не е за територија и промена на границите, надевајќи се дека вака дефинираните воени цели ќе ја одвратат (или барем ќе им го одземат аргументот) Русија од вмешување. Дополнително, од телеграмата е јасен и ставот на државникот на ОК дека Србија е веќе доволно понижена и направила прилично доволно со прифаќањето на големиот дел од барањата наведени во ултиматумот. Воедно видлив е и стравот на ОК дека започнувањето на воени активности против Србија без добиени гаранции дека Русија нема да се вмеша во оваа војна може да предизвика несогледливи последици!

Претходнава телеграма ни открива и расчистува неколку дилеми во деновите пред Првата светска војна. Прво, Австро-Унгарија е решена да оди во војна против Србија и покрај прифаќањето на најголем број од нејзините барања поставени во ултиматумот[7]. Второ, при сето ова можноста за вмешување на Русија е сосема реална, но Австро-Унгарија некако се надева дека до тоа

---

[7] Поточно прифаќањето на сите барања, освен едно кое се однесувало на правото на австроунгарските судови да судат на територија на Србија.

нема да дојде, а и да дојде како свој сојузник ја има Германија.

## 4.2.Соседите Австро-Унгарија и Србија

Австроунгарската држава била дуална монархија во која владеела хабсбуршката династија. Станува збор за една од големите европски сили со околу 50 милиони население и трета држава по големина (по територија) во Европа. Како што нејзиното име илустрира, била сочинета од два дела, австриски со седиште во Виена и унгарски со седиште во Будим и Пешта. Двата дела имале сопствени парламенти (Sked, 2014). Нив ги обединувал хабсбуршкиот монарх[8]. Во оваа дуална монархија австриските Германци и Унгарците биле привилегирана класа и граѓани од прв ред. Сите други биле граѓани од втор ред (Trevelyan, 2013). Монархијата била вистински микс од луѓе разни народи со различни јазици, па дури и вери. Во рамки на нејзините граници живеело големо повеќемилионско словенско население. Австро-Унгарија во својот состав имала Словени од словенечко, хрватско, српско, чешко, словачко, полско и украинско потекло.

[8] Сепак не станувало збор за персонална Унија, зашто постоеле и други заеднички органи и политики, како на пр. одбраната, надворешната политика и сл.




Илустрација бр.5[9]

Интересно за нашата анализа е да се потенцира дека Унгарците во Унгаријаброеле едвај 45% од вкупната популација (Trevelyan, 2013). Инаку австроунгарската војска била прилично бројна, составена од 400.000 активни војници и можност за мобилизирање на резервите кои биле на располагање во секој момент со нешто над 1.400.000 војници. Се смета дека во Првата светска војна успеале да мобилизираат дури 8 милиони војска. Покрај ова, располагала и со морнарица, но нема некоја улога против копнената Србија (Austro-Hungarian Empire - Central Powers | NZHistory, New Zealand history online, 2020). Иако дефинитивно ја немала најсовремената армија на светот, сепак била сериозна воена сила и несомнемено една од

---

[9] Сликата е преземена од Upload.wikimedia.org. 2020. [online] Available at: <https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/4/47/Austria_Hungary_ethnic.svg> [Accessed 12 October 2020].

големите европски сили. Сепак, несомнено една од слабостите на монархијата бил фактот што нејзината армија била сочинета исто така од разни етникуми кои не секогаш „умираа” од желба да загинат во името на императоротот. Така, над 60.000 војници за време на Првата светска војна ќе се предадат на српската армија во единствена желба да не ги фати монархијата и да ги врати назад за да ги натера да се борат (Trevelyan, 2013, 862). Првата светска војна ќе има катастрофален исход за Австро-Унгарија која ќе престане да постои како таква и ќе плати жртва од милион убиени и скоро два милиона ранети.

Од друга страна, на еден дел од југоисточната граница на големата монархија била соседната држава на кралството на Србија. Во него живееле над 4,5 милиони жители[10] (Kingdom of Serbia - Allies | NZHistory, New Zealand history online, 2020). Се чини дека и поголем број на Срби живееле во монархијата, односно надвор од границите на слободната српска држава. Претходново особено е точно зашто во кралството на Србија сето словенско население не било српско[11]. На слични позиции е и Trevelyan (Trevelyan, 2013). Сепак во тоа време се заговараше за создавање на сесловенска држава на јужните Словени, па разликите помеѓу разните јужни Словени не се сметале за некоја голема пречка. Оттука, Србија полагала право и зборувала како за

---

[10] И тоа по 1913 год. кога популацијата на Србија беше значително зголемена заради пропојувањето со територијата на Вардарска Македонија за сметка на Османлиите.

[11] Така во јужниот нејзин дел живееле и Македонци (кои заради очигледната разлика со Србите биле едноставно нарекувани Јужносрбијанци), па оттука тие 4,5 милни жители не биле сите Срби.

свои, за сите јужни Словени во монархијата, притоа вклучувајќи ги не само Србите туку и Хрватите. Како дел од идната јужнословенска држава редовно се споменувале и Словенците (иако Србите правеле една појасна дистинкција со нив како различен народ од словенско потекло). Инаку, српската армија иако била релативно искусна, сепак била далеку од она што значело модерни европски стандарди, но сепак не била за потценување. Во 1914 год., пред почетокот на Првата светска војна, Србија имала на располагање околу 90.000 војска, со околу 400.000 резерви. Крајот на Првата светска војна ќе ја чини Србија повеќе од милион жртви, што со оглед на нејзината вкупна популација е навистина страшен процент (Kingdom of Serbia - Allies | NZHistory, New Zealand history online, 2020).

Од сето претходно изнесено јасно е дека станува збор за два асиметрични соседи.




Илустрација бр.6[12]

Имено, Австро-Унгарија била далеку поголема држава како во број на население така и во однос на територијата која ја опфаќала. Воедно била дел и од големите европски сили. Сепак, заради етничкиот микс на своето население во ерата на растечкиот национализам изгледала како еден вид на несмасен слон во стакларница, метафорички кажано. Од друга страна била малата Србија која пак еден период по нејзиното осамостојување била под силно австроунгарско влијание и зависност, но подоцна одбрала целосна промена на оваа политика и

[12] Сликата е преземена од Nzhistory.govt.nz. 2020. *Map Of The Austro-Hungarian Empire In 1914 | Nzhistory, New Zealand History Online*. [online] Available at: <https://nzhistory.govt.nz/media/photo/map-austro-hungarian-empire-1914> [Accessed 12 October 2020].

почнала да го доживува својот голем сосед како непријател.

Неминовно е да си ги поставиме прашањето како и зошто двата соседи дошле до војна токму во 1914 год.? Од кои одлуки се раководеле? Зошто војната изгледала како посакувана опција за едните, а неминовна за другите? Зошто нивните надворешни политики биле какви што биле? За да одговориме на овие прашања и да го сфатиме функционирањето на државите и интересите на големите сили во овој регион во меѓународниот систем во светот пред Првата светска војна ќе мора да се вратиме не еден, ами неколку чекори наназад во историјата. Така најпрво мора да се разбере таканареченото источно прашање и подоцнежните политики, дури и од времето кога Србија не ни постоела како држава ами била само дел од Османлиската Империја, прво како обична провинција, а подоцна и како автономна единка која конечно ќе стане независна држава. Анализата на политиките на големите сили во еден подолг период пред Првата светска војна е неопходна да се направи за да може успешно да се согледа и разбере комплексноста на австроунгарско-српските односи и причините кои довеле до војна во 1914 год.

## 4.3.Историска ретроспектива и политиките на големите сили

Имено, некогаш моќната исламска Османлиска Империја се протегала на три континенти, а во Европа веќе длабоко пенетрирала преку Балканскиот Полуостров. Нејзините амбиции

не застанувале тука, туку имале претензии и во останатиот дел од христијанска Европа. Се чини дека има еден клучен настан кој го одбележал крајот на плановите за нејзината идна експанзија. Имено, неуспешниот напад на Виена во 1683 год. претставувал моментот кога за последен пат Османлиската Империја сериозно се заканила по опстанокот на друга голема европска сила. Само неколку години подоцна, од можен плен, Австрија се претворила во предатор во однос на Османлиите. Веќе во 1697 год. во битката во Сента (во денешна Србија) Османлиската војска доживеала сериозен пораз од светата лига предводена од Хабсбуршката монархија. Како последица на ова, Османлиската Империја била принудена да го потпише Договорот од Karlowitz (денешна Србија) во 1699 год., кој ќе ги чини Османлиите големи територијални отстапувања за сметка на Хабсбуршката монархија вклучувајќи ги и до тогаш османлиските територии на Словенија, Хрватска и Унгарија. По долго време, ова беше прва и сериозна загуба на територија за Османлиската Империја која навикнала и функционирала на начин на експанзија и постојано освојување на нова територија. Но, ова значело уште нешто. Дел од српското словенско население (во Банат и Хрватска) и огромен дел од хрватското словенско население (освен мал дел кое живеело во Босна и Херцеговина) се нашле од различната страна на границата. Оттука се гледа дека двете империи и не придавале некакво значење на националниот карактер, чувствата и желбите на локалното население и границите ги утврдувале по пат на сила. Секако ова не ги правело двете империи лоши по дефиниција, туку едноставно станувало збор за империи кои не функционирале по

национален концепт и сето тоа во време во кое репрезентативната демократија и грижата за желбите на народот биле далеку од сериозна причина за водењето на политиката од страна на елитите кои владееле. Оттука може да се заклучи дека односите помеѓу Хабсбуршката монархија и Османлиската Империја биле далеку од сјајни. Така, најпрвин Османлиската Империја била директна закана за опстанокот на монархијата и по неуспешниот поход на Виена (и одреден временски период потоа) Хабсбурците се претворат во закана за територијалниот интегритет на Османлиите во европскиот дел на нивната империја и буквално да им одземат голема територија. Меѓутоа, како што рековме, овој настан бил само пресвртница, односно еден вид најава за почеток на крајот на моќната Османлиска Империја која уште долго време била фактор и дел од европските сили.

Во овој временски период не можеме да зборуваме за односи помеѓу Србија и Австро-Унгарија, од проста причина што првата сѐ уште не постоела како држава и е во рамките на Османлиската Империја. Она што е битно да се истакне во овој дел е дека Јужните Словени (вклучувајќи ги и Србите) се нашле поделени во рамки на две големи империи т.е. Османлиската на југ и Австроунгарската на север. Овој факт ќе донесе културни, економски, социјални и друг вид на разлики помеѓу јужното словенско население кои ќе бидат видливи во годините напред, можеби дури и за време на идната југословенска федерација која пак ќе се распадне во крвава граѓанска војна на почетокот на 90-тите години на 21 век.

Скоро еден цел век по неуспешниот поход на Османлиите во Виена, полека се отвора она што подоцна стана познато како источното прашање. Имено, под овој термин се подразбирале серија прашања за идната прераспределба на силите на просторот на европскиот дел на Османлиската Империја по очекуваното нејзино уништување.[13] Дека оваа мултинационална и мултиконфесионална империја се движеше кон распад, говори и синонимот кој за истата се употребуваше. Имено, честопати истата се нарекуваше болниот човек од Босфорот (за повеќе околу источното прашање види Sowards, 1996). Балканот или регионот на Југоисточна Европа, кој беше дел од Османлиската Империја, беше раскрсница на многубројни интереси на големите сили, а регионот беше сочинет од голем број етнички, јазични и верски групи сконцентрирани на релативно мал простор. Подоцна со процесите на појава на национализам и национално чувство и будење овие групи ќе посакаат да имаат сопствени држави, а оние на кои тоа ќе им успее пак ќе посакаат да ги прошират своите граници водејќи го регионот во постојани немирни води.

1774 год. е особено битна година, зашто таа година завршува војната помеѓу двете големи сили, Османлиската Империја и Русија, во која втората страна излегува како несомнен победник. Била потишана Kuchuk kainarji спогодбата во која Русија се здобива со значајни поволности на сметка на суверенитетот на Султанот.Така, Русија добива

[13] Понекогаш се употребува и терминот балканизација како синоним за фрагментација на одредена држава на помали делови.

ограничено право „да се меша” во внатрешните работи на Османлиската Империја и да делува како еден вид протектор на христијаните во империјата. Втор битен момент е добивањето на пристапот кон Црното Море, односно право за непречено користење на Босфор и Дараднели и можноста за непречена пловна трговија со Османлиската Империја. Оваа спогодба беше само чекор кон замислата на Царска Русија за остварување на многу поголеми цели кон Османлиите. Имено, нивна „конечна и идеална” цел била фактичко и физичко контролирање на Истанбул заедно со Босфорот и Дадарнелите, а преку тоа обезбедување на непречен пристап до Медитеранот, што пак ја давало неопходната подлога за понатамошни планови за експанзија. Меѓутоа, како што ќе видиме понатаму, една таква идеја за останатите европски сили се чинела премногу мегаломанска за да биде дозволена заради тоа што балансот на силите значајно би бил изместен во руска полза. Оттука, Русија соочена со неможноста за практично остварување на нејзините замислени проектирани цели морала да се задоволи со постојните поволности преку кои во иднина и ќе се обиде да ја задржи можноста за директно влијание внатре во Османлиската Империја преку правото за „грижа” врз христијанското население. Оваа легална основа произлезена од мирот со Османлиите давала широк маневарски простор врз огромен број население со православна религија, вклучувајќи ги словенските (како на пр. Србите), но и несловенските народи како Грците и Романците итн. Дополнително, како алатка за Русија било промовирано и пансловенското движење. Но, останатите големи сили не мирувале и не можеле да дозволат промена на балансот на

силите во корист на Русија. Оттука балансирале со нивно вклучување и делувале (навидум) кон враќање на дел од суверенитетот на Османлиите. Повластената позиција на Русија се намалува и формално-правно со новиот договор потпишан во Париз во 1856 год. Овој договор значел одземање на привилегиите на Русија во Црното Море, но и на нејзиниот статус и ексклузивното право на гарант на христијанското население на Балканот. Така сега повеќе големи сили станале гаранти. Практично сите добија право да се мешаат во внатрешните работи, но ниту една немаше ексклузивитет. Оттука, кога веќе не можеше да ги реализира директно своите првични планови за физичка доминација, Русија ја преориентираше својата политика во поддршка на православните народи (како Грците),  а особено словенските (како Србите и Бугарите), за создавање на независни држави. Според оваа руска проекција, овие нови држави требаше да станат независни од Османлиската Империја, а во суштина зависни од Царска Русија која би делувала како еден нивен православен, односно пансловенски патрон и гарант за нивната безбедност. Така на пр. создавањето на грчката, бугарската и српската држава повеќе или помалку директно (па и воено) било поддржано од Царска Русија. Сепак, Русија секогаш не обезбедувала контрола над овие државички. Во Грција влијанието морало да се споделува со ОК, но и Франција итн. Во примерот на Србија, пак, во определен период се помирува дека истата потпаднала под сферата на австроунгарското влијание пред сè заради географската близината. Подоцна работите пак ќе бидат променети, а Србија ќе стане нивен партнер. Во подоцнежниот развој на настаните Русија ќе се најде особено погодена со

анексијата на Босна и Херцеговина (БиХ) од страна на Австро-Унгарија. Со цел да парира на австроунгарско влијание, Русија ќе го поддржи формирањето на Балканскиот сојуз, кој подоцна ќе влезе во финалната пресметка со Османлиската Империја околу нејзиниот европски дел. На крај, Русија ќе заврши во војна со Австро-Унгарија во поддршка на својот сојузник Србија. За ова подетално пишуваме подолу. Она што е значајно за нашата анализа е тоа што овие политики на Русија останаа силно врежани во свеста на Србите за Русија како нивен православен и братски словенски заштитник во големата и моќна муслиманска Османлиска Империја. Сите овие случувања на меѓународен план наметнаа големите европски сили, во обид да балансираат, повеќе да се вмешуваат во внатрешните работи на Османлиите стравувајќи од претерано силно влијание на Русија. Русија и Австро-Унгарија несомнено беа двете големи европски сили чии интереси беа најсилни на Балканскиот Полуостров.

Од претходново, несомнено се гледа дека една од најголемите закани за безбедноста на Османлиската Империја било руското царство. Оттука, Османлиите и немале некој избор освен да бараат сојузници во останати големи сили со цел да можат да го балансираат притисокот од Русија. Овој избор на надворешна политика на Османлиската Империја бил на линија со останати големи сили во тоа време, како ОК, Франција, а подоцна и Германија, кои не сакале ни да помислат на реализација на руските стремежи во однос на османлиските територии. Оттука не треба да изненадува сојузништвото на Османлиите со ОК и Франција во војната против Русија во 1856 год.,

позната како Кримската војна која завршила со спогодбата која веќе ја споменавме погоре. Нормално, победата над Русија била далеку од „чиста" победа на Османлиите врз Русите. Очигледна била помошта на ОК и Франција во добивањето на оваа војна и со тоа анулирање на претходно здобиените ексклузивни права на Русија во Османлиската Империја. Сепак, ова сојузништво си имало и своја цена. Сега не биле само Русите кои имале право да се мешаат во внатрешните работи на Османлиите. Сега со такви права се стекнале и ОК и Франција. Оттука, Османлиите морале да внимаваат на балансот кој го правеле за сметка на Русија да не им се одрази претерано негативно и Османлиската Империја целосно да потпадне во прегратките на една друга сила. Со сите овие случувања, статусот на Османлиската Империја како една од големите сили дефинитивно бил доведен во прашање. Меѓутоа, заради важните геостратешки позиции каде што истата се простираше, како и заради одржување на балансот на силите и спречување со амбициозниот руски експанзионизам, на Османлиската Империја вештачки ѝ беше дозволено да го одржува статусот на голема европска сила уште некое време. Сепак во пракса султанот честопати морал да биде задоволен со само номинална, а не и вистинска и реална контрола на делови од својата територија[14]. Дополнително, односите со новите балкански држави кои се создаваа со поддршка на големите сили беа лоши од проста причина што истите имаа сопствени експанзионистички политики на сметка на

[14] Таква е на пр. БиХ, но и Бугарија и Србија кои пред да станат независни формално-правно беа дел од Османлиското Царство како еден вид територии со широка автономија

Османлиската Империја. Интересно за Србија, Бугарија и Грција е што од провинции во Османлиската Империја ќе станат независни држави и директна закана за истата. Во овие испреплетени негативни односи за империјата, дури и нејзините сојузници честопати во определени моменти делуваа јасно против Османлиската Империја, како на пр. за време на грчката војна за независност, кога ОК, па и Франција јасно застанаа на страна на Грците. Претходно за времето на Наполеон, Франција беше закана за одредени османлиски провинции итн. Или кога ОК дури и војуваше директно против Османлиите за Египет. Сепак заради заканата од Русија, Османлиите беа принудени да бараат сојузници, но притоа тежнееја да не се потпираат на само една голема сила од која би биле целосно зависни. Токму затоа со тек на време го зајакнува и сојузништвото со Германија како противтежа на влијанието на ОК и во тоа веројатно успеаја по 1878 год. Секако дека и сојузот со Германија не се градеше нешто претерано лесно заради силните врски со Австро-Унгарија, која пак имаше определени претензии кон Османлиската Империја, а во определена мера и ги помагаше српските востанија против Османлиите. Сепак, едно е сигурно. Османлиската надворешна политика имаше една јасна цел. Да се изгуби што е можно помалку територија и да се задржи статус-кво ситуацијата. Повремените буни и востанија во рамки на империјата и особено бруталниот начин на кои истите беа задушувани не помагаа во таа цел заради негативната слика во Европа. Конечно, Османлиската Империја, значајно разнишана од војната со Италија и востанието во Албанија, се најде во нова војна против балканските држави

организирани во Балканскиот сојуз во кој една од клучните членки беше и Србија. Во овој момент кога империјата била прилично изнемоштена од војната со Италија и немирите во Албанија, побарала и подиректна помош од Австро-Унгарија во однос на неутрализирање на српската закана, но не добила поконкретен одговор и помош. Претходново е особено интересно зашто и самата Австро-Унгарија, ќе видиме подолу, се чувствувала загрозена од Србија, но сепак имала само ограничена улога без воени дејствија на терен за време на балканските војни. Исходот од оваа војна ќе биде ставање крај на османлиското владееење во Европа и создавање на една поголема и помоќна Србија.

Каде беше Австро-Унгарија во сето ова? Двете империи имаа голема сличност во фактот дека беа мултинационални. Евентуалниот распад на Османлиската Империја и создавањето национални држави можеше да биде опасен преседан кој би можел да се повтори и во австроунгарската држава. Сепак, како што веќе рековме, нивните односи беа далеку од идеални. Имено, со нападот на Виена Османлиите беа закана бр. еден за опстанокот на државата на Хабсбуршката монархија, за да работите се сменат по анексијата на Унгарија и Хрватска од страна на Хабсбуршката монархија. Претензиите на Австро-Унгарија за свое влијание беа насочени кон Балканскиот Полуостров, кој воедно беше и европскиот дел на Османлиската Империја. Сепак заради големата руска закана за Османлиската Империја, како и останатите политики на големите сили и создавањето на помали државички на Балканот, Австро-Унгарија мораше да ја преориентира својата експанзионистичка политика од држава која беше закана за Османлиите во

држава која посакуваше одржување на статус-кво ситуацијата, односно не посакуваше уништување на Османлиската Империја, но не ја посакуваше ниту како премногу моќен сосед. Последното територијално проширување на сметка на Османлиите беше БиХ. По Конгресот во 1878 год. територијата на БиХ практично била доделена на администрирање на Австро-Унгарија, но под номинален суверенитет на османлискиот султан. Меѓутоа, во годините кои следеле и превирањата внатре во Османлиската Империја било најавено ревоведувањето на Устав што криело можност од повторно реинтегрирање на БиХ во Османлиската Империја. Затоа Хабсбуршката монархија се решила и за формално-правно анексирање на БиХ во 1908 год. (Urban, 2014). По ова Австро-Унгарија имала поприлично конзервативна политика на одржување статус кво. Значи од 1908 год. додека другите големи сили експанзионистички се бореле и освојувале колонии, Австро-Унгарија имала политика за неменување на границите (Hannig, 2015). Секако, претходново тврдење може да биде оспорено заради индиректното вмешување во балканските војни во врска со создавање на албанска држава (за што пишуваме подолу). Сепак и овој потег (анексијата на БиХ) ги комплицирал односите со Србија и Русија. Имено, Австро-Унгарија не гледала со премногу симпатии на новите словенски балкански држави кои биле конципирани како национални наспроти мултинационалниот концепт на монархијата. Претходново особено е точно, како како што веќе кажавме и монархијата во својот состав имаше огромно словенско население. Така кога веќе стана јасно дека Србија ќе биде посебна независна словенска држава, Австро-

Унгарија се потруди „да ја помогне” ставајќи ја под целосно економско (па и секакво друго) влијание. Сепак, како што ќе видиме подолу, Србија подоцна ќе стане независна од австроунгарското влијание и дополнително под влијание на Русија ќе влезе во Балканскиот сојуз, кој пак ќе биде победнички над Османлиската Империја. Секако дека сето ова значело и една поголема и посилна Србија. Австро-Унгарија сепак не се решила за воена интервенција на страна на Османлиите, со што би пробала да го задржи статус-квото и би превенирала Србија да стане премногу моќна. Се чини дека Австро-Унгарија имала повеќе дилеми за заземање на курс во надворешната политика по ова прашање. Меѓутоа и покрај ова постоеле проекции за тоа колкаво проширување на Србија ќе можело да биде толерирано, особено во делот на проектираниот австроунгарски интерес на територијата на Западен Балкан како нивна ексклузивна зона на влијание. Инаку односите со Србија постепено само се заладувале почнувајќи од економската војна, понатаму анексијата на БиХ (прифатена многу болно во Србија која имала амбиции таму) преку индиректното вмешување во текот на балканските војни, па сè до клучниот момент за објава на војна во 1914 год. Во однос на Бугарија, прашањето било комплицирано, но долгорочно имало некаква идеја дека и таа треба да е во најмала рака во некаков сојуз со монархијата. Тоа и се остварило за време на Првата светска војна. Слична била политиката и кон Романија, каде што од една страна монархијата била сојузник во однос на заканата од Русија, но од друга страна во монархијата веќе живееле голем број Романци кои биле еден вид граѓани од втор ред. Во однос на можното сценарио за уништување на

Османлиската Империја во нејзиниот европски дел, Австро-Унгарија ги проектирала своите интереси во западниот дел на Балканскиот Полуостров.

Кога веќе сме кај западниот дел на Балканскиот Полуостров, треба да се истакне дека за истиот биле заинтересирани и Османлиската Империја (во чиј состав бил сè до балканските војни), Србија која сакала излез на Јадранот, Црна Гора, албанското движење, како и Италија. Инаку за Италија би требало да се напомене дека станувало збор за држава која била дел од европските сили, но со понов датум. Имено, некаде пред 1871 год. всушност и немало италијанска држава, туку бројни мали државички расфрлани по Полуостровот (иако процесот на обединување веќе беше започнат). Дури по нивното обединување, Италија постепено се вклучувала во елитен клуб на европски сили. Она што треба да го истакнеме е дека обединетата италијанска држава се создавала токму и со војна против Австрија, која сакала да ги доминира малите разединети италијански државички. По ова австроунгарската политика се преориентира кон Балканот, но оваа победа на италијанската идеја за обединување наспроти австриските планови за доминација многу подоцна ќе биде водилка, пример и мотивација за српските планови за обединување на Јужните Словени во една држава па ако е потребно и преку војна со Австро-Унгарија. Меѓутоа и долго време по влегувањето во овој елитен клуб на европски сили, Италија била еден од послабите негови членови. Географски била релативно близу до уште послабата Османлиска Империја која била во распаѓање. Оттука се чинело природно своето влијание да проба да го сконцентрира во делови на Османлиската Империја. Проекциите за влијание на

Италија гравитирале долж балканско-османлискиот дел на Јадранското Море пред сè во Западен Балкан и Албанија (но и Далмација и други делови на Австро-Унгарија). Дополнително, кога за тоа се овозможила шанса во 1911 год. Италија ги нападнала и зазела Dodecanes islands и Либија од Османлиската Империја. На овој начин, Италија се позиционирала наспроти Османлиите, но и наспроти Србија (па и Црна Гора) кои тежнееле кон јадранскиот брег. Секако дека ваквата политика на Италија не ја правела нешто посебно среќна и Грција, но најважно од сè ја доведувала во директен судир со австроунгарските интереси. За време на анексијата на БиХ, промената на сферите на влијание и балканските војни, Италија немала некоја голема директна улога и опортунистички настапувала дека во можни промени на границите и таа требала да добие компензации. Сепак, нејзината војна со Османлиите околу Либија била еден од клучните моменти балканските држави да се решат да влезат во војна со Османлиите, токму во тој момент поаѓајќи (правилно) од претпоставката дека империјата е изнемоштена од војната со Италија.

Слично како Италија, и Германија била држава која се придружила на елитниот клуб на европски сили, дури по нејзиното обединување под водство на Бисмарк. Веројатно дури некаде по 1871 год. можеме да зборуваме за Германија како дел од европскиот ексклузивен клуб на големи сили. Сепак постоела една круцијална разлика со Италија. Германија била далеку побрзорастечка и помоќна држава од Италија. Нејзините тежнеења и политика биле насочени кон измена на постојниот баланс на силите на светско ниво. Балканот бил само еден делче од ова за кое и немале нешто претерано

голем интерес. Како што веќе споменавме, нивната политика била функционирање како еден вид патрон на Османлиската Империја, развивање на економски односи, одржување на статус-кво ситуацијата и создавање сојузник во лицето на Истанбул. Оваа политика била  дел од поширокaта стратегија на Германија за создавање на сојузништва, со цел во определен момент да биде во состојба да се наметне како фактор кој ќе успее да го промени балансот на силите и во најмала рака да стане еднаква, а можеби и помоќна од ОК и Франција. Токму во рамките на оваа политика (покрај другите причини) се градело и партнерството и сојузништвото кон природно блиската и Хабсбуршка монархија, каде што австриските Германци биле клучен фактор во одлучувањето. Меѓутоа, и заради нив Германија подоцна ќе биде втурната во балканските прашања и проблеми. Треба да се каже дека дури на моменти ја коригирале својата политика кон Османлиите, а со цел да угодат на монархијата во нивната желба за анексија на БиХ (што пак се косело со политиката на одржувањето на статус-кво ситуацијата кон Османлиите). Сепак, со тек на време Германија успеала да се наметне како број еден сојузник на Османлиската Империја, што пак ги водело во конфликт со Русија, ОК и Франција. Германија немала некој интерес во создавањето на бројни словенски државички на Балканот и ги поддржала Австро-Унгарските амбиции (без разлика колку имало интерес за тоа) за анексија на БиХ, но и подоцна во клучниот момент при објавата на војна од страна Австро-Унгарија на Србија пред почетокот на Првата светска војна. Германија верувала дека Русија ќе размисли два пати пред да ѝ објави војна на Австро-Унгарија ако тоа значи и војна со

Германија, а дополнително верувале дека Русија во тој момент не е подготвена за војна и ќе ѝ биде потребно подолго време за да изврши мобилизација. Со второто сценарио, Германија до некаде ѝ посакувала војна со Русија во тој момент. Она што е интересно за нас е дека била минорна веројатноста Австро-Унгарија да влезе во војна со Србија без јасна германска поддршка.

Во однос на ОК, пак, можеме да кажеме дека несомнено беше една од најмоќните сили. Како најразвиена индустриска сила имаше особен интерес во обезбедување на рутите со суровини кон нивната колонија во Индија. Согласно со претходново, нивните интереси во Османлиската Империја биле претежно сконцентрирани во источниот Медитеран и Суецкиот канал. Со цел да осигури сопствено директно влијание во регионот на источниот Медитеран но и на Балканот, ОК интервенирало против Османлиите за создавање грчка држава на Пелопонез. Во однос на Суецкиот канал де факто бил контролиран од ОК, а султанот морал да се задоволи само со номинална контрола. За таа сметка, пак, ОК било на страната на Османлиите во војната со Русија. Секако дека претходново беше и во британски интерес, зашто нивната политика кон Османлиите се состоеше во тоа да биде фактор на балансот. Имено, како што објаснивме претходно, Османлиската Империја беше во заоѓање па можеше да се очекува дека некоја од европските сили ќе се обиде да се наметне како фактор во империјата. ОК не дозволува тоа да се случи. Заради фактичката состојба тоа била Русија, па ОК опонирало на Русија не дозволувајќи им монопол. Така како што веќе кажевме директно интервенирале во османлиско-руската војна во 1853

год. на страна на Османлиите, со што ги спасиле од сигурен пораз. Меѓутоа, оваа политика полека била напуштена, а местото на ОК полека го заземала Германија. Веќе во војната на Османлиите и Русија во 1878 год. ОК останале неутрални. Можеме слободно да кажеме дека долги години ОК беше основата на балансот на руското влијание во Османлиската Империја и тоа во еден подолг период и тоа нешто пред грчкото востание во 1921 год. па сѐ до 1878 год. Веројатно промената на оваа политика се должела на сознанието дека е невозможно задржување на Османлиската Империја и очекувањето за нејзиниот неминовен крах (барем во Европа). Сепак ОК има цел ниту една голема сила да не обезбеди доминација врз поранешната територија на Османлиите. Британската неутралност (со ветена поддршка за евентуално продлабочена војна во Азија) ги чинела Османлиите преземање на Кипар во 1878 год. и Суецкиот канал односно Египет во 1882 год., на кој по сето ова има само некаква номинална контрола. Во исто време го задржува влијанието на Балканот преку грчката држава како нејзин патрон. Османлиската Империја исто така била важна за бројни британски бизниси. Оттука ОК се труди да ја одржи статус-кво ситуацијата колку што може подолго. Кога веќе бил очигледен крајот на Османлиската Империја во Европа, ОК поддржува создавање на мали нови независни држави како одговор на некои идеи за поделба на империјата помеѓу други европски сили. Османлиското Царство пак одговори со приближување кон Германија за што на крај ќе завршат и во воен сојуз за време на Првата светска војна и војна со ОК. Во однос на Србија, ОК и немала некои големи врски со истата која ја сметала

за мала незначителна државичка. Меѓутоа за време на Првата светска војна ОК завршува како сојузник на Србија, но причините за тоа нема да бидат некаков сојуз меѓу двете држави туку несреќното германско делување во неутрална Белгија и стравот од промена на балансот во Европа заради можноста Германија да ги порази Франција и Русија.

Во оваа анализа не можеме да ја игнорираме и улогата на Франција како една од европските сили. Генерално за нејзината улога во Османлиската Империја можеме да кажеме дека во најголем дел од времето истата главно имала економски интерес. Сепак, ако се вратиме наназад во времето ќе видиме дека во времето на Наполеон Франција дури имала и големи политички планови за Османлиската Империја. Француските амбиции за контрола на Суецкиот канал и пошироко врз Египет и Сирија (тогашни османлиски провинции) воопшто не биле тајна. Посебно во 1798 год. со француската инвазија врз Египет и Сирија. Сепак, по дефинитивниот пораз на Наполеон, целата политика на Франција била променета. Трговијата со Османлиите била ставена на прво место, зашто била многу профитабилна за Французите. Сепак со текот на времето и како одминувале годините по тешкиот пораз на Наполеон, Франција се обидувала повторно да го заземе своето место како една од големите европски сили која не смеела да биде игнорирана. Оттука, плашејќи се дека Русија и ОК ќе остварат целосна доминација и влијание заедно со нив интервенирала против Османлиите во 1820 год. со цел создавање грчка држава. Исто така интервенирала во Кримската војна на страната на Османлиската Империја. На овој начин обезбедила и силно политичко влијание во Османлиската

Империја, притоа следејќи го рускиот пример добила права од Османлиите да биде еден вид протектор на католиците кои живееле во Османлиската Империја. Воедно, Франција одржувала посебни врски со Романија, со која и културолошки била блиска по примерот на руското пансловенско влијание. На Романија се гледало и како на еден бастион среде словенска култура. Преку овие инструменти, Франција обезбедувала баланс кон Русија, но и кон ОК. Сепак по создавањето на Србија, Французите се обиделе да се наметнат како фактор и покрај силното австроунгарско и руско влијание. Впрочем стекнувањето на српската економска независност се должело помеѓу другото и на соработката со Франција за што се гледало многу благопријатно во Србија и се развиле пријателски врски. Конечно двете држави завршиле во истиот сојуз за време на Првата светска војна (па и Втората светска војна).

Меѓународниот систем пред Првата светска војна бил систем на баланс на моќта помеѓу големите европски сили како ОК, Франција, Русија, Австро-Унгарија, Османлиската Империја, Италија и Германија. Не постоела некоја светска универзална организација (од типот на Лигата на народите по Првата светска војна, на пр.) каде што проблемите ќе можеле да се дискутираат, решаваат или да се промовира некаква колективна одбрана. Наместо тоа постоел системот на повремени ад хок конгреси. Нормално, тука учествувале само поканетите држави каде што практично големите европски сили решавале за остатокот од светот (вообичаено без претставници на остатокот од светот). Како што објаснивме претходно, иако биле дел од овој ексклузивен клуб, сепак истите не биле еднакви по својата моќ, а секоја од нив си имала сопствени

интереси. Кога со текот на времето станало јасно за неминовниот колапс на една од нив – Османлиското Царство, тоа ја отворил Пандорината кутија за влијанија и контрола на нејзините територии. Овој момент имал силно психолошко влијание во Австро-Унгарија која во многу нешта имала заеднички карактеристики со Османлиската Империја. Австро-Унгарија била решена да не дозволи да биде вториот болен човек, овојпат од Јадранот. Инаку, станува збор за временски долг период во кој и не користела премногу голема технологија за комуникација помеѓу државите, иако работите сè повеќе се менувале со сè побрзиот развиток на технологијата, како во сферата на комуникациите, така и во воената индустрија (особено за време на Првата светска војна). Може да се каже дека во принцип дипломатите односно амбасадорите во странските држави уживале голема комодитет и авторитет во презентирање и толкување на ставовите на нивните матични држави и тоа не само заради тоа, зашто не секогаш можел да се чека официјалниот одговор од матичната држава, туку и заради тоа што самите амбасадори доаѓале од редот на аристократијата, честопати и крвно поврзани со кралските фамилии (Sowards, 1996). Дипломатски јазик, односно јазикот кој се користел во дипломатијата помеѓу дипломатите и во комуникација со претставниците на државата домаќин бил францускиот јазик. Оттука кога се испраќале дипломати во странска држава тие морале да го познаваат францускиот, но незадолжително и јазикот или локалните јазици кои ги говорело населението, но тоа и не се сметало за некој пропуст зашто народните ставови и желби ретко биле земени предвид при носењето на

одлуките. Едноставно дипломатијата се сметала за нешто повисоко и нешто што обичната народна маса секако не може да го разбере. Дипломатијата, преговорите, носењето на одлуките, стапувањето и истапувањето во сојузи, па дури и прашањата за војна и мир, честопати се воделе тајно, далеку од очите на јавноста. Но како што кажавме биле правени и напори за користење на помодерни комуникациски средства во служба на дипломатија. Така на пр., со усовршување на телеграфот пораките стигнувале многу побргу од претходно, а веќе во 1900 год. бил откриен и телефонот. Секако дека овие технологии постепено имале влијание и во намалувањето на степенот на независност, но и воведување на еден вид поголема контрола врз амбасадорите кои со тек на време од косоздавачи сè повеќе се претворале во толкувачи на политиката на нивните држави.

## 4.4. Создавањето на Србија и основата на нејзините политики

### 4.4.1. Создавање на српска нација

Откако ја направивме генералната анализа на меѓународниот систем и неговите главни актери односно на државите-големи сили можеме да преминеме кон подетална обработка на Србија, нејзиното создавање и политики. Со цел да ги разбереме подобро причините и одлуките кои воделе во војната со Австро-Унгарија во 1914 год., анализата ќе ја започнеме прилично широко и од поодамнешен датум. Еден век претходно Србите

живееле поделени во две големи мултинационални империи, каде што владееле династии, а на националната припадност не ѝ се придавало некакво големо значење, барем не во она современо разбирање на нештата[15]. Претходново особено било точно за Османлиската Империја (во чии рамки била целата територија на она што подоцна ќе стане независна српска држава), каде што сите биле потчинети на султанот и практично единствената разликата која се правела и всушност важела била поделбата на муслимани и христијани. Сепак со тек на време работите се промениле. Несомнено, националните движења преку нивните дејци го направиле своето. Сепак националното будење и национализмот не дошле преку ноќ. Воедно треба да се потенцира дека националното будење било во комбинација со други објективни фактори. Така, уште во последователниот периодот по поразот на Османлиите во војните со Австрија за кои пишувавме погоре, голем број на јаничари[16] кои учествувале во походите, заедно со определено муслиманско население кое бегало од териториите заземени до Австро-Унгарија, се населувале на северната граница на Османлиската Империја, при што значаен број и во Белградскиот пашалак (местото каде што ќе настане идната српска држава). Пашалакот бил раководен од Хаџи Мустафа како претставник на султанот. Токму со нивното доаѓање работите се промениле во пашалакот. Дотогашниот начин на заеднички живот на српското православно (главно селско) население

---

[15] Честопати биле и регрутирани во војските на матичните држави и влегуваат во братоубиствени војни
[16] Турски војници, земени како деца од христијански фамилии за да се борат за Османлиите

и муслиманите под раководството на Хаџи Мустафа бил релативно хармоничен. Мустафа бил ценет како од муслиманското така и од христијанско-српско население. Меѓутоа, токму новонаселените јаничари жедни за власт и моќ го убиваат Мустафа, по што де факто го преземаат раководењето со белградскиот пашалак. Поточно на власт доаѓаат нивните водачи познати како четирите дахии. Нивната власт во голема мера била автономна и надвор од контрола на централната власт во Истанбул. Хоророт врз православното население под нивна власт вклучувал кражби, силувања и секакво друго насилство. Едноставно завладеала анархијата. Инаку преземањето на власта во белградскиот пашалак во 1801 год. било овозможено помеѓу другото и заради слабеењето на централната власт во империјата и нејзината преокупираност со заканата од Наполеонова Франција. Така во 1798 год. добар дел од трупите на Балканот, султанот ги префрлил во Египет заради можноста од инвазија од страна на Наполеон. Секако ова влијаело за четирите дахии без некој посериозен отпор го преземаат владеењето на пашалакот неколку години подоцна во 1801 год.

Со сето ова слободно можеме да констатираме дека положбата на обичниот српски селанец (а тоа било огромно мнозинство од популацијата) драстично била влошена. Населението било принудено да мора да плаќа двојни давачки, една кон султановите легални даночници и една нелегална, наметната од локалните моќници. Секако дека сето претходно влијаело во процесот на создавање општо заедничко чувство и потреба на отфрлање на неправдите, самоволието на власта и новите даноци

што пак го забрзало и српското будење и создавање чувство за национална припадност. Сепак, не можеме да кажеме дека чувството за посебност не постоело и претходно. Едноставно и претходно српското население имало определена свест за посебност. Како што рековме, во Османлиската Империја основната разлика која се правела меѓу населението била во религиска смисла. Оттука, Србите знаеле дека не се муслимани. Имено, османлиската власт не го принудувала локалното население да ја промени верата, но истовремено постоеле јасни пишани и непишани поволности за муслиманите. Покрај верата Србите можеле да ја согледаат својата посебност и преку фактот дека имале сопствен словенски јазик, различен од турскиот (официјалниот јазик во империјата и јазик на мнозинство од муслиманското население во неа), но и грчкиот (инаку исто така јазик на грчкиот православен народ, но и јазик на кој се одвивале службите во црквите). Идентитетот на Србите во империјата дополнително се зајакнува по настаните по неуспехот на Османлиите во опсадата на Виена. Како што веќе кажавме, една од последиците за оваа авантура на Османлиите била поместување на границата на југ која сега практично била граница со белградскиот пашалак на османлиско-австроунгарската граница. Ова придонело да се појават нови идеи, погледи и можности за Србите. Така на пр. се отвориле можности за прекугранична трговија, а контактите помеѓу Србите од двете страни на границата постепено се засилувале. Одреден дел од Србите се школувале во Австро-Унгарија, каде што и ги добивале идеите за новите европски движења. При овие контакти Србите од Османлиската Империја имале можност да видат од

прва рака постоење и функционирање на христијанска држава каде што христијаните се носители на моќта, па дури се и привилегирана класа. Преку овие контакти Србите можеле да согледаат дополнителни карактеристики за сопствениот идентитет. Така, била очигледна разликата со германскиот јазик, меѓу православието и католицизмот итн. Овој конфликт на Османлиите со Австроунгарците бил битен и заради уште еден момент за Србите. Имено, за време на војната имало Срби кои биле регрутирани и служеле во војските од двете страни. На овој начин дел од српското селско население се стекнало и со воено искуство и определено знаење за воените тактики и начини на војување.

Веројатно можеме да кажеме дека и националното српско движење било поттикнато барем индиректно од сите овие контакти и од можноста на Србите да видат како функционира една христијанска империја како Австро-Унгарија. Не треба да заборавиме дека и Австро-Унгарија своевремено имала определени претензии кон европскиот дел на Османлиската Империја, па оттука веројатно и сакала да ја ослабне преку определено влијание и добивање определени симпатии од страна на српското христијанско население. Сето ова во комбинација со сè повидливата агресивна политика на Русија кон Османлиите, кај српското население почнало да создава чувство дека сепак е можен пркос, па дури и отпор кон муслиманската Османлиска Империја, дури и од локално православно население.

### 4.4.2. Српските востанија

Сето претходно за кое пишувавме погоре придонесе во кревањето на првото српско востание во февруари 1804 год. во Белградскиот пашалак (Смедеревски санчак). Сепак постои уште еден елемент кој беше значаен, а не го споменавме до сега. Претходно Србите во Белградскиот пашалак уживале одредена минимална автономија. Така, ја имале можноста да го собираат данокот сами и да избираат сопствени селски водачи познати како кнезови. Дури имаше и одредена српска милиција, која била во служба на султанот. Сега токму тие српски кнезови, делови од милицијата и, нормално, обичните селани се одметнале во планините и го започнале Првото српско востание. Според некои проценки не станувало збор за бројка поголема од 30.000 луѓе, што пак воопшто и не е за потценување во однос на големината на Белградскиот пашалак. Лидер на ова движење кое ќе прерасне во востание е Караѓорѓе, основач на истоимената династија[17]. Тој уживаше голема популарност кај српското население заради неговата работа како локален селски лидер - кнез. Она што е интересно за него е тоа што имал и значајно воено искуство служејќи во српскиот полк во рамките на австоунгарската армија за време на војната со Османлиите претходно. Сепак треба да се истакне дека Србите и покрај фактот што имале својот водач, сепак имале и големи внатрешни поделби. Станува збор за бројни кнезови и воени лидери - војводи кои опонирале на

[17] Наречен така по неговиот црн тен (црн Ѓорѓе преведено од турски) инаку неговото вистинско име е Џорџе Петровиќ

нивниот водач. Кнезовите го оформиле Советот кој како орган честопати бил во конфликт со Караѓорѓе.

Сепак, иако бунтот започнал како обично движење против самоволието на дахиите, бргу прераснал во вистинско востание со повисоки цели. Впрочем и случувањата на терен тоа го диктирале. Кога веќе еднаш била започната буната едноставно било многу тешко нештата да се вратат наназад. Султанот колку и да сакал да го реши проблемот по мирен пат, сепак не смеел да го игнорира муслиманскиот карактер и елемент на империјата кој барал силно, брзо и одлучно справување со христијанските бунтовници кои се дрзнале да убиваат муслимани и тоа внатре во Османлиското Царство. Секој обид за преговори ќе влијаел на угледот на султанот. Од друга страна, пак, султановиот авторитет не бил нешто посебно силен и кај бунтовниците кои тешко дека верувале во неговите гаранции за безбедност доколку го положат оружјето. Впрочем бунтот започнал заради самоволието на локалните моќници и неспособноста на централната власт да го одржи редот. Оттука, повеќе или помалку, султанот Селим бил принуден да прати армија да ги сузбие српските бунтовници. Токму оваа одлука на султанот ја сметаме за пресудна. Овој момент го означил карактерот на буната како востание против Османлиите, односно директно против султанот и неговите војски. Сè до овој момент ова можело да се третира како локална буна на вооружени незадоволни селани. Директниот судир на српските востаници со султановите војски го привлекло вниманието на големите сили, особено Русија и Австро-Унгарија од кои српските востаници очекувале поддршка. Русија се вмешува директно со војната против Османлиите (заради други причини)

со што дава силна поддршка на српските востаници кои во 1807 год. дури успеале да го ослободат и најголемиот град во Србија - Белград. Со поддршката од Русија српските востаници веќе можеле да размислуваат и за барања за кои тешко дека ги имале предвид при започнувањето на буната, како на пример барање за самостојна независна држава. Токму оваа промена на ситуацијата ја увидува и султанот кој сега нуди автономија на Белградскиот пашалак, но во рамките на Османлиската Империја. Се чини дека пресудно за одбивањето на овој статус било влијанието од Русија и поддршката за создавање на независна српска држава. Меѓутоа, за бргу време дошло до драстична промена на ситуацијата како внатре во империјата, така и на меѓународната сцена. Во рамки на Османлиската Империја дошло до промена на султанот врз кој е извршен атентат. Новиот султан не бил расположен за преговори и сакал да се докаже на новата позиција. Еден од неговите први потези бил испраќање на силна армија која повторно го зазема Белград во 1808 год. Српските востаници се принудени да бегаат онаму од каде што и го почнале востанието во српските шуми, а дел од нив и преку границата во Австро-Унгарија[18]. Сепак ова не било крајот на востанието. Но, на меѓународен план во 1812 год. Франција ја нападнала Русија по што истата барала итен мир со Османлиите оставајќи ги српските востаници на цедило. По овој голем пораз на српските востаници, султанот не го одобрил барањето на српските лидери за автономија онаква каква им ја нудел султанот Селим. Востанието било брутално

[18] Се смета дека над 100.000 Срби пребегнале низ границата

задушено. Секако дека станува збор за учење на важна лекција. Големите сили ќе ве поддржуваат само додека тоа им е во интерес и ќе немаат некој голем морален проблем таа поддршка да ја прекинат во моментот кога тоа ќе им биде од нивен интерес, без разлика на претходно дадените ветувања. Впрочем руската поддршка била неконстантна и во годините пред францускатa инвазија на Русија, а востанието во Србија го користеле како еден инструмент плус во своите преговарачки позиции.

По задушувањето на Првото српско востание, Османлиите ја повратиле целосната контрола врз белградскиот пашалак. Со цел спречување на идни востанија понудиле амнестија и можност за враќање на српски лидери како кнезови. Сепак не поминало премногу време пред Османлиите да го променат својот пристап и почнале да стануваат сè попараноични применувајќи сурови методи да испрашуваат селани барајќи скриено оружје и сл. Со цел да го заплашат локалното српско население и да демонстрираат сила, Османлиите спроведувале и разни маскари. Паралелно имало и покачување на висината на давачките. Меѓутоа сето ова имало обратен ефект кај Србите. Оттука и најавите и шпекулациите дека Караѓорѓе, водачот на Првото српско востание, планирал да се врати од егзилот од Русија. Меѓутоа, како што веќе рековме, сите кнезови не биле среќни со овој лидер. Помеѓу нив бил и кнезот Милан кој бил еден од најжестоките критичари на Караѓорѓе во Советот за кој пишувавме погоре. Меѓутоа, кнезот Милан во мистериозни околности бил отровен. Неговиот полубрат, Милош Обреновиќ за ова директно го обвинил Караѓорѓе. Всушност, и Милош исто така бил голем критичар на

Караѓорѓе. Османлиите ја искористиле оваа внатрешна поделба и го назначиле Милош за администратор на три дистрикти практично овозможувајќи му голема моќ. Милош кој и претходно бил популарен помеѓу српското население со тек на време паралелно со зголемувањето на својата моќ ја зголемувал и својата популарност. Во истовреме си ја подобрил положбата и кај централната власт во Истанбул кога им ја предал главата од водачот на Првото српско востание Караѓорѓе, убивајќи го кога тој се вратил во Србија. Со овој потег постигнал две цели, го елиминирал својот опонент и добил симпатии во Истанбул. Разбирливо, овој чекор не бил одобруван од српското население. Практиките на терор на Османлиите продолжувале. Милош знаел дека политиката на останување верен на Османлиите долгорочно ќе го направела непопуларен помеѓу Србите. Дополнително имало информации дека се подготвува масовно убиство на српските кнезови од страна на централната власт. Сето ова придонело Милош од верен поданик на Османлиите да се претвори во водач на Второто српско востание.

Несомнено, Милош бил многу интелигентен лик, а неговото дејствување веројатно било и во согласност со определени совети од странство. Така, официјалната пропаганда на востаниците била борба за еднаквост на христијанското население со муслиманското. Заробените османлиски војници не биле убивани, а исто така се постапувало и со цивилите. Сето ова било дел од пропагандата наменета пред сѐ кон Западот (вклучително и Австро-Унгарија), каде што српските востаници преку интервјуа за печатот се стекнувале со големи симпатии наспроти Османлиската Империја. На

меѓународен план, пак, турбуленциите конечно биле стивнати со конечниот пораз на Наполеон во 1815 год. Претходниов момент конечно оставил одврзани раце за повторно силно руско вмешување. Заради ова султанот побрзал да им понуди автономија на Србите со цел сопирање на востанието. Овој пат востаниците ја прифатиле понудата. Мошне значаен елемент на автономијата бил фактот што истата вклучувала и создавање на официјално собрание. Второто српско востание завршило во 1917 год. Сепак, Русија си имала сопствени интереси зошто да влезе во војна со Османлиската Империја, а фактот што Србите и Османлиите се спогодиле играл многу мала улога во  нивната одлука за нова војна со Османлиите во 1828 год. Сепак, Србите имале бенефит од овој воен конфликт заштo во 1830 год. нивната автономија била дополнително зајакната и со тек на време само номинално биле дел од Османлиското Царство. Големата улога на интелигентниот Милош се огледа не само во отфрлувањето на османлиското владеење (де факто), туку и во обезбедување на „духовна автономија” каде што српската црква се ослободила од грчката црковна доминација. Претходново било исклучително важно за процесот на создавање на српската нација, заштo ова било проследено со создавање на образовен цирикулум во училиштата (првично во рамки на црквите) во кои се учела српска историја на српски јазик и соодветно се образувала младина во српски дух. Од овде може да се заклучи дека и помалиот партнер во асиметричен сојуз може да има и бенефит, дури и непосредно заради други цели и можности на својот голем сојузник. За повеќе околу внатрешните и

надворешните услови за време на двете српски востанија (види Sowards, 1996).

### *4.4.3.* ,,Начертаније"

Исклучително значаен лик во утврдувањето на општите подолгорочни правци на српската надворешна политика бил лидерот на уставната партија Илија Гарашанин. Во 1843 год. Александар Караѓорѓевиќ, син на познатиот Караѓорѓе, се враќа на власт. Во неговата влада за министер за внатрешни работи е назначен токму Илија Гарашанин. Она што е значајно за Гарашанин и не е толку фактот дека бил министер за внатрешни работи, туку тајниот меморандум испратен до принцот Александар во 1844 год. насловен како *Начертаније (нацрт)*[19]. Во овој документ Гарашин ги проектира српските сфери на интерес на Балканот и врз база на тоа и идното долгорочно дејствување со цел создавање на релативно голема и моќна држава. Српското право на териториите проектирани според Гарашанин генерално произлегувало врз база на историското наследство и слава на средновековната српска држава, но и фактот дека дел од Србите живеат надвор од српската држава. Овој програмиран српски експанзионизам неминовно ќе води во понатамошен судир со нивниот јужниот сосед - Османлиската Империја, а подолгорочно и

[19] Документот е целосно достапен во оригинал на српски јазик на Гарашанин, И., 2011. *Илија Гарашанин: Начертаније*. [online] Нова српска политичка мисао. Available at: <http://www.nspm.rs/dokumenti/nacertanije.html> [Accessed 16 October 2020].

северниот сосед - Австро-Унгарија. Имено, како српски витален интерес се претставуваат териториите на Босна и Херцеговина (БиХ), Црна Гора, како и сите останати делови од Османлиска Империја, каде што според него живеат Срби.[20] Но, проектираните српски територии не завршувале тука, туку се протегале и врз дел од османлиска Албанија, поточно нејзиниот северен дел, а со цел да се овозможи сигурен и директен излез на Јадранското Море. На овој начин Србија би се вброила во државите кои излегуваат на море. Согласно со оваа визија, Србија од малиот белградски пашалак би пораснала неколкупати во територија и население и би се трансформирала од зависна државичка без излез на море во држава со излез на море, моќен фактор кој не би можел да биде игнориран во овој дел на Европа. Практично, сите овие територии, т.е. територијата на БиХ, северните делови на Албанија, делот од Македонија итн. значеле политика директно насочена против територијалниот интегритет на Османлиската Империја (во чиј состав биле овие територии), истата онаа империја во која и Србија еднаш била дел. Остварувањето на овие цели барало директен воен конфликт со империјата која сè уште била воено моќна и многупати поголема од Србија. Но, како што веќе кажавме, реализирањето на овие цели кон Османлиите ќе беше само половичен успех,

[20] Според неговото сфаќање ова опфаќало и дел од османлиска Македонија, каде што иако е неспорно дека имало словенско православно население, сепак додека Гарашанин сметал дека истото е со српски карактер, другата словенска држава - Бугарија сметала дека истото е со бугарски карактер. Малку кој обрнувал внимание на изјаснувањето на ова словенско население едноставно како македонско, различно и од српското и од бугарското.

зашто меморандумот ги проектирал српските територии и во делови од Австро-Унгарија како Банат, Бачка, Војводина, па и дури и Славонија и Далмација; односно секаде каде што според сфаќањето на Гарашанин живееле Јужни Словени во рамките на оваа империја, иако и тој е малку повнимателен во овој дел. Како што веќе кажавме, овој меморандум подоцна ќе ги диктира правците и целите на српската надворешна политика, но своја примена ќе најде и внатре во српските училишта итн. Разбирливо меморандумот се чувал во најголема тајност. Особено во делот на неговите намери во однос на Австро-Унгарија кој не би требало да се открива никако пред успешното завршување на проекциите во однос на Османлиската Империја, а со цел Србија да избегне против себе да ги навлече двете моќни империи истовремено, со што нејзиното постоење директно би било загрозено. Дополнително, српските проекции во однос на Австро-Унгарија биле особено проблематични заради фактот што Србија во тоа време функционираше како еден вид протекторат на истата и била во голема (пред се економска) зависност. Оттука Гарашанин ја гледал Австро-Унгарија како подолгорочен непријател. Имено, борејќи се да ја задржи својата независност, како во однос на Османлиите така и во однос на големата православна словенска Русија, фактички пробувајќи да балансира, Србија всушност се нашла во ситуација на долгогодишна зависна положба во однос на Австро-Унгарија.

Но да се вратиме на *Начертаније*. Како што кажавме овој документ се чувал во најстрога тајност, но сепак неговите ефекти биле видливи пред сè во школите и цирикулумот кој се предавал по

предметот Историја. Имено, во почетокот на 1880 год. во Србија веќе имало консензус од потребата за овозможување масовно образование и тоа не како во дотогашната практика тоа да се одвива исклучиво во црквите, туку во државни јавни школи. За една деценија веќе пола од машката популација имале завршено основно образование, што било квантен скок во однос на поранешната состојба. Образованието било организирано како бесплатно и во целост контролирано од државата. Разбирливо меморандумот бил преточен во школскиот цирикулум. Младите Срби учеле за својата обесправена татковина и за бројните нивни сонародници - Срби кои сѐ уште ја немаат слободата. Практично, она што подоцна ќе стане дел од новата држава на Србите, Хрватите и Словенците (СХС) во српските учебници се претставувало како српски земји. Дури и формулацијата јужнословенски земји се користени ретко. Во овој цирикулум како посебен јужнословенски народ, покрај српскиот, се признаваа и словенечкиот и бугарскиот. Во однос на Хрватите, пак, истите биле идентификувани едноставно како српско племе со католичка вероисповед. Во однос на православните Македонци, истите биле именувани како Јужносрбијанци. Бидејќи и Бугарија полагала право врз Македонците истата била окарактеризирана како непријателска држава. На овој начин се создавале млади луѓе задоени во националистички дух, подготвени да ја исправат историската неправда во српските земји, како во Османлиската така и во Австро-Унгарската Империја. Секако дека имало ученици кои доаѓале и од БиХ за да добијат образование на српски јазик во Србија. Сите тие го добивале образованието што

говори за славната средновековна српска држава, борбата за слобода и сето тоа испреплетено со многу фолклор и мит (за повеќе види Sowards, 1996).

Согласно со претходново, Србија целела првенствено кон териториите на Османлиската Империја во Европа. Србија веќе имала искуство во борбата против Османлиите. Сепак, едно е да се борите во белградскиот пашалак со поддршката на Русија (додуша непостојана) со цел да се обезбеди автономија и можеби независност во моменти кога империјата е зафатена со побитни закани за нејзината безбедност, а сосема друго да се борите за воедно да ја поразите и по пат на употреба на сила да ѝ одземете територија. Да не заборавиме, Османлиската Империја со сите свои слабости и проблеми сепак беше една од големите сили со моќна армија. Дополнително српските интереси на терен се судрија со интересите и пропагандите на другите балкански држави, па сето ова било прилично економски исцрпувачки. Имено, Србија со цел да им конкурира на стремежите на Бугарија и Грција во Османлиска Македонија, морала да троши големи пари за пропаганда, да гради училишта и сл. со цел да создава лојалност на локалното македонско население. Подоцна ова не било доволно, па Србија финансирала и испраќање на вооружени чети составени од четници кои делувале како паравоени формации на просторот на Османлиска Македонија. Во меѓувреме Бугарија станала целосно независна држава во 1908 год., со што нејзините позиции и претензии кон Македонија само се зајакнале. Од друга страна, во меѓувреме БиХ била одземена од Османлиите и соединета кон Австро-Унгарија. Оваа надворешна политичка ситуација била трагична за Србија. Од една страна

многу средства биле вложени во остварување на *Начертаније* во европскиот дел на Османлиската Империја, а од друга страна тоа немало резултат. Во примерот со БиХ дури се случило и сосем спротивното, надежите за ослободување на БиХ од Османлиите и соединување со Србија биле драстично нарушени со нејзиното соединување во уште посилната Австро-Унгарија. Србија се чувствувала изневерено и по овој чин, непријателството кон Австро-Унгарија неможело повеќе да се крие. Ова било сосем разбирливо зашто во БиХ живееле голем број Срби, а Србија работела на терен против Османлиите, но одненадеж таа борба наместо да го даде посакуваниот резултат сега требала да се трансформира во борба против друга империја. Односите помеѓу двете држави дополнително се заостриле за време на Првата балканска војна, кога Австро-Унгарија преку упатувањето на ултиматум до Србија барала српските трупи под итно да се повлечат од северот на османлиска Албанија, притоа заканувајќи се со војна. На овој начин Австро-Унгарија не дозволила остварување на српските плановите за излез на море. Впрочем, австроунгарските црвени линии биле поставени на нивно ексклузивно влијание во западниот Балкан, па наместо создавање на голема Србија со излез на море претпочитале создавање на формално независна албанска држава, а во пракса еден вид колонија на Австро-Унгарија. Заради ова, Србија компензирала со територии од Македонија, што пак било протолкувано како непријателски потег од Бугарија кој ја започнува Втората балканска војна. За српско-австроунгарските односи пишуваме подетално во делот што следи.

## 4.5.Српско-австроунгарските односи

По тривековно османлиско управување, Србија по завршувањето на Второто востание добила автономија која практично постепено се проширила за да стане и формално-правно независна држава во 1878 год. Прв крал на оваа државата бил кралот Милан, од династијата Обреновиќ. Србија била мала новооформена држава која за брзо време потпаднала под целосна економска (па и политичка) зависност од својот голем сосед - Австро-Унгарија. Така, уште за време на првиот српски крал, Австро-Унгарија станала најголем откупувач на српските агрокултурни производи. Австроунгарските банки давале заеми за српските бизниси и практично ги поседувале железничките пруги. Овој курс кон Австро-Унгарија не го правел српскиот крал најпопуларен помеѓу обичното српско население. Дополнително, неуспешната војна со Бугарија во негово време била причина за негова уште поголема непопуларност. Затоа (покрај другите причини) тој во 1889 год. го отстапува своето место во полза на својот син Александар. Меѓутоа, наскоро и Александар ја наследил непопуларноста на својот татко, како за водењето на државата така и за имиџот кој го градел во неговиот приватен живот. Во 1903 год. се случил и воен пуч во кој 26-годишнот Александар бил убиен. Воениот пуч на чело на државата го донел кралот Петар, инаку припадник на династијата на Караѓорѓеви. Едноставно, на домашен план продолжило проклетството на поделбите од Првото и Второто српско востание, па борбите меѓу династиите биле секојдневие. Но овој момент освен

што имал внатрешни импликации во Србија, го означил и почетокот на промената на курсот на српската надворешна политика и доближувањето кон Русија за сметка на Австро-Унгарија (Mutschlechner, 2020). Она што е интересно за Крал Петар, покрај неговите проруски погледи, е и фактот дека бил образован во Франција каде што ги примил и идеите за модернизација на државата по современ западноевропски терк. Воедно развил и определени симпатии за Франција. На домашен план се заложил за трансформација на уредувањето на државата во уставна монархија, воведување на определени демократски инструменти, модерна економија и слобода на медиумите. На надворешен план, со тек на време ја отстранувал зависноста од Австро-Унгарија за сметка на соработка со Русија, па и Франција и бил прилично успешен во тоа. Сето ова ја прави Србија пример во очите на другите словенски народи, а Србија почнала сѐ повеќе да се доживува како основно јадро за создавање на идната слободна обединета држава на сите Јужни Словени. Кралот Петар давал поддршка за концепт за создавање суперсловенска држава на Балканскиот Полуостров со Србија како нејзино срце.

Инаку, во однос на партискиот живот, сѐ до добивањето на нов устав од султанот (уште пред Србија да стане независна) според кој собранието добива поголема моќ, во истата доминарала уставната партија. Меѓутоа со овие промени деценискиот владеење на уставната партија е завршено за сметка на Српската радикална партија која изгледала како вистинско европско освежување во малата Србија. Имено, истата промовирала поголема политичка партиципација на населението и

ги следела западноевропските идеи, зашти и голем дел од нејзиното раководство било образовано во Западна Европа. Во својата реторика често се употребувал социјализмот во комбинација со силен и наместа агресивен патриотизам. Провејувале и одредени демократски струи (иако ова било далеку од она што денес го имаме за демократски стандарди). Но токму под водство на  оваа партија, Србија влегла во војна со Австро-Унгарија. Лидер на радикалната партија бил Никола Пешиќ. Она што е интересно за него е дека и бил активист за српската кауза во БиХ, каде што шверцувал пари за антиосмалиското востание таму. Втор значаен елемент е дека тој претходно бил испратен за амабсадор на Србија во Москва (1890 год.), каде што веројатно ги прифаќа пансловенските идеи. Пашиќ станува премиер во 1903 год., што пак ја означувува и промената на курсот на српската надворешна политика кон Австро-Унгарија (Sowards, S., 1996.).

Нормално дека овие политики не биле дочекани со воодушевување во дворецот во Виена. По доаѓање на кралот Петар не само политичките туку и економските односи биле нарушени уште со започнувањето на трговската војна. Оваа трговска војна е значајна заради фактот што практично Србија до тогаш била целосно економски зависна од големата Хабсбуршка монархија. Можеме да кажеме дека на овој начин од една страна Австро-Унгарија ја помагала Србија како независна држава долги години, со тоа што најголемиот извоз за српските свињи од бројните српски фарми на месо биле насочени токму кон монархијата. Според определени проценки над 85% од српскиот извоз завршувал во Австро-Унгарија. И обратно, увозот во Србија некаде над 50% доаѓал од Австро-Унгарија.

Заради претходново, австроунгарската држава сметала дека има силни инструменти во раце со кои можела да го „дисциплинира“ кралот Петар и премиерот Пашиќ. Така, Виена и не се двоумела да воведе економски санкции кон Србија. Имено, Австро-Унгарија ги затворила границите за српските свињи очекувајќи дека овој потег ќе ја стави на колена малата Србија. Но Србија под водство на Пашиќ одговорила на предизвикот, го преориентирала извозот кон Франција преку солунското пристаниште, а помал дел преку Бугарија и Романија. Овие настани се познати под името „војна на свињите”. Секако дека ова било економски помалку исплатливо, но во склоп со други мерки успева да ја отфрли зависноста од Австро-Унгарија. Така на пр. Пашиќ инвестирал во отворање на фабрики за процесирање на храна, па оттука можело да ги извезува месо во конзерви за разлика од дотогашната практика на извоз на живо месо. Дополнително односите помеѓу двата соседа се влошиле кога Србија се решила да купи ново модерно оружје за својата армија и за тоа добила заем од Франција. Овие случувања укажувале дека Србија нема никаква намера и понатаму да ја игра улогата на мала државичка зависна од својот огромен сосед. (Hannig, 2015).

Значи односите на Србија со Австро-Унгарија не биле цело време исти. Тие си имале своја еволуција од одлични односи, па сè до тотално нарушени односи и конечно директна војна за тотално уништување. Така уште во времето кога Србија била само автономна покраина во рамките на Османлиската Империја имало некои позитивни сигнали помеѓу Монархијата и идната независна држава. По независноста Србија постепено станала

целосно зависна државичка од својот голем сосед. Дури и прогласувањето на Србија за кралство било со поддршка на Австро-Унгарија. Така сакајќи да балансира на можното руско влијание, но и да има сојузник како безбедносна гаранција од Османлиската Империја, а со цел да ја одржи својата независност фактички станала целосно зависна од Австро-Унгарија. Се чини српската независна држава имала некое лутање во својата надворешна политика која долги години ја ориентирала кон Австро-Унгарија, за да подоцна се преориентира кон Русија, па и Франција (Mutschlechner, 2020). Меѓутоа, со заладувањето на односите помеѓу двете држави, Србија покажала пркос и барала начин да ја поврати независноста од Австро-Унгарија, прво потпре на Русија, но заради економски причини и претпазливост се обиде да изгради и силни врски и со Франција. По ова Србија веќе никогаш не потпадна под Австроунгарското влијание[21].

Можеме да кажеме дека по 1093 год. Србија веќе е сметана за пречка за плановите за економското пенетрирање на Австро-Унгарија на Балканот. Но и не само тоа. Имено, во Австро-Унгарија биле свесни дека процесите на национализмот кој веќе се појавиле ја прават истата една фрагилна Империја. Србија е видена како проблематична држава која може да ги поттикне овие процеси внатре во монархијата, па дури и држава која е во состојба да ја загрози безбедноста на истата. Оттука разни сценарија за уништување или поделба на Србија се разгледувани. Во најмала

[21] Со исклучок на воената окупација за време на Првата светска војна.

рака Србија можела да продолжи да постои, но да биде економски потчинета (Gabor, 2020). Добар дел од военото раководство отворено се залагало за уништување на Србија и тоа во првата можност кога за тоа ќе има причина и некакво оправдување (Llewellyn and Thompson, 2017). Од друга страна пак, во Србија на Австро-Унгарија се гледало како на сосед со експанзистички империјализам кој ги држи Словените под ропство кој е решен или да ја има Србија како свој вазал или да ја уништи (Llewellyn and Thompson, 2017). Сепак, треба да се има предвид дека до ваквите стојалишта не се дошло преку ноќ и истите постепено се развивале преку разни настани. Таков настан бил на пр. Трговската војна за која веќе пишувавме. Следен значаен настан од такви размери (а веројатно и поголеми) била кризата околу анексија на БиХ во 1908 год. од Австро-Унгарија, а за сметка на Османлиската Империја. Случувањата од оваа криза и нејзиниот исход ќе имаат суштински последици внатре во Австро-Унгарија, во нејзините односи со Србија, како и нејзината меѓународна положба, а пред сѐ односите со Русија.

Србија се чувствувала најмногу погодена од овој гест и покрај фактот што територијата на БиХ била одземена од Османлиите. Сепак мора да се истакне дека во моментот на анексија, БиХ само номинално била под суверенитетот на султанот, а во пракса била управувана и администрирана од страна на Австро-Унгарија. Оттука за многумина овој гест на Австро-Унгарија бил изненадување и не се гледала потребата од официјализирање на фактичката состојба. Меѓутоа, Хабсбуршката монархија стравувала дека со воведувањето на најавениот нов Устав во Османлиската Империја,

БиХ ќе биде реинтегрирана под суверенитетот на султанот, а со тоа и нејзината де-факто контрола ќе биде изгубена. Оттука, Хабсбуршката монархија сметала дека мора да делува и да издејствува не само де-факто туку и де-јуре контрола над БиХ. Според одредени автори, Австро-Унгарија ова го извела на начин што ѝ овозможил целосна дипломатска победа. Останатите големи сили не биле известени за потегот и практично го дочекале затечени (Urban, 2014). Постоел делумен исклучок во однос на Русија (и Германија). Имено, австрискиот министер за надворешни работи ги известил Русите за плановите на анексија на БиХ, притоа барајќи согласност и поддршка, а за таа сметка нудел поддршка за руските аспирации во Босфорот. Сепак сето ова било презентирано во форма на можни правци на размислувања и можеби градење на определена заедничка рамка за идно дејствување, меѓутоа на терен австроунгарската држава дејствувала веднаш како Русите веќе да им дале одврзани раце. Сето ова направило Русија да се чувствува изиграна. Во Србија овој акт се доживува мошне трагично, дури и како еден вид објава на војна. Сè додека БиХ била администрирана од страна на Австро-Унгарија, но официјално била дел од Османлиската Империја, српските надежи биле силни. Формалното соединување во 1908 год. било ужасна шлаканица за Србија (Llewellyn and Thompson, 2017). Како одговор на решеноста на хабсбуршката монархија за анексија на БиХ, Србија дури извршила и мобилизација на својата војска за можна војна со Австро-Унгарија. Сепак до војна не дошло заради тоа што изостанала поддршка од Русија за такво нешто, а пак самата Русија ретерирала од какво

било воено решение заради јасниот став на Германија и поддршката која истата ја дала на Австро-Унгарија во врска со анексијата на БиХ. (Llewellyn and Thompson, 2017). Сепак, Русија се решила да делува на дипломатски план и се подготвувала за организирање на меѓународна конференција на големите сили по однос на ова прашање. Клучен играч во оваа конференција нормално би требало да биде Османлиска Империја која де-јуре го имала суверенитетот врз БиХ. Но, австроунгарската дипломатија го превенирала учеството на Османлиите преку договор за финансиска компензација за преземањето на БиХ. Оттука, руските планови за меѓународна конференција пропаднале и во отсуство на реакција од другите големи сили, Австро-Унгарија ја анексирала успешно и без воен конфликт целата територија на БиХ. Со цел оваа дипломатска победа да биде целосна, Австро-Унгарија инсистирала од, практично политички изолираната Србија, да даде признавање на легалноста на анексијата и да даде ветување за одржување на добри односи со монархијата и такво ветување добила (Urban, 2014). Сепак оваа „блескава” дипломатска победа имала скапа цена. Србија на даденото ветување гледала како обичен гест кој морал да се направи, а Русија ја изгубила довербата во Австро-Унгарија како партнер за идни договори. Воедно, сега веќе Русија стравуваше за идни империјалистички намери на Хабсбурзите кон остатокот од Балканот и размислуваше за мерки на одржување на балансот на силите. Дополнително, останатите европски сили не биле пресреќни за начинот на кој сето ова било изведено, особено не со моментот на нивно игнорирање.

Анексијата на БиХ предизвикала сериозни потреси и внатре во Австро-Унгарија. Тензиите кои настанале во односите помеѓу Србија и Австро-Унгарија (во определена мера постоеја уште од војната на свињите) се рефлектирале и внатре во монархијата помеѓу бројно јужнословенско население. Имено, јужнословенското движење постоело уште претходно во рамки на монархијата. Според некои историчари уште во 1835 год. е оформено илирското движење во кое се верувало дека и Хрватите и Србите можат да работат заедно за својот заеднички бенифит, нешто што подоцна ќе стане основата за југословенизмот (Desppalatović, 1975). Иако основата на јужнословенскиот национализам во монархијата била во основа Хрватска, сепак имало и иницијативи како на пр. Резолуцијата од 1905 год. (Istria on the Internet - History - World War I - The Fiume Question, 1905) усвоена од политичари Хрвати и Срби со која се барала автономија, јазични права итн., поаѓајќи од тоа дека Хрватите и Србите се практично сличен ако не и еден ист народ. Ваквото дејствување не било пречекано со воодушевување во Виена. Сите овие тенденции додатно биле зајакнати со влошувањето на српско-австроунгарските односи. Со анкесијата на БиХ нагло се зголемил бројот и на Срби и на Хрвати во монархијата, со што нивните барања од претходно биле уште повидливи. Инаку анексирањето на новата територија предизвикало и спор помеѓу двата дела на дуалната монархија во однос на прашањето кој дел да управува со БиХ. На крај се нашло компромисно решение за еден вид кондоминиум администриран од заедничкото министерство за надворешни работи, што пак само уште еднаш ја покажало комплексноста на

функционирањето на Австро-Унгарија како држава (Mutschlechner, 2020).

Од една страна, Австро-Унгарија била принудена да дејствува за да не ја загуби БиХ, од друга страна ова било во согласност со основната нивна доктрина дека со цел да го задржи статусот на голема сила мора да продолжи да го шири своето економско, политичко, па и културно влијание онаму каде што тоа може да го прави, а тоа бил Балканскиот Полуостров како нејзина сфера на интерес. Ова вклучувало и повремено проширување со нова територија (Urban, 2014). Секако дека анексијата била директно вклучување на нова територија што излегувало од концептот на просто ширење влијание. Токму последното проширување на територијата резултирало со акција од страна на Русија која започнала да работи на терен за формирање на она што подоцна ќе стане познато како Балкански сојуз. Практично идејата била формирање на одбранбен сојуз составен од малите балкански држави со цел запирање на понатамошни евентуални експанзионистички политики на Австро-Унгарија на Балканот. На Балканот веќе биле во судир интересите на барем 4 од големи сили како Австро-Унгарија, Русија, Османлиската Империја и Италија, а дополнителен фактор биле и балканските држави (Llewellyn and Thompson, 2017). Наскоро, новиот Балкански сојуз ќе стане фактор и влегол во реализирање на сопствени експанзионистички цели во однос на Османлиската Империја, започнувајќи ја првата Балканска војна (Urban, 2014). Во истата, Австро-Унгарија била неутрална, но се вмешала индиректно практично заканувајќи ѝ се со војна на Србија во однос на тоа кои територии може, а кои територии не може истата да ги освојува од

Османлиите кои очигледно ја губеле војната. Секако и овој момент бил еден од суштинските за продлабоченото нарушување на односите помеѓу Србија и Австро-Унгарија. Во врска со Балканскиот сојуз, како и дилемите и ставовите на Австро-Унгарија во однос на сопственото делување кон балканските војни пишуваме подолу.

Така, во однос на Балканскиот сојуз можеме да кажеме дека веројатно неговите зачетоци можеме да ги бараме уште во 1904 год. кога двете регионални сили Србија и Бугарија склучиле договор за пријателство по што следела и засилена соработка во областа на царините. Ова е битен момент зашто двете словенски држави влегле во пријателски односи (иако имаа една војна зад себе) со цел остварување заеднички интерес. Но овој договор е многу позначаен за нашата анализа заради еден негов друг ефект. Имено, Австроунгарската влада на овој договор за царините гледала како обид за поткопување на нејзините економски интереси и понатамошен обид на до тогаш целосно зависноста од неа Србија, за своја автономна економска политика. Како што веќе пишувавме, Австро-Унгарија одговори енергично со трговското ембарго во 1906 год., што подоцна ќе стане познато како војна на свињите. Така, од една страна Договорот за пријателство ја чинел Србија скапо заради трговската војна, но од друга страна ова придонело за економска, а подоцна и политичка независност на Србија. Меѓутоа и ова не била суштината на договорот помеѓу Србија и Бугарија. Она што многу ги засегало двете држави бил сè понеизбежниот колапс на Османлиите и поделбата на нивната територија. Сепак, договорот не предвидел детални решенија за тоа како таа

поделба ќе изгледа, туку само оформил рамка за сојузништво и определил спорни и неспорни територии кои допрва детално ќе се решаваат. Според некои автори, Србија и Бугарија влегле во создавање на идниот сојуз без поддршка од големите сили (Urban, 2014). Сепак ова не е докрај точно зашто создавањето на подоцнежниот официјален Балкански сојуз составен од Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора[22] бил во голема мера поддржан и поттикнат од Русија и покрај фактот што замислените цели на Русија биле прилично различни од делувањето на Балканскиот сојуз во пракса и на терен. Имено, Русија имала за цел создавање на сојуз кој во суштина ќе одржува баланс на моќта против Австро-Унгарија. Инаку точно е дека идејата за ваков сојуз и не била нова, но руската дипломатија дала поддршка дури по австроунгарската анексија на БиХ. Така, договорот за Балканскиот сојуз бил потпишан во март 1912 год. Генерално, договорот бил формулиран така што предвидувал одбранбена алијанса, но имало делови кои веleле дека неговите членки заеднички ќе дејствуваат доколку некоја европска сила реши да окупира дел од европскиот дел на Османлиската Империја. Истовремено, договорот имал и таен анекс кој бил далеку поагресивен. Во овој дел се зборувало за поделба на териториите управувани од Османлиите. Се предвидувала и заедничка администрација на териториите за кои не може да се најде заеднички јазик, вклучувајќи и арбитража од

[22] Кон Балканскиот сојуз се приклучила и Црна Гора за која е интересно да се спомене дека за тоа разговарала со Бугарија, а не на пр. со Србија (Urban, 2014).

рускиот цар во случај на спор.[23] Интересен факт е дека дел од разговорите помеѓу кралот на Црна Гора Николас и бугарскиот крал Фердинант се случувале во гостинската соба на императорот во Хофбург без притоа австриското разузнавање да има поим за тоа (Urban, 2014). Се чинело дека генерално разузнавањето на монархијата било слабо во правец на откривање на Балканскиот сојуз и неговите вистински намери. Според Урбан, монархијата не била запознаена со српско-бугарскиот договор сè до мај 1912 год., а информациите тогаш им биле даден од нивните сојузници Германците (Urban, 2014). Според Sked, Берлин ги информирал своите сојузници дури пред Првата балканска војна (Sked, 2014). Инаку, како што веќе рековме одреден број автори сугерираат, а тоа и следните потези на Русија го сугерирале дека делувањето на Балканскиот сојуз излегло од проекциите и целите на неговиот создавач - Русија. Интересот на Русија бил прокламиран слично како и австроунгарскиот, а тоа бил одржување на статус-кво ситуацијата во Османлиската Империја. Очигледно, Балканскиот сојуз поседувал капацитет да го промени постојниот статус-кво. Дополнително, Бугарија станала прилично моќна со амбиции, дури и за престолнината на Османлиската Империја - Истанбул. Претходново директно ги загрозувало руските стремежи за контрола над овој град. Веројатно заради сето ова, Русија во предвечерието на Првата балканска војна се обидела да ги одврати државите членки на Балканскиот сојуз од започнување на војна со Османлиската Империја

[23] Спорна била пред сè територијата на денешна Република Македонија. Идејата за слободна автономна и цела Македонија била тргната настрана заради интересите на Србија и Бугарија.

(Urban, 2014). Претходново било на линија и со австроунгарските интереси, а воедно по кратката дипломатска акција на Русија се покажало дека за тоа имаат зелено светло и од останатите европски сили. Токму затоа, Русија заедно со Австро-Унгарија на 8 октомври 1912 год. испраќаат телеграма до владите на државите членки на Балканскиот сојуз. Во телеграмата се ургира за мирно решавање на споровите и се напоменува изречно дека каква било промена на границите наметната по пат на сила нема да биде признаена (Urban, 2014).

Сепак, изразуваме малку скептичност во сето ова. Австро-Унгарија и Русија биле најважните играчи на Балканскиот Полуостров. Ако нивен интерес бил зачувување на статус-кво ситуацијата, а дополнително тој интерес бил ист и за барем уште една од европските сили која било директно засегната - Османлиската Империја, тогаш навистина е малку веројатно дека малите балкански држави сепак сосема автономно се решиле за војна против интересите на овие три европски сили. Дополнително имајќи ја предвид блискоста на Бугарија,[24] а подоцна и Србија со Русија, навистина сето претходно не изгледало најверојатно. Сепак, можеме само да шпекулираме дека сепак некаков нов баланс на силите бил договорен, при што ниту една европска сила директно не би имала територијален бенефит додека пак балканските држави би имале директен територијален бенефит, но на начин што истиот не би ја направил некоја од

[24] Така на пр. блискоста на Бугарија со Русија била главна причина зошто Германија била многу колеблива во однос на австроунгарските предлози за сојузништво со Бугарија (Sked, 2014).

нив преголема и премоќна во однос на другите. Впрочем ова на одреден начин го потврдува и ставот на Австро-Унгарија дека ќе мора да толерира одредено проширување на Србија како дел од Балканскиот сојуз и да не се меша зашто за евентуално вмешување немало консензус од големите сили (Gabor, 2020). Претходново пак не враќа на претпоставката дека сепак определен консензус помеѓу големите сили сепак постоел за тоа дека ниту една од нив не треба директно да се меша и дека балканските држави ќе ја зголемат својата територија пропорционално на начин да биде задржан балансот на силите помеѓу нив.

Сепак, Првата балканска војна започна помеѓу коалицијата од Балканскиот сојуз наспроти Османлиската Империја, а останатите големи сили останале неутрални. Државите од Балканскиот сојуз оствариле блескава победа над својот поранешен хегемон кој бил принуден да организира одбрана, дури и над својата престолнина. Сепак по кратко примирје државите членки на балканската коалиција почнале да војуваат помеѓу себе започнувајќи ја Втората балканска војна. Како главна причина се посочувало незадоволството на Бугарија околу поделбата на Македонија.[25] Србија го дочекала крајот на Втората балаканска војна како апсолутен победник и против Османлиите и против Бугарија, притоа дуплирајќи ја својата територија и зголемувајќи го своето население за над 1.500.000 (Llewellyn and Thompson, 2017).

---

[25] За повеќе околу балканските војни посматрани низ призмата на безбедносна дилема види Marolov and Stojanovski (Marolov and Stojanovski, 2015).

Овој исход не бил најпосакуваната опција за Австро-Унгарија. Но од друга страна Првата балканска војна била делумен успех и за Хабсбуршката монархија која не дозволила Србија да излезе на Јадранското Море и да обезбеди создавање на албанска држава. Евентуалниот пробив на Србија на Јадранското Море можел да значи дозвола за изградба на руска воена и поморска база на Јадранот. Токму овој аргумент бил од пресудно значење за добивање на поддршка и од останатите големи сили за создавање на албанска држава. Дека Австро-Унгарија била сериозна по никоја цена да не дозволи Србија да излезе на Јадранот говори и фактот дека иако неутрална, на четири наврати ја мобилизирала својата армија за времетраењето на балканските војни и се заканила со војна на Србија (Gabbor, 2020). Ова било во согласност со утврдената сфера на интерес за Австро-Унгарија во случај на можно сценарио за уништување на Османлиската Империја во нејзиниот европски дел. Имено, Австро-Унгарија ги проектирала своите интереси во западниот дел на Балканскиот Полуостров. Нејзиниот интерес бил пред сè економски, па согласно со тоа оваа стратегија предвидувала целосна соработка и со останатите балкански држави (што во превод би значело некаква нивна економска потчинетост) што вклучувало и право на целосен слободен пристап до солунското пристаниште (Sked, 2014). Но особено во Западниот Балкан не можело да се дозволи истиот да потпадне под некоја друга европска сила, како на пр. Италија, а ниту сакаше да го види како дел од новоформираните балкански држави. Ова пред сè важело за Србија која имала одредени претензии кон Јадранот. Можеме да констатираме дека

монархијата била насочена кон одржување статус-кво, но кога увидела дека Османлиската Империја нема да е во состојба да ги задржи своите позиции во балканските војни јасно се залагала за создавање на нова држава во Западен Балкан - Албанија која би била под нивно влијание и би ги сопрела српските (и црногорските) продирања во регионот на Јадранот. Инаку на создавањето на Албанија се гледало како на своевидна колонија (Gabor, 2020). На овој начин Србија би останала без излез на море и веројатно по извесно време, повеќе или помалку, повторно зависна од Австро-Унгарија.

Инаку уште пред почетокот на балканските војни кога внатре во Османлиската Империја ситуацијата веќе ескалирала преку востанието во Албанија и ситуацијата во Либија, односно италијанско-турската војна, станувало јасно дека Балканскиот сојуз поседувал потенцијал да го промени статус-квото на Балканот. Заради оваа можност, Министерскиот совет заседавал во Виена на 14 септември 1912 год. На Советот се дискутирало за идните насоки на делување на Австро-Унгарија во новонастанатата ситуација. Генерално имало две опции (Urban, 2014). Првата, која всушност и била прифатена, а се користела со дипломатски инструменти, се залагала за иницирање на меѓународна конференција на големите сили како би се извршил притисок врз Балканскиот сојуз за незапочнување на војна. Оваа позиција била поддржана од императорот, министерот за надворешни работи и Франц Фердинанд (Sked, 2014). Втората опција била далеку повоинствена, а за истата главно се залагале воените претставници. Согласно со оваа опција, Австро-Унгарија би имала јасен став кон Србија во

форма на ултиматум со кој доколку српските трупи ја преминат границата кон Османлиската Империја, тогаш силите на монархијата го задржуваат првото да делуваат на начин на кој сметаат дека е најпогоден. Но, оваа опција била далеку поризична зашто ја криела опасноста за ескалирање на балканските војни и евентуална војна со Русија (Urban, 2014). Дополнително во една таква ситуација вмешувањето на Италија би било исто така сосема можно. Оттука, можеме да шпекулираме дека изборот на втората опција за делување само ќе го забрзал процесот на започнувањето на Првата светска војна. Дополнително била потребна јасна провокација од страна на Србија со цел да се оправда ова австроунгарско вклучување (Gabror, 2020). Оттука кога веќе преовлада првата опција истата се реализирала на малку поинаков начин од замислениот и тоа преку испраќање на дипломатска нота до владите на државите од Балканскиот сојуз и тоа заедно со Русија. За жал, на Австро-Унгарија (нормално и на Османлиската Империја) истата немала некој значаен ефект врз балканските држави кои биле решени да одат во војна. Овој став на монархијата практично значел релативно пасивна политика и едноставно набљудување на текот на воените дејствија. Причините едноставно биле тоа што Австро-Унгарија немала понатамошни територијални цели на Балканот, но предвид биле земени и надворешните фактори, како тоа што немала јасна поддршка од Германија, а во исто време постоела опасност од руско директно вмешување. Дополнителна главоболка за Австро-Унгарија биле позициите на Италија која настојувала ако монархијата оствари некое територијално проширување тогаш и тие да бараат одредени

компензации за себе (Sked, 2014). Сепак треба да потенцираме дека овој правец на делување на Хабсбуршката монархија, колку и да бил пасивен, сепак таа карактеристика била само делумна. Како што повеќе пати напоменавме, Австро-Унгарија била решена да ја спречи Србија да излезе на Јадранското Море. Токму оваа политика на Австро-Унгарија предизвикала серија на настани. Така Србија останала незадоволна од неможноста да излезе на Јадранското Море, па сметала дека има право на компензација со освоената македонска територија, што пак од друга страна било причина Бугарија да им објави војна на Србите и Балканот да се најде во Втората балканска војна. Како што знаеме, Бугарија ја изгубила Втората балканска војна. Овде се поставува прашањето: зошто Австро-Унгарија не интервенирала на страна на Бугарија и со тоа да го промени текот на настаните? Иако може да има повеќе одговори на ова прашање, сепак тие несомнено се движат во рамките на тоа дека монархијата дејствувала малку конфузно и нерешително, а се чинело како да била затекната од целата ситуација. Дополнително, влегувањето на Романија во Втората балканска војна, практично на страната на Србија, ги закомплицира работите зашто Австро-Унгарија градела односи на сојузништво со Романија. Монархијата се обидела да балансира помеѓу двете држави кои ги сметала за сојузнички, односно Бугарија и Романија, и не дала до крај јасна поддршка на ниту една од нив. На крај ниту Бугарија ниту Романија не биле задоволни од улогата на Австро-Унгарија. Исто така значаен аргумент кој мора да се земе предвид бил и ставот на Германија која била против каква било директна интервенција во корист на Бугарија (Sked, 2014).

Сума сумарум, индиректниот ефект на целокупното делување на Австро-Унгарија бил против својот сојузник Бугарија. Како заради заканата кон Србија да се повлече од Јадранот (заради што Србија барала територијални компензации во Македонија), така и заради самата анексија на БиХ од претходно (заради што едноставно ги пренасочиле српските аспирации на југ). Крајниот исход од ова бил една помоќна Србија која иако имала големо територијално проширување кое Австро-Унгарија не го спорела (а до одредена мера и го дозволила со својата неутралност), но нивните односи дополнително биле влошени заштo Србија сега директно ја обвинувала монархијата за фактот дека не добила излез на море.

Оттука можеме да констатираме дека ако за време на кризата со БиХ монархијата била прилично одлучна, за време на балканските војни била помалку колеблива. Се чини дека истата ја дочекала прилично неподготвена. Две опции се наметнале како можни правци на делување. И двете во себе криеле определен ризик за што веќе пишувавме погоре. Сепак, изборот на политика за неутрален статус во балканските војни за малку можел да биде променет доколку Србија не отстапила од териториите освоени од Османлиите во делот на северна Албанија. Во однос на Романија и Бугарија, до некаде посакувала определено ривалство помеѓу нив со цел ниту една од нив да не стане премногу моќна. Сепак политиката на балансирање помеѓу нив се покажала како непопуларна (Sked, 2014).

Од друга страна пак, можеме да констатираме дека Србија како држава и особено српската војска од сите овие настани излегле со

големо искуство. Зад себе веќе имале една изгубена војна со Бугарија од 1885 год., две балкански војни од кои и двете успешни против Османлиите и реваншот со Бугарија. Инаку треба да се истакне дека постоела одредена врска со Австро-Унгарија и војската на Србија. Имено, голем дел од нејзините челници своето образование го стекнале во Австро-Унгарија уште во времето кога Србија била само зависна државичка во прегратките на својот голем сосед. Така на пример, шефот на српската армија бил образован во австриско воено школо. Интересно е дека сепак најголем дел од офицерите во српската војска во суштина биле обични селани и браќа по оружје, зашто во Србија скоро и да немало класна поделба (Trevelyan, 2013). Српската војска имала релативно моќна артилерија. Редовно била снабдувана со храна и муниција. Сепак по западни стандарди се сметало дека истата била прилично мизерно опремена и облечена и без соодветна здравствена поткрепа (Trevelyan, 2013). Од друга страна, заради воените успеси Србите се чувствувале победоносно, зашто успеале да ја поразат моќната Османлиска Империја, а дополнително ја поразиле и моќната Бугарија која сакала да им оспори дел од воениот плен во Македонија. Сепак останувал фактот дека БиХ сепак била уште подалеку од Србија заради анексијата од страна на Австро-Унгарија. Инаку, согласно со ситуацијата на терен, Србија влегувала и излегувала од сојузи дури и со држави кои ги сметала за непријателски, како на пр. Бугарија и Османлиската Империја (со која индиректно соработувала во војната против Бугарија за време на Втората балканска војна). Сепак, дефинитивниот распад на Османлиската Империја во нејзиниот европски дел

ги окуражил Србите дека истото сценарио е можно и кон Австро-Унгарија, а многумина почнале да ја гледаат оваа мултинационална империја како вториот болен човек (Sked, 2014). Ако направиме анализа можеме да забележиме дека Србија била градена на сосема обратен концепт од Австро-Унгарија. Имено, Австро-Унгарија била микс од народи, јазици и вери за разлика од концептот на Србија за хомогена нација - држава создадена од православни Срби (Urban, 2014).[26] Стравот на Хабсбуршката монархија бил преовладувањето на овој концепт и распаѓање на монархијата по внатрешни етнички линии, нормално сето ова потпомогнато и однадвор. Процес кој би финиширал со создавање на бројни мали државички на нејзино место или пак нејзина поделба. Впрочем, она што се случувало со Османлиската Империја било добро предупредување (Trevelyan, 2013).

Можеме да констатираме дека односите помеѓу Србија и Австро-Унгарија започнале како одлични односи. Австро-Унгарија ја потпомагала малата Србија, но сето тоа си имало определена цена правејќи ја Србија целосно зависна од својот голем сосед. Стремежот на Србија за вистинска независност ги влошил односите со Австро-Унгарија. Истите имале константна надолна линија во настаните кои следеле, а како клучни ги издвоивме војната на свињите, анексијата на БиХ и конечно балканските војни. Секако дека настан кој предизвикал најголем потрес бил атентатот на австрискиот престолонаследник во Сараево за кој

[26] Сепак зборуваме за различни концепти што не значи дека и Србија била хомогена, зашто во нејзините граници живееле и Македонци, Бугари, Роми, Турци, Власи итн.

пишуваме подолу. По завршувањето на балканските војни едно било сигурно. Османлиската Империја повеќе не била опасност за Србија која сега веќе и немала заедничка граница со истата. Воените победи ја засилиле самодовербата кај Србите кои посакале да ја исправат неправдата за која веруваа дека им беше направена со анексијата на БиХ. Од друга страна, Австро-Унгарија сè повеќе стравувала од постоење на независна Србија.




Илустрација бр.7

## 4.6.Атентатот

Постоеле повеќе моменти кои сè повеќе ги влошувале односите меѓу соседните Австро-Унгарија и Србија. Како такви ги издвојуваме трговската војна, анексијата на БиХ и балканските

војни. Несомнено една од најголемите причини за нарушувањето на односите помеѓу Австро-Унгарија и Србија била анексијата на БиХ (без разлика на чисто формалниот карактер на тој акт). Едноставно ова се доживеало мошне емотивно од страна на Србите кои со години работеле на ослободувањето на БиХ од Османлиската Империја. Веројатно, најемотивниот дел од она што било означено како српски земји е што таму живееле православни Срби без никакви задршки[27]. Сепак клучен момент за нарушување на односите бил атентатот на австрискиот престолонаследник во Сараево. Оттука се постави прашањето кој го извршил атентатот и каква била улогата (вината) на српската држава во сето тоа.

Неспорно, во БиХ постоеле тајни српски здруженија кои работеле за нејзино ослободување од Османлиите. Имено, во БиХ постоеле и делувале неколку пан-словенски националистички групи. Тие растеле и се зацврстиле по заладувањето на односите меѓу Австро-Унгарија и Србија. Главно биле сочинети од млади студенти и радикали кои себеси се доживувале како борци за слобода против тиранијата. Уживале симпатии кај српското население и имале определена поддршка кај дел од воените офицери во Србија. Интересно е дека честопати истите се залагале и агитирале како против Хабсбуршката монархија така и против српското државно раководство за кое сметале дека е неспособно соодветно да се спротивстави на австроунгарските позиции и интереси (Llewellyn and

[27] За разлика од пр. Македонците кои биле нарекувани Јужносрбијанци или пак Хрватите кои биле сметани за католички Срби.

Thompson, 2017). По анексијата на БиХ дел од овие здруженија продолжиле со својата борба и се основале нови, но клучно што било сега морале да ја транформираат својата борба против Хабсбурзите. Едно од позначајните од тие здруженија било „Млада Босна“, формирана во 1911 год. Друго позначајно здружение било „Обединување или смрт“[28], популарно познато како „Црна рака“. Било формирано во 1910 год. Еден од основачите на ова здружение е Апиш, кој пак подоцна ќе стане и прв човек на српското воено разузнавање по 1913 год. Во БиХ функционирало и здружението на Народна одбрана, основано во 1908 год. кое работело пред сѐ на теренот на османлиска Македонија, главно преку испраќање на свои вооружени чети. Со текот на времето, „Црна рака“ станала до толку силна што и владејачката радикална партија на Пашиќ стравувала од неа.

Токму затоа сметаме дека веројатно Србија имала делумна вина, индиректна заради целокупната атмосфера која ја создавала пропагандата и помалку директна, но не заради нејзината влада или крал, туку заради самостојното дејствување на дел од војската контролиран од Апиш и военото разузнавање. Инаку, ривалството помеѓу официјалното делување на владата и „одметнатиот” Апиш се гледало и во внатрешната борба за превласт во однос на управувањето на државата особено во однос на новоосвоените територии на југ. Претходново е важно да се

[28] Паролата се чини била преземена изменета од Македонска револуционерна организација која дејствувала во Македонија и се залагала за автономија на Македонија под мотото „Слобода или смрт”.

разбере и расчисти зашто веднаш по атентатот, официјална Виена го вперила прстот за вината директно кон српската влада, што во многу нешта не било точно. Прво, атентатот бил реализиран од австроунгарски, а не граѓани на Србија. Второ, немало докази дека ова било спроведено по некој налог од српската влада. Трето, единствената врска која можела да се префрли врз Србија е Апиш, кој пак бил во конфликт со централните власти во Белград, заради што подоцна и ќе биде осуден на смрт во процесот во кој бил обвинет за предаство на српскиот крал. Но, да бидеме објективни до крај, несомнено постоеле безбедносни извештаи дека се подготвува можен атентат. Овие извештаи стигнале и до Пашиќ. Иако подоцна Пашиќ негирал каква било информираност со планирањето на атентатот, постојат сведоштва дека не само што знаел туку за тоа го информирал и својот амбасадор во Виена кој пак добил задача дискретно да ги информира властите за истиот. Сепак се смета дека амбасадорот бил дури и предискретен и употребил дипломатски речник кој властите не успеале да го прочитаат меѓу редови. Помеѓу другото, амбасадорот нагласил дека планираната посета и парада во Сараево која била закажана за 28 јуни е ужасно лош датум, зашто може да се сфати како директна провокација за Србите (денот на Косовската битка која е врежана во свеста на Србите) (Sowards, 1997). Меѓутоа, токму ова добронамерно укажување лесно можело да биде протолкувано и како еден вид закана до Виена и еден вид мешање во внатрешните работи, кажувајќи им кога може, а кога не може да организираат посета и парада во град во сопствената држава. Сепак, иако Пашиќ подоцна го демантирал сето ова

(се разбира и поради причини за пред српската јавност), токму овој потег на еден вид соработка со властите во Виена ја прави разликата помеѓу српската официјална владина политика од една страна и дејствувањето на одметнатото воено разузнавање.

Во однос на директните извршители на атентатот, пак, неспорно е дека хабсбуршката полиција дејствувала бргу. Сите учесници биле уапсени и го признале делото. Меѓутоа, она што е клучно за утврдување на вината на Србија е прашањето дали има јасна врска меѓу нив и српската држава. Инаку атентатот го спроведуваат средношколци, веројатно помогнати од „Црна рака“, но сепак водени од сопствени мотиви и верувања. Посетата на Франц Фердинад била замислена како еден вид на парада помеѓу народните маси. Се возел заедно со својата сопруга во отворена кола која бавно се движела со цел да се оствари визуелен контакт со масите. Познатиот атентатор Гаврило Принцип бил само еден од заговорниците тој ден. Станува збор за поголема група на млади луѓе од БиХ распоредени долж маршрутата по која Фердинанд требало да поминува. Помеѓу нив бил и Мехмед Мехмедбашиќ. Очигледо од името, не станува збор за православен Србин туку за муслиман од Босна. Покрај него имало уште шестмина од кои 19-годишниот Принцип бил последен. На третата позиција бил распореден Васо Чубриловиќ, инаку 17-годишно момче кое всушност прво се обидело да го изврши атентатот фрлајќи неуспешна бомба. По овој обид колата на принцот не се движела по зацртаниот тек и само случајност придонела Гаврило Принцип да ги пресретне и да го

изврши атентатот. Атентатот бил искористен како причина за објава на војна.

Но логично е прашањето: кои биле целите што сакале да ги постигнат со истиот? Како што кажавме, директните извршители биле уапсени и не го негирале делото. За време на судењето не се повикувале на некакви српски или пак хрватски идеи или национални чувства, а впрочем помеѓу нив имало и муслиман. Тие сите зборувале дека со актот имале идеја симболично да пратат порака против хабсбуршкото владеење со БиХ. Покрај ова, заедничко за сите нив бил фактот што станувало збор за млади луѓе кои протестираат. Нивната идеја не била дека нивниот акт може да доведе до започнување на војна со Србија. Впрочем војната ја посакувала Австро-Унгарија, па оттука може да се верува на претходното тврдење. Теориите дека Србија посакувала војна и не се најиздржани, зашто токму во тие моменти Србија и не била најподготвена за војна. Имено, сè уште не била добро организирана администрацијата во неодамна окупираната Вардарска Македонија, а српската војска само што излегла од двете напорни и сурови балкански војни. Сепак, од друга страна, додека Првата светска војна во 1914 год. била крај за релативно подолг мирен период во Европа, за Србија тоа било просто продолжување на балканските војните.

Дополнително треба да се земе превид сфаќањето дека во овој период атентатите биле горе-долу нормална појава и воопшто не биле ретки. Како ќе се покаже подоцна, атентаторите сакале да испратат порака преку убиство на некој претставник на монархијата и нијанси одлучиле тоа да биде

токму Франц Фердинанд. Впрочем босанската младината дејствувала и порано. Така на пр. Богдан Зерајиќ неуспешно се обидел да му направи атентат на австрискиот гувернер во Босна во 1910 год. Сепак колку и да бил симболичен атентат, сепак имал силна порака во себе. Франц Фердинанд не бил кој било, туку лично австрискиот престолонаследник. Неговото убиство во БиХ ја испратило пораката дека Австро-Унгарија нема иднина таму, зашто нејзината иднина тој ден била убиена во лицето на Фердинанд. Но сепак, сметаме дека теоријата која тврди дека со атентатот српската страна сакала да испровоцира војна навистина нема многу аргументи заради причините кои ги објаснивме погоре. Од друга страна пак, има теорија дека убиството токму на Фердинанд во суштина имало многу подолгорочни цели кои се состоеле, пред сѐ, во можното идно преуредување на монархијата. Имено, Фердинанд бил носител на една прилично либерална идеја. Тој се залагал за трансформација на дуалната монархија во трилатерална монархија, каде што покрај Австријците и Унгарците и словенското население би биле конститутивен и рамноправен дел[29]. Ваквите идеи на Фердинанд не биле пречекани со воодушевување од страна на унгарскиот дел на монархијата, кој сметал дека на овој начин балансот внатре во државата би бил нарушен токму на нивна сметка. Од друга страна, овие идеи може и да не биле пречекани најблагопријатно и од определени кругови во Србија,

---

[29] Од друга страна пак, Фердинанд бил еден од најголемите поддржувачи на опцијата за војна против Србија за време на балканските војни (Sked, 2014).

зашто добивањето на вака поволен статус на јужнословенското население внатре во монархијата можело да ги оддалечи Србите од остварувањето на нивните намери за обединување со БиХ итн. Врз база на претходново, исто така се можни две насоки на размислување. Согласно со првиот, атентатот всушност бил по желба на унгарскиот двор, согласно со второто дека истиот е по „нарачка” од определени кругови во Србија. Тие определени кругови се сведуваат на Апиш и военото разузнавање. За првата теорија отсуствуваат некои посериозни докази, додека за втората определени дејствувања на Апаш одат во таа насока, но тоа сепак не ја потврдува теоријата дека дејствувал токму со таа цел, а уште помалку е сигурно дека сакал да предизвика војна. Можно е да дејствувал и да стекне додатни симпатии кај српскиот народ, со цел зацврстување на сопствените позиции во конфликтот со српскиот крал. Така, за Гаврило Принцип се знае дека дошол од Белград во 1914 год. Со себе понел и оружје кое тешко дека ќе можел да го пренесе без некоја помош од определени структури, како на пример военото разузнавање. Воедно, Принцип го знаел точниот датум на посетата и точната маршрута на движење планирана за посетата на Франц Фердинанд. Секако дека сето претходно упатува дека Принцип имал помош од разузнавањето. Ова воопшто не значи дека атентатот бил смислен и планиран во Белград. Како што рековме претходно, босанските организации дејствувале прилично самостојно, но сепак тоа не значи дека военото разунавање било инфилтрирано и не овозможувало логистика. Се тврди дека првичните идеи на босанските атентатори за атентат врз гувернерот на Босна или

дури и императорот Франц Јосеф можно е под влијание на Апиш да биле пренасочени кон престолонаследникот Франц Фердинанд. Оттука, по сета логика и Апиш не верувал дека со атентатот може да се предизвика војна и доколку навистина посакувал војна тогаш ќе ги помогнел младите Босанци во атентат врз босанскиот гувернер или дури и императорот што, пак, би била далеку посигурна причина за војна (Sowards, 1997).

## 4.7.Австроунгарската страна

Атентатот на Франц Фердинанд во Сараево бил искористен како причина за започнување на големата војна. Сепак фактот дека Австро-Унгарија не реагирала веднаш, туку чекала речиси два месеца ни кажува дека нејзината одлука за објавување на војна не била непромислена и не станувало збор за некоја спонтана реакција за одмазда кон Србија. Австроунгарската дипломатија го продавала овој факт како обид за мирно решавање на ситуацијата преку дипломатски инструменти наместо започнување веднаш со војна, што во принцип не било случај зашто тие однапред го утврдиле виновникот и го осудиле (Gabor, 2020). Фактот на атентатот, колку и да бил политички проблематичен, не бил главната причина за војна. Имено, само се барала причина за започнување војна со Србија и истата се нашла во овој акт. Чисто за илустрација на пр. на императорката Елизабета ѝ бил извршен атентат во 1898 год. во Швајцарија од

страна на Италијанец, па ова не било повод за војна на Австро-Унгарија со Швајцарија или со Италија.

Но, да се навратиме за момент кон дуалната Австоунгарска монархија. Истата била прилично комплицирана творба во која одлуките се носеле на исто толку компликуван начин. На чело стоел императорот од хабсбуршката династија кој бил заеднички орган за двата конститутивни дела на монархијата. Во процесот на носењето на одлуките покрај него учествувале и министерот за надворешни работи, фракциите од два конститутивни дела на монархијата но и армијата. Но ситуацијата во овие односи била далеку од онаа во Србија, каде што дел од армијата практично дејствувал автономно под команда на военото разузнавање. Министер за надворешни работи бил Леополд Берхтолд. Интересно е дека доаѓа на функцијата во 1912 год. по завршување на службата како амбасадор во Русија. Бил најмлад министер за надворешни во Европа. Се смета дека немал некое големо познавање на балканските работи (Sked, 2014). Инаку, императорот Франц Јозеф кој бил најодговорен за надворешната политика скоро се делегирал на својот министер за надворешни работи во периодот пред Првата светска војна. За илустрација во тригодишниот период пред Првата светска војна императорот не присуствувал на ниту еден од 39-те состаноци на Советот на министри (Sked, 2014).

Атентатот во Сараево предизвикал голема полемика внатре во монархијата, како за пропустите така и за идните чекори. Познато е дека следела масовна истрага проследена со апсење. Како што рековме претходно, практично сите извршители

биле најдени и осудени. Но и покрај фактот што станувало збор за извршители - државјани на монархијата, сепак во скоро сите дискусии прстот бил вперуван во Србија. Конекцијата за ваквите обвинувања била истрагата која покажала дека оружјето или дел од него дошло од Србија. При ова не се одело во некоја претерано длабинска анализа да се види дали навистина Владата во Србија стоела зад овој чин, туку едноставно прстот бил вперен директно во Владата на Пашиќ. Дури и ако некој се обидувал да направи пореална проценка во делувањето на разните здруженија во БиХ и тоа не се правело нешто премногу длабински и како такво било обвинето здружението Народна одбрана (инаку организација што многу повеќе делувала пред сè во Вардарска Македонија отколку во БиХ). Веројатно сето ова и не било до толку суштински. Она што било суштинско била решеноста за војна против Србија, за која едноставно се чекал само добар повод. Дополнително била обезбедена целосна и недвосмислена поддршка од Германија. Можеме да кажеме дека за ова прашање Австро-Унгарија добила еден вид на бланко чек од страна на својот сојузник Германија. Имено, германскиот кајсер напишал дека тој „останува лојален на Австро-Унгарија во согласност со обврските од договорот и старото пријателство" (Amt, 2014, стр.1). Горе-долу сите биле на слични позиции со тоа што генералите биле уште пожестоки. Како единствен кој бил еден вид опозиција на овие ставови и против воена акција врз Србија бил унгарскиот премиер Стефан Тиса. Во неговото размислување ниту најпозитивното сценарио (брз пораз на Србија) не било посакувано сценарио. Едноставно со припојувањето на Србија во монархијата, бројот на словени драстично ќе се

зголеми. Тој стравувал дека оваа експанзионистичка политика на крај им се вратила како бумеранг, со тоа што Унгарците ќе станат малцинство во сопствената држава. Едно вакво сценарио, порано или подоцна ќе ја довело монархијата до трилизам преку давање на еднаков статус на словенското население, со што позицијата на Унгарија значајно би се намалила. Оттука тој всушност бил противник на престолонаследникот Фердинанд кој пак се залагал токму за вакво решение, а иронично бил убиен од Србин, што пак ќе биде причина за војна против Србија. Тој во своето писмо до императорот од 1 јули вели влегувањето во војна со Србија ќе биде фатална грешка во најлош момент, смета дека немаат поддршка на Романија, а Бугарија е премногу слаба и впрочем нема јасни докази дека Србија стои зад атентатот (Gabor, 2020) и (Sked 2014). Сепак под притисок на целата атмосфера во монархијата премиерот едноставно морал делумно да ретерира од овие ставови. Така на пример целиот австриски совет на министри застана во полза на војна на 7 јули. Значи за австрискиот дел од монархијата и немало некои дилеми. Дилемите постоеле кај дел од Унгарците. Со цел да најдат еден вид на компромис со ставовите на Тиса, Советот сепак се сложил да не објави војна на Србија веднаш, туку прво да упати ултиматум со барања и преку тоа да се даде ронка надеж војната да биде избегната. Сепак и повеќе од јасно било дека сето ова било мртви букви на хартија, а во пракса барањата биле толку тешки, а времето за одговор по ултиматумот многу краток и беше формулиран на таков начин што само се очекувало Србија да го одбие (зашто бил формулиран да биде одбиен од која било држава) со прерани барања кои

го нарушувале, понижувале и поткопувале српскиот суверенитет. Практично ултиматумот бил пратен со цел да биде одбиен (Amt, 2014).

Сепак, Тиса морал да се сложи со овој „компромис”, наречен ултиматум со рок од 48 часа, кој бил предаден во Белград на 23 јули. Но Тица кој навистина немал некој голем простор за маневар се сложил со претходново, но барал јасно прокламиран став за целите на војната. Имено, тој барал да биде јасно дека оваа војна не е војна за територија и дека поразената Србија нема да биде припиена кон Австро-Унгарија. Овој негов став успеа да го наметне правдајќи го со тоа што истиот може да предизвика симпатии и разбирање помеѓу европските сили, а дури може и ги одземе причините на Русија за вмешување.Сепак и покрај овој официјален став беше јасно дека  во случај на победа во најмала рака можеа да се очекуваат барем одредени корекции на границите,а Србија во најдобар случај за неа ќе биде вретена на статус на држава-сателит (Gabor, 2020). Горе-долу, ваквите сценарија вклучувале и постепено колонизирање на Србија преку населување на унгарски и австриски фармери, а одредени промени на границите би претрпела и Црна Гора особено во делот на јадранското крајбрежје за сметка на Албанија (Sked, 2014).

Меѓутоа, одговорот на Србија бил прилично неочекуван. Имено, таа прифатила скоро сè од наведеното во ултиматумот, освен една точка (која се однесувала на правото на австроунгарски органи да вршат истраги на територијата на Србија) и она што го одбила била подготвена да разговара понатаму со цел да се изнајде решение (Amt, 2014).

Интересна е позицијата и на императорот во овој контекст. Имено, тој веќе бил во поодминати години и барал одмазда за атентатот во Сараево. Сепак по добиениот одговор од Србија коментирал дека не гледа повеќе причина за војна (Amt, 2014), но очигледно работите веќе биле отидени предалеку, зашто се чинело дека ова била таа идеална можност за пронаоѓање на причина за војна со Србија на која толку многу чекале и на оваа војна гледале како на неизбежен чин уште и пред атентатот (Gabor, 2020). На слично мислење е и Williamson, според кој атентатот бил доволна добра причина и можност конечно да се потчини Србија (Williamson, 2007). Според сфаќањата на дел од австроунгарското раководство, особено нејзиниот воен дел, Австро-Унгарија веќе била во војна практично започната од Србија. Оваа војна за нив била неизбежна и може само да биде одложена за некоја година, веројатно со полоши услови за Австро-Унгарија. Секако бил присутен стравот од османлиско сценарио доколку Австро-Унгарија не влезе во решителна војна со Србија (Sekd, 2014). Иако војната во 1914 год. била означена како самоодбрана од страна на Австро-Унгарија, таа всушносот била превентивна војна согласно со нивите сфаќања. Всушност, за нив била војна за преживување на дуалната монархија како таква (Gabor 2020). Така на пр. генералот Франц Конрад фон Хецендорф јавно зборувал за потребата од превентивна војна и израмнување на сметките со Србија. Генерал Франц тврдел дека монархијата е опкружена со непријателски држави, па оттука многу подобро било да војува со нив една по една. Така според него ова било добар момент за напад на малата Србија која веќе е изнемоштена од балканските војни, а во однос на можната руската

поддршка сметаше дека истата ќе изостане заради поддршката која Австро-Унгарија ја уживаше од страна на Германија. Ваквата надворешна политика ќе има влијание и внатре. Така воениот пораз на Србија бил демонстрација на моќ и пораз на надежите на Словените внатре во Австро-Унгарија. Оттука оваа надворешна политика била еден вид алатка за неутрализирање на проблемите дома (Mutschlechner, 2020). Според Sked, пак, постојат две различни објаснувања околу главната причина за носење на одлука за војна во 1914 год. Според првото, тоа била неспособноста за федерална реорганизација на државата, па оттука влегувањето во војна било со цел да се превенира националните прашања да ја уништат австроунгарската држава однатре. Второто објаснување тврди дека одлуката за војна била донесена заради меѓународниот престиж на династијата. Всушност и самата одлука за војна не можела да биде донесена без изречна согласност на императорот (Sked, 2014).

Сепак треба да истакнеме дека има автори кои сметаат дека ситуацијата била обратна. Односно, дека всушност Австро-Унгарија не ја сакала војната туку истата била посакувана од Србија. На таков став е на пр. Hannig, која вината на Србија ја пронаоѓа во тоа што тие неспорно посакувале дел од австроунгарската територија. Според неа, ставот на министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија дека монархијата има непомирлива ситуација со својот сосед Србија, зашто истата има експанзионистички намери кон територии кои се дел од неговата држава, е сосем разбирлив (Hannig, 2015). Сепак токму овој аргумент може да биде протолкуван и обратно. Односно можеме да кажеме дека повторно Австро-Унгарија ја

посакувала војната, зашто сметала дека истата е неизбежна заради постоењето и делувањето на српската држава. Во најмала рака, ако не ја посакувала тогаш ја перципирала како неизбежна. Оттука и калкулациите на монархијата биле дека во евентуална војна со малата Србија тие ќе се сигурен победник, а можноста за вмешување на Русија ќе биде неутрализирана заради германската поддршка за оваа акција. Впрочем веќе постоела таква ситуација за време на анексијата на БиХ каде што Србија не се осмелила да реагира заради нејасната поддршка од Русија која пак ретерирала заради јасниот германски став по ова прашање. Во оваа анализа треба да истакнеме дека има и мислења според кои за војната всушност највиновна е Германија, без чиј бланко чек Австро-Унгарија не би се осмелила да ѝ објави војна на Србија. Според други пак вината за започнувањето на војната се наоѓа пред сѐ во Русија, а делумно и Франција. Русија била решена за воен одговор на настанатата ситуација, дури и пред да ѝ се даде можност на Србија да одговори на поставениот ултиматумот, додека пак Франција цело време знаела за ова (Sked, 2014). Во прилог на претходново се потенцираат и воените капацитети. Така се смета дека Германија заедно со Австро-Унгарија имале на располагање некои 3.5 милиони војници наспроти 5-милионските кумулирани војски од Русија, Франција и Србија (Sked, 2014). Според нас, војната всушност била производ на повеќе околности од само желбата на една или друга држава, иако поприлично е неспорно дека Австро-Унгарија ја посакува воената разврска или барем на истата гледа како на неминовност во најмала рака.

## 4.8.Србија наспроти Австро-Унгарија и дилемата на затвореникот

Заканата од Австро-Унгарија и изборите кои ги имала на располагање и за кои се одлучила Србија можеме да ги анализираме и преку употреба на теоретската рамка на затвореничката дилема (Poundstone, 2011).

Едно можно сценариото би било тоа во кое Србија се одлучувала да соработува во целост со Австро-Унгарија. Оваа опција би значела дека Србија во целост го прифаќа ултиматумот. Притоа едноставно се надевала дека Австро-Унгарија навистина по ова ќе го почитува договорот и нема да ја загрозува независноста на Србија. Сепак ова било далеку од реално сценарио, зашто прифаќањето на ултиматумот воедно по некаков автоматизам значело нарушување на суверенитетот и независноста на Србија. Во ова сценарио Србија, иако веројатно повторно потпаднала под австроунгарската сфера на влијание, сепак преживеала како субјект и тоа без жртва на ниту еден војник (сценарио означено со бр.1 со зелена боја - види горна лева колумна од табелата подолу). Сепак доколку Австро-Унгарија се решила да мами и да ја искористи оваа целосна соработка на Србија за да ја соедини, тогаш ова сценарио се трансформира во сценариото под бр.2.

Второто можно сценарио всушност е и најлошото за Србија. Така, Србија играјќи помалку наивно го прифатила во целост ултиматумот занемарувајќи ја отворената поддршка од Русија. Притоа Србија се надевала дека навистина нема да има некава промена на границите и дека на овој

начин ќе ја докаже своја невиност во атентатот и ќе остане независна. Всушност, се случува обратното. Односно Австро-Унгарија ја користела оваа ситуација за да ја врати Србија во својата сфера на влијание како некоја преодна фаза до крајната цел, а тоа е да ја направи свој составен дел, слично како БиХ. Сепак не било најреално да се очекува дека Србија доброволно ќе прифати повторно да потпадне под австроунгарско влијание и покрај сите историски случувања кои морала да ги доживее за да излезе од истото. Конечно, игнорирањето на бланко поддршката дадена од Русија исто така не било веројатно (сценарио под бр. 2 означено со жолта боја - види горна десна колумна од табелата подолу).

Трето можно сценарио согласно со оваа теоретска рамка би било кога Србија на некаков начин би успеала да ја измами Австро-Унгарија преку делумното прифаќање на ултиматумот кој подоцна и не би се реализирал во пракса, дополнително со давање на некакви ветувања за немешање во БиХ и останатите делови во монархијата и со тоа да го сврти меѓународниот притисок кон Австро-Унгарија, која пак едноставно би чекала и не би ја нападнала Србија (сценарио под бр. 3 означено со жолта боја - види лева колумна од табелата подолу). Со ова сценарио Србија не само што преживеала, туку и си ја задржала целокупната територија без ниту еден жртвуван војник, дополнително задржувајќи ги амбициите за БиХ, како и останатите територии во монархијата за кои веќе пишувавме. Сепак едно вакво сценарио би било претерано наивно да биде реално во услови на однесување согласно со контурите на офанзивниот реализам од страна на

Австро-Унгарија при добиена бланко поддршка од Германија.

Четвртата опција за Србија била војна со Австро-Унгарија во ситуација каде што јасно го одбивала ултиматумот и би било јасно дека истата достоинствено се обидувала да се брани и неспорно е предмет на агресија. Секако дека оваа опција во себе содржела можност за евентуално згаснување на Србија како субјект, но разликата со второто сценарио е тоа што таа опција таму е единствена опција (сценарио бр. 4 означено со црвена боја - види долна десна колумна од табелата подолу).

Анализата на она што се случило во пракса ни кажува дека всушност Србија играла некаква комбинација од сценарија со бр. 3 и бр. 4. Со сценарио бр. 3 во основата затоа што го прифатила ултиматумот делумно, со што стекнала симпатии дека направила сосем доволно за една независна држава. Понатаму, што и да се случело, Србија била држава која само се брани наспроти експанзистичката империјалистичка сила на Австро-Унгарија. Сепак, крајниот исход бил оној од сценариото бр. 4, зашто Австро-Унгарија сепак извршила агресија.

| | |
|---|---|
| *1. Србија го прифаќа ултиматумот во целост. Австро-Унгарија не врши агресија врз Србија* | *2. Србија е измамена од Австро-Унгарија и престанува да постои или престанува да биде независна* |
| *3. Австро-Унгарија е измамена од Србија. Не доаѓа до агресија и Србија останува независна и можна закана за монархијата* | *4. Србија го отфрла ултиматумот во целост. Австро-Унгарија врши агресија* |

Илустрација бр.8
Теоретска рамка „дилемата на затвореникот”, случајот со Србија и заканата од Австро-Унгарија во 1914 год.

## 4.9.Заклучок

Се чини дека е неспорен фактот дека тукуштo формираната Србија била мала државичка сместена на границата помеѓу големите Австро-Унгарија и Османлиската Империја. Србија не располагала со некои големи ресурси и географски била сместена и не толку поволно, без излез на море и во добар дел од времето, со релативно непријателски односи со своите соседи. Сепак, дефинирањето на Србија како мала држава е контрадикторно со бројни теоретски дефиниции. Така, според една дефиниција, малите држави се неспособни да ги променат правилата на

игра на „големите” (Archer, Bailes and Wiver, 2014), (во овој правец е и Jaquet, 1971). Меѓутоа, претходната анлиза ни покажува дека Србија сепак се покажала (до определена мера) способна да маневрира помеѓу големите. Така на пр. успеала да ја отфрли зависноста од Австро-Унгарија. Според една друга дефиниција пак, суштински елемент за да една држава се смета за мала сила е нејзините барања и интереси да се ограничени над нејзините сопствени области (Fox, 1959). Меѓутоа се гледа дека Србија своите интереси ги проектирала прилично подалеку од сопствената суверена територија, како во Османлиската Империја, така и во делови на Австро-Унгарија. Понатаму, според определена дефиниција раководството на државата е помирено со позицијата на маргинална сила, а таквата позиција е потврдена и од останатите „играчи”. Имено според Keohane, токму себе-перцепцијата на државните елити како немоќни да направат каква било разлика ја става државата во групата на мали држави (Keohane, 1969). На слични позиции е и Rothstein, според кого малите држави признаваат дека не се способни да уживаат безбедност без да се потпираат на други држави, но оваа неспособност исто така е признаена и од други држави (Rothstein, 1969). Меѓутоа Србија делумно не се вклопува ниту во овие дефиниции. Така нејзиното раководство (по отстранувањето на зависноста од Австро-Унгарија) не се перципирала како маргинална сила, зашто во своите проекции имала зацртано освојување на нови територии и тоа за сметка на големи држави и големи сили. Дополнително, ниту другите играчи секогаш не ја доживувале Србија како маргинална сила која нема капацитет да направи каква било разлика. Така

Австро-Унгарија сметала дека Србија има капацитет дури и да биде закана по нивниот територијален интегритет. Секако, дефиницијата неспорно е апликативна во однос на делот на потпирање на други држави, со цел да остави безбедност. Така за Србија најпрвин тоа била Австро-Унгарија, а подоцна Русија. Според една друга дефиниција, пак, малите држави се консументи, а не создавачи на безбедносната политика (Army, 1964). Претходново само делумно е точно за Србија. Сметала дека може да биде и создавач на безбедносна политика ако реализира одредени свои планови за зголемување на својата територија и излез на Јадранот. Интересна е и дефиницијата според која малите држави не очекуваат дека можат да направат значаен исчекор делувајќи самостојно или дури и во мали групи во однос на безбедноста (Keohane, 1969).  И ова е само делумно апликативно за Србија, па и за Бугарија, кои според определена литература самостојно делувале во повеќе наврати и го загрозиле дури и опстанокот на Османлиската Империја. Според други автори пак, малата држава се препознавала по својата карактеристика на послабата страна во еден асиметричен однос, при што не била способна да ја измени природата на функцијата на тој однос (Archer, Bailes and Wivel, 2014). Претходново, повторно е само делумно точно во однос на Србија и тоа во период пред доаѓањето на кралот Петар. Сепак, Србија дефинитивно била мала држава според следниве две дефиниции. Така мала држава е онаа држава која не може да се справи со војна со моќна држава на еднакви основи (*Vandenbosch,* 1964). Според Bjol државата е мала само во однос со поголема (Bjol, 1971). Knudseen пак смета дека релациите, а не големината, се

одлучувачкиот фактор што може да помогне во дефинирањето (Knudsen, 1996). Сметаме дека последнава е особено важна дефиниција и зошто Србија неспорно била мала држава и мала сила, но релациите во меѓународните односи, будењето на национализмот, сојузот со Русија итн. ја правеле Србија да може да игра „вон" дометот на она што би се очекувало од мала сила и во рамките на претходните дефиниции.

Оттука, сето ова оди во прилог на нашето основно тврдење дека ресурсите со кои располага државата, степенот на развој, економијата, воените капацитети, дипломатијата, историјата, геостратешката положба и значењето во определен момент на односите на силите во меѓународниот систем е комбинација на варијабли кои го креираат степенот на моќност на конкретна држава. Поточно, не фактот на поседувањето ресурси туку многу повеќе начинот на нивното искористување и одлуките на државното раководство ја прават конкретната држава да биде моќна, без разлика дали станува збор за мала или голема држава. Оттука исходот во една конкретна ситуација ќе се должи на политичките одлуки и начинот на користење на овие алатки од страна на државното раководство, нормално во согласност со геостратешкиот контекст и момент. Секако, при ова не може да се занемари карактерот на носителите на одлуките.

Во однос на српската армија можеме да заклучиме дека иако не била нешто посебно опремена (а за европски стандарди дури и бедно опремена), сепак одвреме-навреме имало обиди за модернизација како што се купување на ново оружје од Франција. Сепак, дефинитивно била релативно

искусна и имала воени традиции од првото српско востание, па преку балканските војни сѐ до Првата светска војна. На домашен план сепак имало одредени проблеми, зашто самата држава била релативно нова. Проблемите се засилиле со припојувањето на Вардарска Македонија кога се јавиле проблеми и околу администрирањето на овие нови територии. Особено се појавиле тензии и еден вид натпревар помеѓу владата и војската. Такво нешто немало во Австро-Унгарија, но заедничко за воените раководства на двете држави е фактот дека истите биле поагресивно расположени за разлика од цивилното раководство на нивните влади.

На надворешен план, пак, се чинело дека Србија цело време имала определен сојуз кој на некој начин ѝ ја гарантирал безбедноста и со чија помош се правел баланс против можната закана од некоја друга голема сила. Така на почетокот тоа била Австро-Унгарија наспроти Османлиите, но ова било по многу голема цена за Србија ставајќи ја практично за зависна положба и еден вид полусуверена држава. Подоцна тоа е Русија (а до некаде и Франција) против Австро-Унгарија. Оттука, Србија била во цврст сојуз со Русија, односно влегла во сојуз за балансирање кон Австро-Унгарија. Кога заканата од Австро-Унгарија станала реална, Русија не ретерирала од обврските од овој сојуз, зашто тоа се поклопувало со нивниот интерес. Едноставно, Србија била клучен дел во балансот на моќта на Балканот кој Русија не беше подготвена да дозволи да се измени на нејзина штета. Иако претходно кога рускиот интерес не се поклопувал со српскиот, Русија знаела да ретерира од сојузот, па дури и да се пазари за сметка на интересите на Србија (пр. Анексја за БиХ). Практично Русија и Австро-Унгарија

влегле во таканаречената „chiken game“ околу Србија. Неотстапувањето на ниту еден играч довело до вистински голем судир и Првата светка војна. При сите овие случувања Србија избрала максимална соработка со својот сојузник Русија. Некои од опциите на Србија овозможувале ретерирање од националната гордост и враќање на преградките Австро-Унгарија. За изборите на Србија доволно илустративни се резултатите добиени од затвореничката дилема за која пишувавме погоре.

Оттука Србија била во класична ситуација на обид за балансирање онака како што тоа го објаснува Waltz (Waltz, 1979). Впрочем, создавањето на Србија било производ (покрај други фактори) на промената на балансот на силите и неповратното слабеење на Османлиската Империја. Србија директно придонела кон нов баланс на силите поразувајќи ги Османлиите и Бугарија за време на балканските војни. Србија сакала да влезе дури и во војна со Австро-Унгарија заради нивната анексија на БиХ, но не добила поддршка од Русија за такво потег. Оттука заклучуваме дека секогаш кога е на повидок нов распоред на балансот на силите, соседните држави се чувствуваат повикани да реагираат зашто ако истите тоа не го сторат, тоа ќе го стори некој друг и ќе биде нарушен балансот на нивна штета. Заради сето ова во еден подолг период целиот овој регион бил прилично нестабилен. На внатрешен план Србија создавала економски и воени капацитети. На надворешен план имала сојуз со Русија, а градела подлога за такво нешто и со Франција. Сепак овие цврсти темели за баланс не ја спасиле од воениот конфликт. Но, очигледно, подолгорочните намери на Србија не биле одржување на статус-квото, туку посакувала

нова прераспределба, а всушност Австро-Унгарија преку војна со Србија посакувала задржување на статус-квото за кое верувала дека Србија има капацитет подолгорочно да го промени (нормално и да ги зацврсти своите позиции итн.). При сето ова границата помеѓу однесувањето согласно со контурите на дефанзивниот и офанзивниот реализам е многу мала во однесувањето на Австро-Унгарија, која ја анексирала БиХ, а подоцна објавила војна и на Србија. Она што е интересно да се забележи е дека Австро-Унгарија сметала дека повторното потчинување на Србија е од особена важност за монархијата заради состојбите внатре. Оттука можеме да кажеме дека Австро-Унгарија сакајќи да ги исполни целите на дефанзивниот реализам (одржување на сопствена сигурност), всушност, сметала дека е принудена да делува во рамките на офанзивниот реализам (да се стекне со колку е можно поголема моќ). Но слична логика може да се примени и за Србија. Така Србија сметала дека единствен начин да ја има сигурноста е преку зголемување на својата територија и излез на море, зашто на таков начин би станала фактор и вистински независна од други држави. Србија долгорочно предвидувала однесување согласно со контурите на офанзивниот реализам, освен во моментите на австроунгарската агресија кога морала практично да се бори за опстанокот на државата. Оттука дебатата помеѓу дефанзивните реалисти и офанзивните реалисти во голема мера е излишна. Така државата, пред сè, сакала да преживее, но кога тоа веќе било обезбедено ќе посака да има што поголема моќ. Ако во меѓувреме нејзиниот опстанок повторно биде доведен во прашање, повторно главна цел ќе биде преживувањето. Така и Србија,

која влегла во освојувачки војни против Османлиите, но кога Австро-Унгарија ѝ објавила војна се нашла во ситуација на борба за преживување. Целата оваа анализа била правена во мултиполарен систем при постоење на повеќе големи сили при непостоење на постојана меѓународна универзална организација, односно во класична ситуација на анархичен систем. Од теоретски аспект, ова е ситуација на структурен реализам каде што државите се однесуваат егоистички гледајќи го својот интерес и не потчинувајќи го на интересот на други држави. Претходново однесување било карактеристично за Австро-Унгарија и за Србија, па и за нивните сојузници. Како што рековме, двата главни актери во оваа анализа главно се однесувале согласно со контурите на офанзивниот реализам.

Во однос на дебатата на двата правци за создавањето на безбедносна дилема, се чини дека сепак победуваат претставниците на офанзивниот реализам кои тврдат дека истата е неизбежна за разлика од дефанзивните реалисти кои сметаат дека понекогаш истата може да биде избегната. Така во конкретнава ситуација и двете држави биле безбедни, Австро-Унгарија заради своите сопствени капацитети, а Србија пред сѐ заради сојузот со Русија, па сепак дошло до војна. Несомнено двете држави биле во некоја ситуација на безбедносна дилема (Jervis 1978), но секако не во онаа класична теоретска рамка на истата. Така на пр. еден од суштинските елементи за утврдување на постоење на истата е непостоење на вистинска желба за започнување на војна, но околностите и тензиите довеле до тоа. Сепак нашата анализа покажа дека владејачките кругови во монархијата ја посакувале војната (или барем ја сметаа за неизбежна), а

слично и во Србија каде што се сметало дека во некое определено идно време војната околу БиХ е неизбежна. Сега можеме да спориме дека Србија не ја сакала војната во тој определен момент кога истата започнала. Од друга страна пак, делумно го имаме моментот на грешна интерпретација на туѓите обиди за своја поголема заштита како агресивно однесување. Така на пр. Србија купувала оружје од Франција. Но пак, делот на безбедносна дилема што вели дека една од причините за нејзиното креирање е немањето комуникација или пак погрешно разбрана комуникација помеѓу засегнатите страни не е до крај обезбедена во случајов зошто определена комуникација сепак постоела, а и немаме некое погрешно толкување на сигналите. Така на пр. Ултиматумот на Австро-Унгарија нема некои можности за различни интерпретации освен како реална закана за војна. Во однос на интензитетот на безбедносната дилема се чини дека во нашиот случај тој беше во првата од четирите опции кои ги предлага Јервис (Jervis, 1978), односно офанзивното и дефанзивното однесување практично не можат да се разграничат, но сепак офанзивното има мала предност. Тоа е ситуација на многу интензивна безбедносна дилема, каде што статус-кво државите се однесуваат агресивно, а шансите за соработка се многу мали. Претходново е насликано за нашиот пример и однесувањето пред сè за Австро-Унгарија, а донекаде и за Србија.





# 5.СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ БР. 2. ГЕРМАНИЈА VS ЧЕХОСЛОВАЧКА

*Случај бр. 1. Чехословачка vs Германија.*
*Период: меѓувоениот период (по Првата и пред Втората светска војна).*
*Меѓународен систем: Версајски.*
*Постоење на глобална меѓународна организација: Да.*

Студијата на случај на конфликтот помеѓу Чехословачка со нацистичка Германија е многу интересен пример и од истиот можат да се извлечат бројни заклучоци. Станува збор за конфликт помеѓу мала и голема држава, односно мала сила во случајот Чехословачка и голема сила и голема држава, во случајот нацистичка Германија. Историски оваа криза е познатата како Минхенска криза од 1938 год. Со цел да извлечеме соодветни и веродостојни заклучоци за судирот на една мала со една голема сила, како во конкретниот случај, особено е значајно анализата да не ја правиме во изолација која би се свела само врз конкретните две држави. Претходново особено е точно заради фактот што ни една држава не постои сама за себе и е целосно независна и незасегната од дејствувањето и потезите на другите држави. Претходново уште повеќе важи за обработка на

случај како конкретниов, каде што не станува збор за некои островски изолирани држави во некој далечен океан, туку држави во срцето на Европа. Имено, станува збор за две држави кои заедно граничеле со дури 11 држави. Оттука ако појдеме од претпоставката дека она што се случува помеѓу двете држави во определена помала или поголема мера ги засега барем нивните соседи, ќе видиме дека не можеме ни да помислиме дека конкретнава студија на случај можеме да ја сведеме само на анализа на односите помеѓу Чехословачка и Германија. Очигледно е дека конфликт помеѓу овие две држави го поседувал потенцијалот за одредена промена на балансот на силите во централна Европа (ако не и пошироко), па заради тоа логично и неопходно е да се земат предвид дејствувањето и уште повеќе недејствувањето на останатите големи сили (од соодветната историска етапа), а пред сè Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (ОК) и Франција, но не изоставувајќи ги и СССР. Сепак, за да ја добиеме целосната слика и да можеме да ги добиеме вистинските заклучоци потребно е анализата да го земе предвид и меѓународниот систем во периодот помеѓу двете светски војни. Секако мора да биде земен предвид и фактот дека и покрај драматичниот напредок во воената технологија и производство на модерни оружја, сепак, во тоа време нуклеарното оружје сè уште не постои. Се разбира дека доколку постоело би можело да даде една целосно друга димензија на конфликтот, а со тоа и анализата би била поинаква. Оттука, потенцијалната закана по безбедноста на Чехословачка, колку и да била страшна, сепак се сведувала на класична воена закана исклучувајќи ја нуклеарната закана. Дополнително, треба да се

истакне дека средствата за комуникација не се како денешните, но сепак се прилично развиени, односно најразвиени за тој даден момент во историјата на човештвото. Така, оваа криза не би било можно да се менаџира на начинот на кој се менаџирала преку самит дипломатијата (на Чемберлен[30] со Хитлер[31]) доколу немало авиони, но пак од друга страна можеме само да претпоставиме како оваа криза ќе се одвивала доколку страните имале на располагање на пр. интернет и социјални мрежи.

### 5.1. Чехословачка, внатрешни состојби и надворешни односи

Но, да одиме со ред. Чехословачка била директен производ на Договорот од Версај и составен дел од меѓународниот систем воспоставен со новиот баланс на силите по Првата светска војна. Со Договорот од Версај од 1919 год. Германија била жестоко казнета и принудена да ја прифати таканаречената клаузула за вина за избувнувањето на Првата светска војна. Сето ова било проследено со огромни репарации кои истата требало да ги исплаќа на победниците. Нејзиниот сојузник од Првата светска војна, пак, европската сила Австро-Унгарија поминала уште полошо. Државата престанала да постои како таква и на нејзината територија биле формирани нови држави или дел од нејзината територија била дадена на соседите. На

---

[30] Артур Невил Чемберлен бил британски премиер во период од 1937 до 1940 год.
[31] Адолф Хитлер бил канцелар и фирер на Германскиот трет рајх во периодот 1933 -1945 год.

еден дел од некогаш моќната Австро-Унгарија се појавил новиот меѓународен субјект со мнозинско словенски елемент. Името на државата било Чехословачка. За разлика од Австро-Унгарија каде што доминирал германскиот елемент за сметка на словенскиот, сега ситуацијата била обратна. Населението кое го имало германскиот јазик како мајчин, сега било малцинство на кое словенското мнозинство не гледало најблагопријатно заради историската заднина наследена од Австро-Унгарија.

Оваа новоформирана држава, согласно со постоечката литература, била просперитетна економија, па дури можеме да кажеме и завидна воена сила. Територијата на Чехословачка била прилично богата со бројни ресурси како јаглен, железо, бројни шумски предели и голема обработлива земја. Државниот врв ги користел ресурсите и инвестирал во образованието и писменоста на населението, притоа не заборавајќи ја одбраната каде што добар дел од буџетот (од 15-20%) одел за оваа намена, што секако е и повеќе од висок процент. Според некои проценки чехословачката армија броела околу седумнаесет пешадиски и четири моторизирани дивизии, нешто што воопшто не било за потценување. Дополнително, се сметало дека во случај на воена мобилизација можело да се дојде до некои 40 дивизии пешадиска војска за која државата веќе имала обезбедено оружје. Притоа не станувало збор за какво било, туку за прилично современо оружје кое се произведувало токму во Чехословачка. Малку е познато дека Чехословачка располагала со две големи и современи фабрики за производство на оружје, но и нервен гас (Vaughan, Asiedu & Velinger,

2005). Војската била добро обучена[32], со најсовремени воени тактики и обучувачи од Франција. На високите и управувачки позиции во армијата најчесто стоеле Чеси или Словаци. Трупите биле организирани на начин што секогаш во нив мнозинство биле Чесите и Словаците, додека пак припадниците на малцинствата кои служеле војска најчесто како резервисти (а инаку генерално редовно се јавувале на повикот) не биле испраќани да служат во пограничните области. Надворешните граници биле добро обезбедени, особено границата кон Германија која и онака природно имала тежок и не најпристапен терен. На местата каде што тоа не било случај, пак, се граделе бројни утврдувања по советите на француски пријатели и по моделот на линијата Мажино (Витал, 1971).

Знаејќи го сето ова, логично е прашањето како една ваква држава престана да постои и беше распарчена, а во најголем дел инкорпорирана во Германија без ниту еден испукан куршум? За да дојдеме до одговорот на ова прашање мораме да направиме анализа и на слабите страни на Чехословачка. Имено државата имала геостратешка позиција во срцето на Европа (што истовремено е и предност, но и слабост) со долги граници и прилично нехомогено население. Нејзините пет соседи наскоро станале четири по германското обединување со Австрија. Ова практично значело дека скоро половина од границите на Чехословачка сега биле со големата Германија. Геостратешки ова значело дека Чехословачка се нашла во устата на Германија, фигуративно кажано (види слика бр.1)

[32] Нешто што го потврдува и британскиот аташе во Полска, види повеќе во Витал, 1971.




Илустрација бр.9[33]

Како што веќе напоменавме, една од потенцијално слабите страни на Чехословачка било нејзиното хетерогено население. Од некои 13 -14 милиони жители, нешто повеќе од една третина биле Германци, Пољаци и Унгарци. Дополнително, Чесите и Словаците не биле секогаш во меѓусебни идеални односи и единствени во однос на заедничката иднина. Впрочем, иако Уставот на Чехословачка зборувал за чехословачка нација[34], во пракса не можеме да го игнорираме фактот дека иако двата етноси биле блиски, сепак постеле определени разлики помеѓу нив, а чехословачката нација била само во процес на градење зашто сепак станувало збор за две многу блиски но сепак различни словенски етнички групи. Дополнително Чесите биле далеку побројни од Словаците. Конструкцијата на чехословачката нација имала за

[33] Сликата е преземена (Koch, 2015).

[34] Притоа избегнувајќи да наведува малцинства.

цел создавање на значајно мнозинство од 8-9 милиони Чехословаци наспроти сите останати малцинства. Инаку во цела Чехословачка тешко дека станувало збор за 2,5 милиони Словаци кои чинеле некаде околу 15% од вкупното население. Иронично, но во државата на Чесите и Словаците имало побројно германско малцинство од Словаците (Čadová, 2005). Дополнително, големото германското малцинство од нешто повеќе од три милиона не било расфрлено ширум територијата на Чехословачка (иако имало и такви примери), туку било прилично хомогено населено околу границата со Германија, а најмногу во областа позната како Судетска област.

Сепак, Чехословачка не стравувала само од германското малцинство и можноста истото да биде искористено како алатка во рацете на Германија за територијални побарувања. Имено, североисточниот сосед, државата Полска, бил незадоволен од фактот што во новоформираната држава Чехословачка влегол и добар дел од регионот на Teschen. Полска јавно полагала историско право на овој регион во кој, помеѓу другите, живеел и значаен број на Полјаци[35]. Дополнително, јужниот сосед - Унгарија не бил воопшто среќен што дел од Унгарците, по Првата светска војна, останале да живеат надвор од унгарската држава како малцинство во југозападните делови на новата словенска држава. Во нехомогеноста на населението во Чехословачка придонесувале и карпатските Украинци на истокот од државата кои иако биле дел од словенското население сепак правеле јасна дистинкција помеѓу

[35] Иако е тешко да се најдат точни бројки, сепак претпоставката е дека Полјаците веројатно биле и мнозинство во овој регион.

нив и Чесите и Словаците. Оттука можеме да заклучиме дека Чехословачка во однос на нехомогеноста на нејзиното етничко население претставувала всушност еден вид на Австро-Унгарија на мало. Причините за ова можеме да ги бараме во очигледниот факт дека граничните линии и не биле цртани исклучиво врз база на етничкото население, туку биле земани предвид и економски фактори, како на пример со богатиот регион на Teschen. Веројатно се претпоставувало дека со создавање на јасно чехословачко мнозинство, малцинствата ќе останат само малцинства и државата сепак ќе може да функционира економски просперитетно и тоа на една поголема територија. Впрочем Чехословачка со Договорот од Версај била седмата по големина европска држава, но сепак со прилично хетерогено население (види слика бр.2).




Илустрација бр.10[36]

[36] Сликата е преземена ("Linguistic map of Czechoslovakia, 1930 | Map, Language map, Europe map", 2020)

Во однос на својата надворешна политика, Чехословачка во целост била ориентирана кон Франција. Имено, Франција прва ја признала Чехословачка, а влегле и во сојуз во 1924 год. Се чини дека сојузот со Франција го давал оној дополнителен и пресуден момент за безбедноста на Чехословачка. Во новиот баланс на силите наметнат по Првата светска војна, државите победнички како Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (ОК) и Франција начелно имале договор дека на европското копно главниот збор ќе го има Франција (секако не и единствено и никако не заобиколувајќи го и ОК). Па оттука сојузништвото со Франција (која исто како Чехословачка била демократија) се чинело како најдобра можност за која било држава, особено нова држава создадена по Првата светска војна, особено што ова било поддржано и од ОК. Оттука, иронијата и не може да биде поголема ако знаеме дека токму сојузништвото со Франција ја одвело Чехословачка кон целосно прифаќање на диктатите и желбите на Хитлер и конечното уништување на државата и тоа уште пред избувнувањето на Втората светска војна. Дополнително треба да се напомене дека покрај официјалниот сојуз со Франција (кој бил потврден и јавен од двете страни) Чехословачка имала и индиректна поддршка од СССР (кој прокламираше дека ќе ја поддржи Чехословачка ако Франција го стори истото). Дополнително, Чехословачка беше дел и од сојузот со помалите Југославија и Романија, наменет пред сè за заедничка заштита од можен унгарски реваншизам. Секако дека и овој сојуз бил под чадорот на Франција. И покрај вака, на прв поглед, одлично поставените надворешни релации на Чехословачка, нејзините лидери

директно или индиректно се согласиле на нејзината капитулација без ниту еден испукан куршум во своја одбрана[37]. Оттука не може а да не се прашаме како се дошло до овој епилог, дали Чехословачка може барем да проба да ги коригира политиките на големите сили (ако веќе не можеше да ги промени) и дали воопшто имаше таква шанса?

Да се задржиме за момент на сојузот со Франција. На истиот се гледало како на многу позитивен момент, но и како на неопходност во чехословачката надворешна политика. Дополнително, веќе рековме, Чехословачка била симбол на новиот меѓународен поредок обликуван во голема мера по волјата и теркот на Франција и ОК по Првата светска војна, па оттука поддршката за Чехословачка од страна на Франција па и на ОК, била логична да се очекува. Раководството на Чехословачка сметало дека сојуз со Франција бил и повеќе од ветувачки и тоа за двете страни. Овој сојуз бил надворешната гаранција за чехословачката независност. На внатрешен план, како што веќе напоменавме, Чехословачка располагала со прилично современа воена сила. Французите директно ги обучувале и им пренесувале современи воени вештини на чехословачките трупи. Дополнително двете фабрики за производство на оружје воопшто не биле за потценување. Од друга страна пак, самата геостратешка поставеност на земјата и богатите ресурси со кои располагала имале таков карактер што се претпоставувало дека Французите тешко дека би се сложиле така лесно да паднат во рацете на Хитлер и да станат негови

[37] Ако не го земеме предвид востанието на судетските Германци и повремените инциденти со Германија.

геостратешки предности и ресурси. Ако не за друго, тогаш заради фактот што тоа би можело значајно да влијае на балансот на силите во Европа. Сојузот со Чехословачка ѝ овозможувал на Франција евентуално поставување на француска воена авијација на територијата на Чехословачка. Претходново би значело директен дофат и можност за бомбардирање дури и на Берлин кој би бил на дофат многу поблиску од кое било место во рамките на француските граници. Но, како што обично бидува во асиметрични сојузи помеѓу голема и мала сила како овој, од Чехословачка се очекувало однапред дадена бланко согласност за користење на нејзината територија, па и ресурси на страна на Франција во евентуална француско-германска војна. Едноставно, од Чехословачка се очекувало да ја следи Франција во каква било одлука наспроти Германија (или кој било друг). Во Чехословачка на ова се гледало како горе-долу фер цена која мора да ја платат за својата безбедност.

Секако дека вакво позиционирање на Франција во Чехословачка не било дочекано со премногу симпатии од страна на растечката нацистичка Германија. Како растечка голема сила, Германија на барем два пати се обидела да ја оддалечи Чехословачка од Франција (Витал, 1971). Така Германија директно се обидела да преговара и дури понудила пакт за ненапаѓање со Чехословачка со цел нивно оддалечување и дистанцирање од Франција. Меѓутоа ваквите политики без многу размислување биле во целост отфрлани од страна на Чехословачка која останала верна и не гледала алтернатива на сојузот со Франција на кој се гледало како на светиња. Логиката на нешта во чехословачките размислувања била дека Германија

нема да се осмели да ја нападне Чехословачка, не заради неа самата, туку токму заради сојузот со Франција и со тоа ризикување на создавање на услови за започнување на уште една голема европска војна. Оттука Чехословачка дури и не морала да се надева на директна помош од Франција, едноставно самата сериозна можност за објавување на војна на Германија (од страна на Франција) се сметало како доволен гарант за безбедноста на Чехословачка. Оттука, чехословачкото раководство резонирало дека постојат барем две причини да се надеваат во цврстината на овој сојуз. Првата била францускиот интерес во овој сојуз, а втората била дадените француски ветувања кон Чехословачка. Се чини дека некако премногу надежи биле положени кон оваа втора причина, особено во моментите кога првата причина сѐ повеќе избледувала. Впрочем постоеле јасни сигнали дека Франција се колеба дали ќе се држи кон своите ветувања и обврски од сојузот. Така на пример, интересна е изјавата на францускиот министер за надворешни работи Лакроа: *„Господин Ходжа*[38] *ме праша дали сум сигурен во тоа дека Франција ќе се придржува до своите обврски во случај на конфликт. Јас одговорив не знам (...)“,* изјава дадена пред Француската парламентарна комисија за иследување (as cited in Витал, 1971, стр.37-38).

Оттука се гледа нејасната позиција на Франција односно ретерирањето од ставот за јасна поддршка на обврските од сојузот со Чехословачка. Сепак и покрај ваквите сигнали, запрепастувачка е

[38] Милан Хоџа бил Премиер и Министер за надворешни работи на Чехословачка од 1935 до 1938 и од 1945 до 1948 г.

вербата во Франција за испополнување на нејзините ветувања дури и кога за тоа немала повеќе јасен интерес. Оваа заслепена позиција на чехословачкото раководство се огледала и во изјавата на Бенеш на средбата со својот пријател Хјуберт Бев-Мери во пролетта 1938 год. Имено, на оваа средба Бев-Мери дошол да го предупреди Бенеш дека не треба да има целосна и неограничена доверба во сојузот со Франција (Витал,1971). Имено, Бенеш[39] реплицирал на следниов начин: *„Како се осмелувате да кажете такви нешта за својата земја? Вие кој сте Французин!? (...) Ја познавам историјата на Франција. Таа никогаш не го прекршила сопствениот збор. Не значи дека токму од денес ќе почне да го прави тоа“* (as cited in Витал, 1971, стр. 21).

### 5.2. Германија, внатрешни состојби и надворешни односи

Од друга страна пак, ситуацијата не била идеална ниту за Германија. Имено, по Првата светска војна Германија се нашла на поразената страна. Како што веќе напоменавме, Германија била принудена и формално да ја прифати таканаречената клаузула за вина што практично значело дека истата признава дека е виновна за избувнувањето на Првата светска војна. На овој начин Германија била дополнително понижена. Во

[39] Едвард Бенеш бил претседател на Чехословачка од 1935 до 1938 и од 1945 до 1948 г.

комбинација со репарациите кои морала да им ги исплаќа на победниците се појавила голема економска криза која пак била плодно тло за појава на екстремен национализам кој прераснал во фашизам и се појавил ликот на Хитлер кој ветувал повторно моќна германска држава. По капитулација во Првата светска војна Германија морала да се согласи на нов баланс на силите на нејзина штета, како во Европа така и во светот. На глобално ниво ѝ биле одземени сите колонии, а со тоа и каква било стратешка можност некогаш повторно да се обиде да помисли да парира на колонијалните империи како ОК или пак Франција. Колонијалната империја која Германија ја изгубила беше неколкупати поголема од територијата на европска Германија. Во однос пак на Германија истата морала да се согласи на бројни територијални отстапки во полза на своите соседи, но и на дополнителни рестрикции на нејзиниот суверенитет врз територијата која останала да биде во германската држава (Договор од Версај, 1919 год.). Целта била Германија никогаш повеќе да не биде во состојба да се обиде да ја врати моќта и позицијата која ја имала пред војната. Заради ова морала да прифати бројни ограничувања и во бројот и видот на војска и воена опрема која може да ја одржува, како сувоземна така и морска и воздушна, каде смее и каде не смее да ја распоредува. Така на западните германски граници територијата позната како Alsace-Lorraine била одземена од Германија и според француската терминологија била вратена на Франција. Помалиот регион на западната германска граница со Белгија познат како Eupen and Malmedy бил припоен кон Белгија. На северните германски граници Данска имала значително територијално проширување

припојувајќи го северниот дел на поранешниот германски регион Schleswig. На истокот од земјата приморскиот регион на Memel бил доделен на Литванија, со што значително се промениле стратешките позиции во Балтичкото Море во корист на истата. Најголемите територијални отстапки Германија ги направила во однос на својот источен сосед Полска, која добила делови од западна Прусија и Silesia. Заради познатиот полски коридор до морето, германските територии биле практично одделени една од друга. Но, она што нас најмногу нè интересира во студијава е Чехословачка која го добила Hultschin district. Практично она што еднаш било дел од Германија по Првата светска војна било поделено помеѓу шест соседни држави, а дополнително на нејзина територија биле формирани два протектората. Станува збор за познатиот суровински богат регион на Саар кој бил ставен под администрација на Лигата на народите со мандат од 15 год. и стратешки значајниот град Данцинг кој бил прогласен за слободен град, исто така под протекторат на Лигата на народите. Ако ова не било доволно, на барање на Франција, Германија морала да се согласи да нема целосен суверенитет и на еден голем дел од својата територија. Станува збор за целата германска територија западно од реката Рајна која била прогласена за демилитаризирана зона, што во превод значело дека иако е дел од Германија практично не смее да држи војска во целиот овој регион оставајќи ја западната граница спрема Франција нецелосно обезбедена (види слика бр.3.)




Илустрација бр.10[40]

Токму заради претходново, запрепастувачка е брзината со која Германија закрепнувала по Првата светска војна и во многу брзо време повторно се наметнувала како битен фактор во меѓународната политика. Имено, Германија несомнено била голема и сѐ помоќна држава предводена од Хитлер, кој во 1938 год. веќе на големо и прилично успешно како и на западот така и на истокот пропагандистички ја продавал сликата која сакал да ја проектира за себе. Таа слика ја портретирала Германија како голема европска сила со несомнена моќ да ја ревидира версајската спогодба, но и не само тоа. Германија која во најмала рака била незаобиколив фактор во решавањето на меѓународните односи (веројатно и

[40] Сликата е преземена ("German territorial losses, Treaty of Versailles, 1919", 2020)

најмоќен фактор, барем во средна Европа). Дополнителна тежина на оваа проекција давало и генералното чувство на вина во ОК и Франција за претешкото казнување на Германија со Версајскиот мир и тешката економска криза која следувала. Успешноста на оваа германска себепроекција се огледала и во фактот што ОК и Франција молчешкум биле согласни дека одредени контролирани ревизии на Версајскиот договор ќе мора да бидат дозволени. Претходново би имало двојна придобивка, од една страна во одреден степен би ја задоволиле понижената Германија, а од друга сепак би го задржале (иако изменет, но не и целосно променет) меѓународниот поредок на кој токму тие биле креатори и доминантни по Првата светска војна. Впрочем, ниту граѓаните ниту раководите фактори во ОК и Франција не посакувале уште една голема војна. Сепак, она што политичките раководства во ОК и Франција не можеле или не сакале да го признаат и увидат бил фактот што Хитлер не барал само ревизија на Версајскиот договор и враќање под суверенитет на Германија на одредени изгубени територии со истиот, туку тој во своите говори, постапки и политики имал една експанзионистичка политика која не запирала на ревизија на Версајскиот договор, туку во најмала рака се базирала на општото барање за обединување на сите територии каде што живеат Германци (и многу повеќе од тоа како што ќе сведочиме на настаните пред и за време на Втората светска војна). Дека ова е така се гледало уште со случувањата и барањата во однос на Австрија, а подоцна и Чехословачка. Имено соединувањето на Австрија значело територијално проширување на Германија со територија која претходно не била дел од

германската империја, па согласно со тоа не можело да се смета ни за територија изгубена со Версајскиот мировен договор ("Germany annexes Austria", 2010). Во овој правец е и примерот со Чехословачка. Имено, точно е дека како и другите соседи, по Првата светска војна, Чехословачка добила еден мал дел од поранешната германска територија. Како што веќе напоменавме, станува збор за Hultschin district. Меѓутоа, во политиката на Хитлер кон Чехословачка Hultschin district не бил единствениот (ниту главниот) територијален проблем и барање. Хитлер многу повеќе бил сконцентриран на таканаречената судетска област каде што живееле луѓе кои зборувале германски јазик. Историски гледано судетските Германци биле дел од Австро-Унгарија, но не и од германската империја пред Првата светска војна. Токму барањата за соединување на Судетската област јасно укажувале дека не станува збор за ревизионистичка туку и за агресивна и освојувачка политика. Несомнено, Германија се однесувала агресивно во најголем дел согласно со контурите на офанзивниот реализам.

Сепак, позициите на ОК и Франција од една страна и германската пропаганда од друга страна, создале една релативно комотна позиција за Германија како фактор на кој, во најмала рака, мора да му биде дозволена одредена (контролирана) ревизија на Версајскиот договор. Оваа позиција на Германија можела дополнително да биде или зајакната или поткопана со евентуална војна со Чехословачка. Во случај на војна со Чехословачка, дилемата не би била дали Германија може да излезе како победник, туку за колку време може да добие воена победа и каква цена (воено, но и

политички) ќе треба да плати? Хитлер сметал дека е потребно да се постигнат конкретни воени успеси во првите неколку дена, зашто секое друго сценарио би било неповолно за Германија. Едноставно за карактерот на Хитлер, но и германската пропаганда сè освен брза, одлучна и успешна воена акција со јасна демонстрација на воена надмоќ би било неуспех и би влијаело негативно на германската проекција како моќна држава. Дополнително, со евентуален поодлучен чехословачки отпор и со тоа подолготрајна воена операција се отворале можност и потенцијал за една поголема европска војна заради можното вклучување на Франција и уште полошо за Германија, и на ОК. Токму затоа Хитлер инсистирал на една брза и одлучна воена акција, а ова негово стојалиште било поткрепено со германската пропаганда која пак имала за цел да ги убеди и надворешните фактори во подготвеноста на германската воена машинерија за една таква операција. Дополнително ова требало да ги обесхрабри Чехословаците во обидот за одбрана на нивната Република.

Сепак убедувањето дека токму на тој начин и со таа брзина би се одвивале воените операции на терен не го делеле сите во Германија. Особено не оние кои биле најупатени во воените работи. Така, за време на планирањето и финализирањето на операцијата Грин избиле сериозни несогласувања помеѓу Хитлер и дел од неговите генерали. Генералите изнеле три сериозни причини како аргументи против инсистирањето на Хитлер на брза воена акција. Прво, една брза акција несомнено ќе однесе многу жртви кога се случува на еден природно географски тешко пристапен терен на германско-чехословачката граница, дополнително

добро чуван со бројни воени утврдувања од страна на Чехословаците. Второ, германското воено разузнавање јавувало за постоење на висок морал, подготвеност и готовност на чехословачките трупи за пружање сериозен отпор на границата. Третата и можеби најзагрижувачка причина била тоа што генералите не биле сигурни дека ќе имаат одврзани раце за воена операција во Чехословачка во услови кога за една таква брза и ефикасна операција би морале да ја остават западната граница со Франција значително ослабната заради преместување на трупите во Чехословачка. Едноставно, генералите сметале дека не е најрационално едноставно да се верува дека Франција навистина нема да се вмеша и да се нема никаков воен одговор ако тоа не биде случај. Ваквите, во голема мера, разумни аргументи биле соочени со Хитлеровата не секогаш најразумна одлучност за брза и ефикасна воена акција. Иако немало вистински одговор и аргументи на изнесените причини на загрижените генерали, репликите кои следеле биле во форма на разни напади по други основи, како на Јодл кој забележал дека генералштабот не верува во Хитлеровата генијалнот. *Дневникот на Јодл* (as cited in Витал, 1971, стр.34). Оттука изнесувањето на спротивни мислења од оние на Хитлер криело можност за квалификација на изнесувачот како државен непријател и предавник. Меѓутоа, дури и оние кои во овие клучни моменти цврсто застанале во поткрепа на ставовите на нивниот фирер подоцна признаваат дека не биле најсигурни дека еден таков план ќе се одвива според предвиденото. Така Кајте вели „*Ни беше исклучително драго што не дојде до воена операција (...) нашите средства за напад не се соодветни за борба против граничните*

*утврдувања на Чехословачка* (as cited in De Mendelssohn, 1946, стр.77).

Дополнителен адут во рацете на Германија биле судетските Германци и заканата од востание во Чехословачка. Сепак овој адут на Германците кога всушност се реализирал во пракса се покажал всушност како адут на Чехословаците кои ова востание решително го задушиле на 12 септември, со што демонстрирале голема воена подготвеност (Thatcher, 2011). Сепак, Хитлер кој веројатно и бил свесен дека можеби го нема најсоодветно решение во раце, сепак бил подготвен и убеден истото да го спорведе дури и ако тоа значело коцкање со безбедноста на Германија на западната граница, па дури и влогот за тоа да биде поголема војна во Европа. Се чини дека оваа смелост на Хитлер во комбинација со исклучително добрите политички маневри практично ги ставило на своја страна ОК и Франција. Круна на неговите политички заложби биле изработените англофранцуските предлози кои имале форма на еден вид ултиматум упатен до чехословачката влада врз која сега неправедно паднал сиот товар за тоа дали ќе има или не нова војна во Европа. Дополнително ОК, па и Франција, ставиле јасно дека во случај на војна, а заради неприфаќање на нивите предлози за мирно решавање на кризата, Чехословачка ќе биде оставена сама во справувањето со германската инвазија. Претходново практично значело дека доколку Чехословачка не го прифати германскиот диктат ќе биде обвинета за нарушување на мирот. Овој креиран притисок врз Чехословачка бил одлучен истата да ги прифати англофранцуските предлози за разрешување на кризата од 19 септември. Условно кажано, чехословачката

капитулација имала огромен ефект и внатре во самата Германија каде триумфирал ставот на Хитлер наспроти „колебливите” генерали кои не верувале во својата воена моќ кога таа моќ била признаена од ОК, Франција, па дури и Чехословачка. Се чини дека границата помеѓу овој триумф на Хитлер и растурањето на сликата за Германија како повторно моќна држава била исклучително тешка за време на чехословачката криза. Можеме само да претпоставуваме што би се случило во некоја алтернативна историја каде што германските трупи се заглавени во некоја подолга војна во средна Европа и колку навистина француското раководство би останало имуно на притисокот од француската јавност да не преземе ништо во однос на една од ретките демократии во Европа и сојузник на Франција – Чехословачка, особено во услови кога границата со Германија е прилично лесна мета.

## 5.3.Политиката на Франција и Британија

Да се вратиме за момент на релациите на Чехословачка со Франција и ОК. Надежите на Чехословачка во Франција, па и ОК не биле без основа. Овие надежи не биле базирани на исклучиво идеалистички основи, туку биле засновани и на она што било француски и британски интерес. Имено, покрај јавно и формално прокламираниот сојуз помеѓу Франција и Чехословачка, ОК беше исто така еден од гарантите на версајскиот поредок воспоставен по Првата светска војна. Всушност, креатори на овој нов распоред на силите во Европа и светот биле токму државите победнички ОК,

Франција и САД[41]. Еден од производите на тој Версајскиот договор била чехословачката република. Оттука и без некоја посебна причина, Чехословачка можела да се надева дека ќе биде поддржана во случај на напад, зашто истовремено напад врз неа бил и напад врз темелите на балансот на силата и поредокот воспоставен во Версај. Едноставно Чехословачка била симбол на новиот Версајски договор. Оттука прекројувањето или уништувањето на Чехословачка симболично ќе значело уништување на Версајскиот договор. Вакво сценарио макар и симболично ќе значело и крај на англофранцуската доминација воспоставена по Првата светска војна.

Меѓутоа за време на минхенската криза се покажало дека поддршката на поредокот воспоставен со Версајскиот мировен договор не била врвен приоритет на политиките на Франција и ОК (Lilly, 1994). Се чинело дека нивна главна цел во надворешната политика била избегнувањето на уште една поголема војна на европскиот континент, макар тоа да значи согласност со определени (контролирани) ревизионистички постапки од страна на Германија. Едноставно и Франција и ОК веќе биле помирени со фактот дека Германија заради својата брзорастечка моќ нема да го прифати местото кое токму тие ѝ го дале во светот по Првата светска војна. Оттука логиката велела дека токму со цел да ја задржат нивната доминанта положба во балансот на силите предвиден со Версај мораат да дозволат одредена ревизија на истиот што би ја задоволиле Германија. Токму затоа

[41] Сепак САД беа далеку од овие збиднувања како географски така и политички заради нивната изолационистичка политика

империјалистичките барања на нацистичка Германија упатувани кон Чехословачка за многу брзо време се преточиле во „пријателски” предлози на сојузниците Франција и ОК кон Чехословачка. Пријателскиот притисок врз Чехословачка одел врз следниве основи. Имено, од Чехословачка не се барало доделување на поголеми малцински права или пак доделување на некаков тип на автономија за судетските и другите Германци. (1) Од Чехословачка јасно се барало да отстапи делови од судетската територија на Германија. Претходново воопшто не било спорно за Германија, ОК и Франција, а наскоро и за Чехословачка. (2) Дебатата била колкава би била конкретната територија и каде точно би била новата граница, а секако предмет на дебата бил и начинот на кој треба сето тоа да се изведе и утврди. За возврат, Чехословачка би добила гаранции за нејзината независност и територијален суверенитет во остатокот од државата, односно секаде онаму каде што Чехословаците се неспорно мнозинство. Навистина вагата помеѓу она што се барало и она што ѝ се нудело на Чехословачка воопшто не била избалансирана. Чехословачка требала доброволно да даде дел од својата меѓународно признена територија, а за таа сметка да добие гаранции од своите сојузници за остатокот од својата територија, нешто што веќе го имала и за постоечката територија за која сега токму истите гаранти „пријателски” притискале дел да ѝ биде отстапен на Германија. Ова воедно бил и многу згоден начин за Франција да излезе од своите обврски кон Чехословачка кои сега би биле заменети со нови англофранцуски гаранции (Shirer, 2001). Претходново секако дека во голема мера можело да се смета за неетички или неморално. Но, моралот во

меѓународните односи скоро секогаш е потчинет на практичните интереси и политика. Впрочем тешко дека некоја држава била нешто премногу морална ако таа моралност барала некои поголеми жртви од истата, а воедно отсуствува некој позначаен интерес за тоа. Практично само варијации ги делеле англофранцуските од германските ставови. Како еден од предлозите за мирно решавање на кризата била идејата за спроведување на референдум во спорните области. Сепак, едно вакво решение криело можност да се отвори Пандорината кутија за референдуми ширум разни делови на мултиетничката Чехословачка. Претходново сценарио можело да значи распарчување на државата. Сепак сите предлози, идеи, стратегии или каква била дополнителна можност за да се објаснат и поткрепат чехословачките ставови биле сведени на минимум кога на 19 септември биле објавени и официјално доставени за одобрување на англофранцуските предлози за решавање на кризата. Предлозите биле изработени без претставници на Чехословачка (Shirer, 2001). Предлозите биле далеку полоши од она што Чехословачка го сметала за разумно да го отстапи како суверена држава и непоразена во војна. Дополнително оваа ампутација на територија која се предлагала значела и губење на значителни ресурси и практично уништување на пограничната инсталција и целата претходно градена стратегија за одбрана на Чехословачка. Ова практично значело дек а доколку се согласи на ова, Чехословачка би се оставила без можност да одбрана. Англофранцуските предлози во суштина барале од Чехословачка за својата безбедност да се потпре единствено на гаранциите дадени од нив и на

добрата волја на Хитлер со надеж дека тој дека ќе се држи до договореното.

При сето ова огромен дополнителен притисок бил ставен врз Прага, со утврдување на рок за прифаќање на овој, практично, ултиматум од страна на сојузниците. Имено, веќе бил закажан вториот состанок на Чемберлен со Хитлер за 22 септември, а Чемберлен не ни помислувал да појде на истиот без конкретна понуда за Германија. Ултимативно, на Чехословачка ѝ било предочено дека имаат избор или да ги прифатат англофранцуските предлози онакви какви што се (take it or leave it понуда) или да ги одбијат и со тоа да ризикуваат војна со Германија во која би биле оставени целосно сами. Во овој момент сите дилеми во врска со сојузот со Франција биле расчистени. Франција јасно ставила до знаење дека нема да се меша во евентуален напад на Германија врз Чехословачка доколку истата ги одбие предлозите (Shirer, 2001). Со вака поставените предлози се изменила и изместила целата перцепција за војната и мирот, за агресијата и одбраната, за правото наспроти силата итн. Имено, одеднаш притисокот бил целосно врз Чехословачка од која зависело дали ќе има војна или мир. Фактички тие би биле обвинети за неразумност доколку се дрзнат да пробаат да го одбранат она што им припаѓало согласно на меѓународните закони и обичаи. Така, притисокот бил поставен не врз агресорот, ами врз Чехословачка од која се очекувало да изврши саможртвување со цел да има мир во Европа.

Неспорно, позицијата на Чехословачка била исклучително тешка, а одлуките кои требало да бидат донесени од страна на нејзиното раководство ќе бидат од клучно значење за иднината на

државата. На чело на Чехословачка долги години бил Бенеш. Одлуката која требал да ја донесе е дали да продолжи слепо да ја следи Франција и да продолжи да верува на поголемата сила од сојузот дури и во моментите кога гледиштата и интересите им се разделуваат или пак јасно да излезе со свој став и да се надева дека со тек на време поголемиот сојузник ќе сфати дека греши и дека сето тоа нема да е предоцна. Дополнително, во суштината, англофранцуските предлози не биле вистински производ на волјата на ОК и Франција, туку во суштина на разговорите помеѓу ОК и Германија. Чемберлен преговарал директно со Хитлер без претставници на Франција, а ниту помислувал за вклучување на чехословачки претставници од кои се очекувало да го почитуваат тоа што ќе биде договорено помеѓу големите. Нормално, со цел да се сфати неминовноста на тоа што е договорено, истото требало да им биде пренесено преку нивниот најблизок сојузник Франција, која како што кажавме во сето ова гледала лесен начин да излезе од обврските дадени кон Чехословачка. Особено зашто Чехословачка требала самата да се согласи на ова. Секако дека разочарувањето во Чехословачка било огромно, зашто целата нивна надворешно безбедносна политика се базирала на сојузот со Франција, а во клучниот момент тој сојуз се претворил во дополнителен товар и паралелен притисок на оној од Германија.

Веројатно, со оваа своја политика Франција верувала дури да им врши и услуга на своите сојузници, кои ете, сепак ќе останат независна држава, а по мирен пат ќе отстапат само дел од своите територии, што пак ќе ја задоволи Германија и конечно мирот во Европа ќе биде обезбеден без

притоа Франција да изгуби и еден војник. Сепак се чини дека Франција го користела „аргументот на хамбургерот”. Имено, во раните 70-ти год. на 20 век се појавило прилично масовно студентско движење во САД кое апелирало студентите да не јадат месо (хамбургери), зашто своевремено 1 килограм говедско чинело колку 8 килограми жито со кое би можеле да се прехранат гладните ширум светот. Сепак, и покрај благородната идеја и гордите студенти кои престанале да јадат хамбургери, ефектот во пракса бил само создавање на вишок жито во САД кое гладните пак не го добивале зашто не можеле да го платат. Едноставно не се внимавало на причинско-последичниот однос (Нај, 2008). Така Франција, мислејќи дека работи во сопствен интерес и зачувување на мирот во Европа ќе стане жртва на германскиот милитаризам за време на најголемата војна во човековата историја и притоа ќе биде напаѓања и со оружје произведено во чехословачките фабрики кои потпаднале под германска окупација.

Сепак, сето она што се случувало во комбинација со заканите од Германија имало удел во одлуката на чехословачкиот врв рекордно да го зголеми својот воен буџет во 1938 год., кога изнесувал рекордни 44% од вкупниот буџет (Витал, 1971). Претходново покажува дека Чехословачка се подготвувала за силен и одлучен отпор. Главниот проблем бил што во сите можни сценарија тие ја очекувале француската поддршка во одреден момент. Во моменти кога станало јасно дека истата нема да ја добијат тие се решиле воопшто да не пружат отпор. Бенеш пак долги години бил успешен и искусен дипломат кој одлично го познавал францускиот јазик, култура и историја. Верувал дека

можеби кризата може да се реши по дипломатски пат, но ако тоа не се случело тогаш Франција секако ќе помогне. Се чинело дека чехословачкото раководство последно увидело или до последен момент не сакало да увиде дека сојузот со Франција не функционира. Сепак во овие четиристрани игри помеѓу ОК, Германија, Франција и Чехословачка[42] слепото врзување во сојузот со Франција и негледањето на друга алтернатива го дале клучниот момент Чехословаците да се согласат за цесија на дел од својата територија. Секако дека ова претставувало еден вид капитулација без испукан куршум и ампутација на дел од својата територија која била жртвувана со цел да се спаси остатокот од државата. Жртва која подоцна ќе се покаже како кобна.

Се чини дека чехословачкото прифаќање на англофранцуските предлози го означувало само крајот на првото полувреме од оваа политичка игра во предвечерјето на Втората светска војна. Втората средба на Чемберлен со Хитлер неочекувано го означила почетокот на второто полувреме на кое Чехословаците толку многу чекале за на сите да им стане јасно дека се во право и конечно да покажат што умеат. Сепак се докажало дека Германија го добила мечот службено. Како што веќе кажавме, Чехословаците попуштиле ама не на германскиот туку на англофранцускиот притисок. На денот по чешкото предавање пред англо-францускиот притисок, судетските-германските навлегле во чешка територија и ги окупирале граничните градови Аш и Егер. „Рајх-Германците” СА и СС единиците им се придружиле. Во меѓувреме, германската армија

[42] Подоцна и Италија.

продолжила незапирливо да се движи кон границата, во согласност со распоредот на операцијата „Грин" (Витал, 1971, стр. 40). На состанокот помеѓу Чемберлен и Хитлер, наспроти очекувањата на Чемберлен дека Хитлер сега конечно ќе биде задоволен и дека е обезбеден мирот во Европа, Хитлер го пречекал со серија нови барања во врска со Чехословачка. Хитлер не бил задоволен со фактот што бараните територии ќе ѝ бидат доделени на Германија, туку сега имал и конкретни рокови овие територии (покрај другите желби) да ги стави под германска контрола за максимум 8 дена. Овој прекраток рок практично значел дека Чехословаците немале доволно време, ниту основна евакуција, ниту барем да ја соберат својата инсталација. Со голема веројатност се очекувала и општа состојба на паника помеѓу населението и едно големо национално понижување. Во една ваква состојба организирањето на нова одбранбена линија би била невозможна мисија. Во меѓувреме бил издаден и меморандумот Godesberg од Хитлер, во кој стоело барањето да се предаде Судетската област (но и други области) на Германија не подоцна од 28 септември. Практично меморандумот бил ултиматум пред објавување на војна. Иронично, ваквите дополнителни барања на Хитлер биле чист аргумент во полза на Чехословаците во нивниот однос со Франција и ОК. Согласно со логиката на Чехословаците, конечно сега се видело дека ако има нова војна таа нема да биде заради нив кои буквално се согласиле на секаква саможртва на сè што се барало од нив, а резултатот од тоа е само поголема алчност и дополнителни барања од Хитлер. Едноставно, и Франција а особено ОК

можеле да видат со кого си имаат работа. Секако дека овие дополнителни барања го разгневиле и Чемберлен кој конечно изјавил дека ОК и Франција повеќе не можат да гарантираат дека Чехословачка нема да изврши мобилизација на војската. Се чини дека Прага долго време чекала на една ваква изјава на поддршка од страна на своите сојузници. Мобилизацијата започнала и јавно и била крајно организирана и општоприфатена од населението (Витал 1971). Во овие моменти се чини дека Чехословачка била целосно подготвена да се соочи со неминовната германска агресија. Официјалниот став на Чехословачка конечно бил јасен: „*Мојата Влада сака од мене да изјавам, со целосна официјалност, дека барањата на господин Хитлер, во нивната сегашна форма, за мојата Влада се апсолутно и безусловно неприфатливи. Мојата Влада се чувствува должна да им се спротивстави на тие нови и груби барања и тоа ќе го сториме, ако Господ даде. Нацијата на св.Венцислав, Јан Хус и Томас Мазарик нема да биде нација на робови. (...) Ние сметаме на двете големи западни демократии, чии желби беа проследени од наша страна и против сопствените проценки да бидат со нас во нашиот суден час*“, напишал Јан Мазарик[43] во неговата нота до Халифакс (as cited in Витал, 1971, стр.42).

Оваа новонастаната ситуација била и тема на разговор помеѓу Франција и ОК на средба во Лондон. Дополнително биле поттикнати и чехословачки претставници. Инаку, нешто што би требало да биде сосем нормално кога се разговара

[43] Јан Мазарик бил амбасадор на Чехословачка во ОК во период од 1925 до 1938 год.

за вас и вашата судбина - да имате претставник, сега во овој момент Чехословаците на тоа гледале како на големо признание за сојузништвото и дека конечно работите биле променети во нивна полза. Меѓутоа во реалноста тоа не било така. Имено, Британците уште пред да заврши состанокот во Лондон веќе испратиле свои претставници да пробаат да преговараат уште еднаш со Хитлер (Витал 1971). Повторно не повеле со нив претставници од Чехословачка. Ладнокрвната англиска дипломатија едноставно сумирала дека суштината и потешкиот дел е веќе договорен. Имено, Чехословачка веќе се согласила на доброволно територијално отстапување онака како што тоа го барале Германците. Оттука на дополнителните барања на Хитлер можело да се гледа како на тоа како ќе се спроведе договореното во пракса. Сè што требало да се доработи во моментов било технички да се реализира договореното онака како што сакал Хитлер. Чехословачка овде и немала некој избор. Претходната чиста ситуација каде што Чехословачка е предмет на закана од помоќниот сосед во однос на својот признаен меѓународно-правен територијален суверенитет и интегритет сега била променета на полошо за Чехословачка. Имено, на какво било противење на Чехословачка истата била претставена како страната која одбива да ги изврши своите веќе прифатени обврски за мирно предавање на територии согласно со договореното спрема Германија, а со тоа е и загрозувач на мирот. Во ситуација кога од едната страна го имате Хитлер кој не отстапувал ни милиметар од своите барања, а од друга страна се Чехословаците кои веќе ги прифатиле главните барања, очигледен бил новиот

притисок за прифаќање и на овие „технички подробности“. Така веќе на 25 септември Чехословачка се согласила на прифаќање на условите кои очигледно веќе биле усогласени помеѓу Британија, Франција и Германија. Официјалниот договор постигнат на Минхенска конференција на 30 септември 1938 год. бил донесен на конференцијата помеѓу Франција, ОК, Германија и Италија, но без учество на Чехословачка (Serapionova, 2018). Своевремено на Минхенската конференција се гледало како на еден вид мировен договор со кој се обезбедува мирот во Европа. Оттука биле големите напори на Џембелен за договор со Хитлер, особено зашто вториот тврдел дека ова е последното територијално побарување на Германија во Европа (Iskenderov, 2018), (види слика бр. 4).



Илустрација бр.11
Џемберлен со Хитлер и Мусолини[44]

[44] Сликата е преземена од Munich Agreement | Definition, Summary, & Significance. (2020). Retrieved 12 June 2020, from https://www.britannica.com/event/Munich-Agreement

По прифаќањето на условите (де факто за капитулација на Чехословачка) дошло до отворени конфронтации меѓи претставници од армијата и претседателот Бенеш (инаку врховен командат на вооружените сили). Чехословачките генерали тврделе дека војската е веќе подготвена, трупите мобилизирани и распоредени на своите позиции. Моралот сѐ уште бил висок и тоа не само кај војската, туку и кај населението кое било подготвено да дава отпор (Vaughan, Asiedu & Velinger, 2005). Генералите сметале дека армијата не само што е принудена да оди во војна, туку е и подготвена за војна, зашто впрочем таа постоела за да ја брани државата кога тоа е потребно. Воедно сметале дека западните сили ќе мора да ги следат по извесно време, а дури и тоа да не е случај ќе се бранат сами. При ова генералите биле и прилично емотивни, при што некои од нив molele, проколнувале дури и плачеле. Претседателот Бенеш им се восхитувал и сочувствувал со нив, но одбивал да се премисли (Витал, 1971). Можеби најлесно е да осудиме и да донесеме заклучок дека претседателот Бенеш требало да застане на страната на генералите, да им даде поддршка и Чехословаците самите да пробаат да се одбранат од агресијата. Претходново би било сосема достоинствено и веројатно –морално (кога веќе Франција изиграла неморално и ги оставила на цедило). Сепак треба да се земат предвид и начините на носење одлуки од страна на лидерите. Имено, последиците не биле исти да си морален како индивидуа и си морален како лидер на цела една нација, особено ако тоа морално однесување значело жртвување на цел еден народ. Така за

време на Пелопонеската војна моќната Атина ја најавила својата агресија врз островот Мелос. На водачите на Мелос им било понудено мирно предавање или масовен колеж доколку дадат отпор. И покрај постоењето на сите морални аргументи за правда и право на слобода на островјаните, Атина ги нападнала и извршила колеж зашто имало отпор (Нај, 2008). Така, островјаните постапиле морално, се бореле за својата слобода на која имале секакво право. Но, резултатот бил катастрофален по нив.

При овој распоред на силите секако дека не смее да се игнорира и улогата и позициите на СССР, како и неговото евентуалното вмешување во овој конфликт. Имено, ставот на СССР бил во корист на чехословачкиот територијален интегритет и суверенитет. Дополнително СССР имал дадено еден вид бланко поддршка на Чехословаците во случај на воен конфликт со Германија, но само како дополнение на сојузот со Франција (Shubin, 2018). Но, се чини дека чехословачкото раководство и самиот Бенеш не пропуштале можност да го исклучат ова сценарио, притоа правдајќи се пред своите западни сојузници. Секако дека тука бил и стравот дека во случај на војна меѓу Германија и Чехословачка сојузот со СССР би имал своја цена, односно чехословачкиот либерализам и демократија би биле на удар од влијанието на советскиот комунизам, нешто од што стравувале Чехословаците, но секако дека не би била посакувана опција ни за нивните сојузници. Меѓутоа токму ова би можело да биде и еден аргумент плус во рацете на Чехословаците, зашто западот не би требало да отстапува од сојузништвото со нив и не би ги принудел на таков начин да бараат алтернативни сојузништва. Сепак Чехословачка

останува верна на сојузот со Франција, но во ситуацијата во која се нашла би било претерано наивно да не одржуваат никакви контакти со СССР. Така на почетокот на кризата на 19 септември советскиот амбасадор бил на прием кај Бенеш. Советските ставови многу им одговарале на Чехословаците, а веројатно биле единствените позитивни вести за нив во целиот овој мачен период. СССР потврдиле дека во случај на напад од Германија се подготвени (заедно со Франција) да дадат поддршка на Чехословачка. Дополнително ветиле поддршка за Чехословачка доколку истата го изнесе својот случај пред Лигата на народите. Секако Чехословаците сакале да ја држат оваа опција отворена, иако во принцип не можеле да сметаат на директна унилатерална воена поддршка и интервенција од страна на СССР, зашто ова би можело да значи и определен конфликт со Романија или Полска низ чија територија би требало да помине војската на СССР за да стаса до Чехословачка. Дополнително што ова би можело да послужи како оправдание за нови воени конфликти од страна на СССР, нешто што ниту ОК ниту Франција го сакале, а Чехословаците биле верни на нивните сојузници до крајот, дури и во моментите на нивно сопствено уништување.

## 5.4. Теоретската рамка на „дилемата на затвореникот"

Заканата од Германија и изборите кои биле на располагање и за кои се одлучила Чехословачка можеме да ги анализираме и преку употреба на теоретската рамка на затвореничката дилема (Poundstone, 2011). Подолу ќе ги претставиме четирите можни сценарија на оваа рамка посматрано, пред сè, од призмата на опциите на Чехословачка.

Според едно можно сценарио, Чехословачка соработува во целост со агресорот (секако преку посредството на ОК и Франција). Оваа опција значела дека Чехословачка ќе ги отстапи бараните територии без никаков отпор и под услови барани од агресорот. При сето ова Чехословачка едноставно да се надава дека агресорот (заедно со посредниците) навистина по ова ќе го почитува договорот и нема да го загрозува остатокот од територијата на државата (зашто чехословачката армија немала да може да дејствува ефикасно заради поместување од граничните утврдувања и малото време за реорганизација заради налетот и условите од Германците). Во ова сценарио Чехословачка, иако со редуцирана територија и понижена, сепак преживува како субјект и тоа без жртва на ниту еден војник и не е повеќе предмет на закана во иднина. Ова не би било најлошото можно сценарио за Чехословачка (иако да бидеме реални давањето на територија е далеку од добар исход за која било држава), (сценарио означено со бр.1 со зелена боја - види горна лева колумна од табелата подолу).

Сепак доколку Германија се реши да мами и да ја искористи оваа целосна соработка на Чехословачка за да изведе целосен напад за уништување на државата (а притоа посредниците не реагираат, а ниту чехословачката војска е способна да реагира во вакви услови), тогаш ова е најлошиот исход за Чехословачка која по ова би престанала да постои како субјект и би била поделена или инкорпорирана во Германија (сценарио под бр.2 означено со жолта боја - види горна десна колумна од табелата подолу).

Најдобар можен исход согласно со оваа теоретска рамка за Чехословачка би било кога таа на некаков начин би успеала да ја измами Германија преку давање на некакви ветувања за поголеми права на судетските Германци и сл. и со тоа да го сврти меѓународниот притисок кон нацистичка Германија, која пак едноставно би чекала и не би ја нападнала Чехословачка (сценарио под бр.3 означено со жолта боја - види лева долна колумна од табелата подолу). Со ова сценарио Чехословачка не само што преживеала, туку и си ја задржала целокупната територија без ниту еден жртвуван војник. Сепак во реалните околности и водството на агресивниот фирер Хитлер кој ја посакувал воената разврска, ова сценарио било далеку од можно и реално.

Четвртата опција за Чехословачка била војна со Германија каде што би било јасно дека истата достоинствено се обидува да се брани и неспорно е предмет на агресија. Овде се отвора прашањето што би се случило доколку Германија не е во состојба да го совлада чехословачкиот отпор онолку брзо колку што посакувал Хитлер и дали сето тоа немало да предизвика вмешување на трети страни,

како против така и во корист на Чехословачка (сценарио бр.4 означено со црвена боја - види долна десна колумна од табелата подолу). Секако дека и ова сценарио во себе ја содржи (со висок процент) опцијата за евентуално згаснување на Чехословачка како субјект, но разликата со вториот исход е што таа опција таму е единствена опција. Така, Чехословачка играјќи можеби помалку наивно на сценариото бр. 1, всушност, завршила во сценариото бр.2 и престанала да постои.

| | |
|---|---|
| *1. Чехословачка ја отстапува побараната територија. Германија ја почитува спогодата* | *2. Чехословачка е измамена од Германија и престанува да постои* |
| *3. Германија е измамена од Чехословачка. Не доаѓа до агресија и промена на границите* | *4. Чехословачка се решава на самостоен оптор. Германија врши агресија* |

Илустрација бр.12
Теоретска рамка дилемата на затовреникот, случајот со Чехословачка и заканата од Германија во 1938 год.

Работите стануваат додатно неподносливи за Чехословачка и заради барањата на нејзините соседи Полска и Унгарија. Така полските амбиции за дел од нивна територија се прокламираат јавно и отворено (Cienciala, 1999). Имено во најтешките моменти за Чехословачка, во моментите кога е под огромна и непосредна закана од нацистичка Германија, нејзиниот источен словенски сосед јавно ги истакнува своите претензии и полага права врз чехословачката област позната како Тешен, која се

протегала на нешто над 1300 $км^2$ и имала околу 300.000 жители. Оваа област, иако со мала територија, сепак била прилично стратешки дел од Чехословачка заради пругата која овде минувала, но и големите наоѓалишта на јаглен. Сепак, спорот со Полска и не би бил од огромно значење ако не доаѓал во најлош можен момент за Чехословачка. Пољаците понесени од очекуваната промена на балансот на силите се вмешуваат во чехословачкото прашање. Дополнително, според одредени сознанија за тоа биле поттикнувани и охрабрувани од државата чија прва жртва ќе станат и тие во Втората светска војна - нацистичка Германија (Витал, 1971). Ваквото тврдење со поткрепува и во официјалниот став на полската влада дека какво и да е решение предложено за судетските Германци мора да важи и за „полскиот“ регион во Чехословачка. Претходново има логика ако се знае дека полските барања биле ограничени на областа Тешен и не биле во спротивност со барањата на Хитлер и оделе рака под рака со неговите тврдења за Чехословачка како вештачка творба која мора да се раскомпонира. Оттука, очигледно е дека Чехословачка не можела да си дозволи да се најде во незавидна ситуација во војна сама против Германија и Полска. Секако разликата во заканата кон Чехословачка била значајна. Германија се заканувала со уништување на државата, додека пак Полска се заканувала со преземање на конкретниот регион. Чехословачка била пред избор. Можела да одлучи доброволно да го предаде овој мал регион на Полска со што би се ослободила од заканата од исток и би можела да се концентрира на одбрана од германската закана. Од друга страна, можела јасно да стави до знаење дека ќе оди во војна со

Германија и заради овој факт да ги повика своите пријатели да ја вразумат Полска и овие барања да ги остави за подобри времиња како нема да се прави притисок врз Чехословачка во овие клучни времиња. Меѓутоа, како што знаеме, чехословачките пријатели од запад правеле притисок врз Чехословачка. Логично, во крајна нужда, Чехословачка можела да побара поддршка од СССР. Имено, Русите на 26 сепетмври го објавиле писмото до полската влада во кое било наведно дека евентуални акти на непријателство на Полска кон Чехословачка ќе ги сметаат за прекршување на советско-полскиот пакт за ненапаѓање (Витал, 1971). Од ова се гледа дека евентуалната воена акција на Полска би можела да предизвика руска реакција. Секако дека овој став на СССР бил во поддршка на чехословачкиот територијален интегритет, но во реалноста СССР немал директна граница со Чехословачка. Оттука, би можело да се очекува искористување на една ваква ситуација како оправдување за објава на војна на СССР кон Полска и реализирање на определени руски амбиции во истата но не и некоја директна помош за Чехословачка која де факто на терен самата би морала да се справува со полските трупи на нејзина територија. Нормално, воената акција на Полска сигурно немало да биде со ист интензитет ако и самата Полска биде нападната и прашање е дали воопшто до неа би дошло. Сепак чехословачкото раководство веќе ја донело својата одлука. Паралелно со започнувањето на мобилизацијата во септември, Бенеш испратил писмо до полскиот претседател во кое практично се усвојува во целост барањето на Пољаците за припојување на спорниот регион кон Полска. Во моментите кога

Чехословаците верувале дека влегуваат во војна со Германија и ја имаат поддршката на западните сојузници, единствено што побарале за возврат од Полска било да бидат неутрални во таа војна. Меѓутоа и покрај ова, само еден ден подоцна полската влада реагирала сосема агресивно и на 27 септември ги поставила своите „Godesberg“ услови за предавањето на оваа територија. Едноставно, изживувањата врз Чехословачка не можеле да бидат поголеми. Агресивноста на барањето на Полска била поткрепена со распоредување на 10 полски дивизии на границата со Чехословачка (Витал, 1971). Практично, во моментите кога Чехословаците мислеле дека ситуацијата не може да им биде полоша се актуализира проблемот со Полска. Ставени во многу незавидна ситуација, на 30 септември повторно се обраќаат до Полска нудејќи дури и поголема територија од онаа што ја барале Полјаците под услов трансферот да оди во однапред утврдена и точно позната постапка. Владата на Полска одговорила уште истиот ден преку Ултиматум за непосредно предавање на регионот (Витал, 1971). Инаку, интересно е дека Полјаците влегле во регион на истиот ден кога и Германија во Судетската област.

Додека СССР имал став дека вмешувањето на Полска не смее да се случи, Франција и ОК вршеле паралелен притисок врз Чехословачка да ја отстапи спорната територија на Полска, а исто и врз Полска заради удоволување на ова нејзино барање истата да остане неутрална и не влегува во војна. Од друга страна, пак, Германија ја посакувала и охрабрувала полската (но и унгарската) интервенција.

Конечно, да ја проанализираме и улогата на Лигата на нациите. Имено, станува збор за меѓународна организација, прва од ваков вид во дотогашната човекова историја. Корените на истата се длабоко во причините и последиците од Првата светска војна и идеологот на лигата Вудро Вилсон и неговите 14 точки. Особено заслужува внимание неговата последна точка во која вели „мир и независност за сите држави и мали и големи“. Идејата се состоела во замена на предвоениот систем на баланс на силите со колективна одбрана. Наспроти стариот систем каде што државите правеле сојузи доколку одредена држава го зголемува својот потенцијал, овде не би имало тајни сојузи туку едноставно сите држави би интервенирале колективно врз државата агресор, која и да е, какви и ресурси да има. Секако дека овој систем имал елементи на идеализам зашто претпоставувал интервенција на сите држави за општо добро во можеби далечни војни и држави за кои немаат никаков интерес да испратат свои трупи, да трошат сопствени ресурси итн. Сепак за успешноста на овој систем се претпоставуваше учество на сите држави против државата агресор. Во случај да има премногу неутрални држави или држави надвор од Лигата овој систем нема да е функционален. Имено, токму САД не биле дел од лигата. Едноставно, иако предводници на оваа идеја по војната, расположението во САД било такво што барало враќање назад кон традиционалната изолација. Сенатот не дозволил САД да даде дел до својот суверенитет. Општото сфаќање било дека Европејците честопати влегуваат во војни и САД не треба да дозволи да биде втурната во таа шема.

Незачленувањето на САД имало влијание врз иднината на лигата, но и на балансот на силите во Европа. Секако дека доколку САД беа присутни во Европа, балансот на ОК и Франција со Германија ќе бил поинаков. Сепак, лигата била формирана, но и покрај идејата за колективна безбедност, Франција сакала да добие некаква дополнителна гаранција дека Германија нема повторно да биде во состојба да ја загрози нивната безбедност. Во прво време се чини дека се обидувале да за ова издејствуваат некаков формален сојуз со ОК. Сепак се чинело дека ОК не гледало најблагопријатно на ваков официјален и јавен сојуз, зашто е членка на лигата и на ваков начин повторно се нарушувала колективната безбедност и однапред се идентификувал агресорот. Секако де факто дека во заднина пак функционирала оваа тајна дипломатија која постоела од време на балансот на силите од пред Првата светска војна. Било очигледно дека ОК и Франција имале одредена доза на координација. Дополнително, аргумент на страна на Британците е дека нема потреба од некаков јавно прокламиран сојуз со Франција, зашто и во традиционална смисла на баланс на силите, Франција е многу помоќна од Германија. Оттука и ОК и Франција допирни точки нашле во политиката да се смират страстите и Германија повторно да биде вратена во нормалните меѓународни текови, а пред сè како членка на лигата. Германија била „реинтегрирана“ во системот во 1925 год. кога станала членка на лигата. Цената за ова бил познатиот договор од Локрано со кој Германија се обврзала на почитување на нејзините западни граници како трајни и непроменливи (спрема Франција и Белгија). Воедно за нашата анализа е особено интересно дека со истиот договор

не се инсистирало на иста клаузула и за нејзините останати граници, како на пр. кон Полска и Чехословачка. Можеме да заклучиме дека со Локрано се дефинирала германската западна граница како непроменлива и источната граница како потенцијално променлива. Ова практично е и првиот аларм за Чехословачка и сојузот со Франција. Сепак, Франција работела паралелно создавајќи сојузи со низа држави кои практично произлегле како дел од поранешната австроунгарска империја, како Чехословачка, Југославија, Романија, но и Полска (Araud, 2015). Сепак овие сојузи биле само еден дополнителен товар врз Франција, зашто станувало збор за држави со потенцијални етнички проблеми.

За ситуацијата со Германија веќе пишувавме погоре. Претходново делумно важи и за СССР. Едноставно во добар дел во период по Првата светска војна биле зафатени самите со себе. Италија, пак, иако членка, никогаш не гледала премногу благонаклонето кон лигата, а особено не по доаѓањето на власт на Мусолини кој го имал сонот за возобновување на Римската Империја, нормално во лицето на Италија и претворање на Средоземното Море во италијанско езеро. Ако на сето ова го додадеме и незачленувањето на САД, можеме да констатираме дека лигата функционирала во исклучително тешки услови. Манџурискета и етипската криза биле дефинитивен удар врз лигата. Нефункционалноста на системот особено се покажала во етиопската криза каде што иако било јасно дека Италија е агресор, Франција и ОК играле по правилата на стариот систем на баланс на силите и не сакале да има некоја позначајна акција против Италија, надевајќи се дека

ќе ја имаат на своја страна како баланс фактор против Германија. Особено не сакале да се ангажираат и да трошат свои ресурси во некоја далечна војна во Африка.

Епилогот од попустливата политика на ОК, нефункционалниот сојуз на Франција, агресивноста на Германија, вклучувањето на Полска и Унгарија, како и нефункционалноста на Лигата на народите, а во комбинација со одлуките на чехословачкото раководство, бил целосно уништување и распарчување на Чехословачка. На 15 март 1939 год. Хитлер лично бил во посета на Прага, која сега веќе била само една провинција на Третиот рајх (слика бр. 5). Франција и ОК по втор пат не реагирале јасно и ја предале Чехословачка.



Илустрација бр.13

Хитлер во посета на Замокот - Прага, инаку поранешно седиште и канцеларија на претседателот на Чехословачка[45]

## 5.5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Согласно со постоечката литература и достапните факти видовме дека чехословачката држава била седма по големина во Европа. Претходново го отвора прашањето: дали тогаш Чехословачка може да се смета за мала? Согласно со голем број на постоечки дефиниции – може. Така, Чехословачка се покажала како неспособна да ги

[45] Сликата е преземена од Munich Agreement. (2020). Retrieved 12 June 2020, from https://en.wikipedia.org/wiki/Munich_Agreement#/media/File:Bundesarchiv_Bild_183-2004-1202-505,_Prag,_Burg,_Besuch_Adolf_Hitler.jpg

промени правилата на игра на „големите”, што е пак суштински елемент кој ја сместува истата во оваа група на мали држави (Archer, Bailes and Wiver, 2014, а во овој правец е и Jaquet, 1971). Низ целата претходна анализа се гледа дека барањата на Чехословачка се ограничени на сопствените области, што пак е суштински елемент за една држава да се смета за мала сила (Fox, 1959). Во сите случувања со Чехословачка нејзиното раководство како да било помирено со позицијата на маргинална сила (неподготвеност да се борат за својата одбрана без поддршка од Франција итн.), а таквата позиција била потврдена и од останатите „играчи” (кои воопшто ни ги канеле чехословачките претставници кога решавале за судбината на Чехословачка). Имено, според Keohane, токму себе-перцепцијата на државните елити како немоќни да направат каква било разлика ја ставило државата во групата на мали држави (Keohane, 1969). На слични позиции е и Rothstein, според кого малите држави признаваат дека не се способни да уживаат безбедност без да се потпираат на други држави, но оваа неспособност исто така е признаена и од други држави (Rothstein, 1969). Според други автори пак, малата држава се препознава по својата карактеристика на послабата страна во еден асиметричен однос, при што не е способна да ја измени природата на функцијата на тој однос (Archer, Bailes and Wivel, 2014). Или пак, мала држава е онаа држава која не може да се справи со војна со моќна држава на еднакви основи *(Vandenbosch,* 1964*).* Според Bjol, државата е мала само во однос со поголема (Bjol, 1971). Knudseen пак смета дека релациите, а не големината, се одлучувачкиот фактор што може да помогне во

дефинирањето (Knudsen, 19960. Сите овие дефиниции повеќе или помалку се апликативни за случајот на Чехословачка и истата ја дефинираат како мала.

Меѓутоа, треба да бидеме објективни и да кажеме дека постојат и дефиниции според кои можеме да се прашаме: дали навистина Чехословачка била мала? Така според одредени дефиниции малите држави се неспособни да ги одбранат сопствените национални интереси преку политички или воени алатки (Vaicekauskaite, 2017), односно малите држави се консументи, а не создавачи на безбедносната политика (Army, 1964). Или, малите држави не очекуваат дека можат да направат значаен исчекор делувајќи самостојно или дури и во мали групи во однос на безбедноста (Keohane, 1969). Имено, навистина е спорно дали Чехословачка била (во целост) неспособна да ги одбрани (односно барем да пружи силен отпор) на своите граници преку воени алатки имајќи го предвид современото оружје кое го имала, непристапниот терен на граница, како и бројните утврдувања по границата со Германија. Исто така, нејзините генерали (за разлика од нејзиното политичко раководство) верувале дека дури и самостојно може да се носи со германската закана (барем некое време). Воедно, ситуацијата на овој однос во Германија била обратна. Имено, Хитлер сакал брза и одлучна воена акција, но дел од неговите генерали не биле сигурни дека истата е можна (барем не беспотребно голем број на жртви). Сепак може да се констатира дека политичкото раководство во двете држави ги носи конечните одлуки. Ние сметаме дека (согласно со терминологијата дадена во почетниот дел)

Германија неспорно била и голема држава и голема сила, додека пак Чехословачка неспорно беше мала сила, но можеби не и мала држава (барем во европски рамки).

Се чинат неспорни аргументите дека Чехословачка била просперитетна економија во срцето на Европа, со големи ресурси, со модерно опремена и обучена војска, со сопствено производство на најсовремено оружје, со добро бранети граници (плус географски терен им одел во прилог), во сојуз со држава победничка во Првата светска војна Франција и членка на Лигата на народите. Сепак, завршува како што завршува заради повеќе причини. Оттука, сето ова оди во прилог на нашето главно тврдење дека ресурсите со кои располага државата, степенот на развој, економијата, воените капацитети, дипломатијата, историјата, геостратешката положба и значењето во определен момент на односите на силите во меѓународниот систем се комбинацијата на варијабли кои го креираат степенот на моќност на конкретна држава. Поточно, не фактот на поседувањето ресурси, туку многу повеќе начинот на нивното искористување и одлуките на државното раководство ја прават конкретната држава да биде моќна, без разлика дали станува збор за мала или голема држава. Конкретно, фактот на постоење силна армија, сојуз со една од најмоќните држави во Европа итн. малку значел во пракса и конечниот исход заради политичките одлуки и начинот на користење на овие алатки од страна на државното раководство, нормално во согласност со геостратешкиот контекст и момент.

Можеме да заклучиме дека Чехословачка на домашен план сепак имала потенцијални проблеми.

Имено, станува збор за држава која била со прилично нехомогено население, а мнозинството го чинеле Чесите и Словаците. Сепак, иако чехословачкиот устав зборувал за Чехословаци, во пракса постоеле јасни дистинкции (впрочем како и кај кои било други словенски народи) помеѓу Чесите и Словаците. Проекциите за создавање (со тек на време) на чехословачка нација и интегрирање на сите малцинства, кои дури би биле и среќни што се во границите на оваа држава заради нејзиниот економски просперитет и богатството од ресурси, не се реализирале зашто за сето ова било потребно време. Едноставно на Чехословачка никогаш не ѝ била дадена шанса зашто не ѝ било дадено доволно време заради започнатата промена на балансот на силите во Европа.

На надворешен план пак, на прв поглед Чехословачка ги имала неутрализирано сите можни закани по нејзината безбедност. Покрај фактот за постоење на модерна армија, чехословачката надворешна политика во раце го имала и сојузот со Франција, кој пред сè имала задача да ја одврати Германија од какви било намери кон Чехословачка. Дополнително на страна на Чехословачка бил и СССР, иако можеби овој сојуз во пракса служел повеќе за одвраќање на Полска од евентуално вмешување. Конечно, можноста од унгарскиот реваншизам требала да биде неутрализирана со членството во малата антанта. Сепак се покажало дека овие сојузи во многу нешта служеле баш за одвраќање на можни агресори, но само за тоа. Се чинело дека никогаш не постоела сериозна намера на Франција (а ни на СССР без Франција) за влегување во војна со Германија, заради Чехословачка. Кога заканата од Германија станала

реална, Франција ретерирала од обврските од овој сојуз. Една од опциите за Франција била да влезе во таканаречената „chiken game“ со Германија. Сепак можеме да заклучиме дека до тоа воопшто не ни дошло зашто Франција ретерирала уште на почетокот. Оваа француска политика подоцна се рефлектирала и во сојузот на малата антанта, но и генерално во влечењето на идните потези од Хитлер, позиционирањето на СССР итн. Иронично, по заземањето на Чехословачка од страна на Хитлер, нејзините фабрики, ресурси и територија биле користени за напад на Франција во Втората светска војна.

Оттука Чехословачка била во класична ситуација на обид за балансирање онака како што тоа го објаснува Волтз (Waltz, 1979/2010). Така на внатрешен план создавала економски и воени капацитети и имала сопствена стратегија за одбрана. На надворешен план имала сојуз со Франција. Сепак се покажало дека преголемото потпирање на надворешното балансирање било кобно без разлика на внатрешната подготвеност. Во сите овие премрежија можеме да кажеме дека Чехословачка посакувала одржување на статус-кво ситуацијата за разлика од Германија за која слободно можеме да кажеме дека била ревизионистичка држава, па и повеќе од тоа.

Анализата на сојузот со Франција се чини го покажува очигледното, а тоа е фактот дека во асиметрични сојузи од малиот партнер и не се очекува да има преголемо право на глас, а добивањето на безбедносниот чадор за таа сметка пак лесно може да е само привид во моментот кога големиот сојузник ќе смета дека нема повеќе да има интерес од таа алијанса, при што повикување на

моралот, правото, правдината и сл. од страна на малиот партнер веројатно нема да има некаков посериозен ефект врз крајните исходи. Чехословачка била производ на балансот на силите настанат по завршувањето на Првата светска војна и потпишувањето на Версајскиот договор. Гарант на тој поредок биле, пред сè, ОК и Франција, но и меѓународната организација наречена Лига на народите. Од една страна, зачленувањето на Германија во оваа меѓународна организација значело реинтегрирање и на Германија во овој версајски поредок. Но заради нејзината, прво, голема економска криза како последица од војната, но и наметнатите репарации од победниците, а второ, нејзиното оправување и сè побрзорастечка моќ, станало јасно дека истата ќе бара одредени ревизии на Версајскиот договор. Заради сето ова, во комбинација со чувството на вина заради претешкото казнување на Германија, но и барајќи начин сепак да ги задржат позициите добиени по Првата светска војна, ОК и Франција беа согласни да дозволат определени ревизии на Версај. Дополнително, ОК сметало дека можеби и нема да е толку лошо Германија колку-толку да парира на моќната Франција на европското копно, како не би имало ситуација на само една премногу моќна држава во Европа. Со промената на нивните приоритети од одржување на версајскиот поредок во избегнување на друга поголема војна во Европа, балансот на силите постепено почнал да се менува. Имено, тој процес започнал уште со Локрано, кога единствено западната граница на Германија била забетонирана, но не и останатите, како на пр. онаа кон Чехословачка. Сè поголемиот притисок врз Чехословачка и сè поочигледната идна промена на

балансот на силите придонеле и другите соседи на Чехословачка да се почувствуваат повикани да се вмешаат, а со цел да не бидат изоставени при идниот распоред на силите на сметка на Чехословачка. Имено, иако е јасно дека истите биле поттикнувани од Германија, сепак тврдиме дека секогаш кога е на повидок нов распоред на балансот на силите, соседните држави се чувствуваат повикани да реагираат зашто ако истите тоа не го сторат, тоа ќе го стори некој друг и ќе биде нарушен балансот на нивна штета.

Конечно, во однос на изборите кои ги имала на располагање и кои ги направила Чехословачка, можеме да го констатираме следново. Чехословачка избрала максимална соработка со своите сојузници (кои пак соработувале и преговарале со агресорот). Некои од опциите на Чехословачка овозможувале малку поголемо потпирање кон СССР и некоја комбинација со посилно вклучување на Лигата на народите како светска организација задолжена за колективна одбрана со сите нејзини слабости, но и предности. Секако дека едната опција била јасно одбивање на непринципиелните уцени од Германија и јасно ставање на знаење до сојузниците дека истата ќе пружи максимален (согласно со своите можности) отпор на Германија. Несомнено, една ваква смела опција би предизвикала големи жртви, но и де факто некоја нова можна алтернативна историја на настаните кои следеле и довеле до Втората светска војна. Во секој случај неспорно е дека Чехословачка сметала дека се наоѓа во баланс - сојуз со Франција наспроти Германија, заради што пак одбила да влезе во „bandwagon“ сојуз со Германија. За изборите на Чехословачка доволно се

илустративни резултатите добиени од дилемата на затвореникот за која пишувавме погоре.

Целата оваа анализа била правена во мултиполарен систем при постоење на повеќе големи сили, но и постоење на постојана меѓународна универзална организација позната како Лигата на народите. Од теоретски аспект ова е ситуација на структурен реализам (со мал исклучок на постоењето на идеалистичката реализација за еден вид централна меѓународна организација која сепак била сочинета од државите и не била функционална), каде што државите се однесувале егоистички гледајќи го својот интерес и не потчинувајќи го на интересот на другите (Mearsheimer, 2014). Сепак претходново однесување било карактеристично за Германија, сојузниците на Чехословачка, но не до толку и за Чехословачка. Така Германија се однесувала согласно со контурите на офанзивниот реализам развивајќи или негувајќи капацитети за надворешен интервенционализам. Од друга страна пак, Чехословачка имала за цел опстанок и безбедност, односно се однесувала согласно контурите на дефанзивниот реализам. Сметаме дека оттука дебатата помеѓу дефанзивните реалисти и офанзивните реалисти во голема мера е излишна. Така државата, пред сè, сакала да преживее, но кога тоа веќе е обезбедено веројатно е дека ќе посака да има што поголема моќ. Ако во меѓувреме нејзиниот опстанок повторно биде доведен во прашање, повторно главна цел ќе биде преживувањето. Така на пр. Чехословачка се однесувала според офанзивниот реализам за време на своето создавање, обидувајќи се во своите идни државни граници да приграби и соседни територии, што пак е видливо од нејзиниот мешан состав на

население. Но кога Германија ги пројавила своите амбиции кон чехословачката територија иста се нашла во ситуација на борба за преживување.

Во однос на дебатата на двете насоки за создавањето на безбедносната дилема се чини дека сепак победувале претставниците на офанзивниот реализам, кои тврделе дека истата е неизбежна за разлика од дефанзивните реалисти кои сметале дека понекогаш истата може да биде избегната (Baylis, Smith and Owens, 2017) и (Walt, 1998). Очигледно Чехословачка во конкретнава ситуација изгледала безбедна, но тоа воопшто не било така, пред сè заради нефункционалноста на сојузот со Франција и неупотребувањето на своите сопствени безбедносни капацитети. Како што претходно објаснивме во детали, чехословачката одбрана се потпирала на принципот на „deterrence“ (одвраќање). Сметале дека модерната армија и граничните утврдувања ќе ги одвраќаат германските намери за напад. Дополнително сметале дека во случај на напад Франција ќе им понуди помош. Претходново значело дека имале стратегија на „preventing armed attack“ (превенирање на вооружен напад) на нивната територија. Се чини дека Франција овде преферирала „back passing“ (Waltz, 1979/2010, p. 165), па наместо да балансира се надевала дека сепак од една страна ова ќе ја удоволи Германија, а од друга страна СССР ќе биде нејзиниот балансер.

Несомнено двете држави биле во некоја ситуација на безбедносна дилема, но секако не во онаа класична теоретска рамка на истата. Така на пр., еден од суштинските елементи за утврдување на постоење на истата е непостоење на вистинска желба за започнување на војна, но околностите и тензиите довеле до тоа. Сепак нашата анализа

покажа дека фирерот на Германија ја посакувал војната (Jervis, 1978), (Jervis, 1976). Од друга страна пак, Чехословачка воопшто не ја посакувала војната. Исто, делот на безбедносна дилема што вели дека „една од причините за нејзиното креирање е непостоење на комуникација или пак погрешно разбрана комуникација помеѓу засегнатите страни“ не е до крај обезбеден во случајов, зашто определена комуникација сепак постоела, а и немаме некое погрешно толкување на сигналите. Така на пр., намерите на Германија во врска со делови од чехословачката територија биле прилично јасни и нема некои можности за различни интерпретации освен како реална закана.

Во однос на интензитетот на безбедносна дилема се чини дека во нашиот случај тој бил во третата од четирите опции кои ги предложил Јервис, односно офанзивното и дефанзивното однесување практично можат да се разграничат, но сепак офанзивното има мала предност.Тоа е ситуација на не толку интензивна безбедносна дилема, каде што околината е безбедна, но може да резултира со агресија во некое идно време (Jervis, R, 1978). Иако теоретски многу од овие елементи биле случај во конкретнава анализа, сепак тешко дека можеме да тврдиме дека безбедносната дилема била од мал интензитет во оваа криза што ни покажува дека праксата честопати знае да отстапи од теоријата.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Имено, поаѓајќи пред сè од легислативниот (правниот) концепт на дефинирање на државата според меѓународното јавно право, кој тврди дека секоја држава мора да има четири белези за да воопшто биде држава, ние го предлагаме начинот на дефинирање на поимот мала држава. Имено станува збор за тоа дека мора да се поседува сопствена државна територија, сопствено постојано население, сопствена суверена власт и конечно истата да поседува капацитет да влегува во односи со други држави, односно да ги менаџира надворешните работи. Во обидот да го дефинираме поимот на мала држава ние ги користиме првите два белези на државноста како две варијабли, додека пак останатите два белези очигледно се поврзани со концептот на моќ односно сила на една држава. Едноставно можеме да кажеме дека мала држава е која било држава која има мала територија и население. Точните параметри за тоа што ќе се смета за мала територија и население мора дополнително прецизно да бидат утврдени на определена меѓународна конференција свикана за таа тема. Многу е важно да се напомне дека една ваква дефиниција ќе биде целосно применлива само во еден конкретен (сегашниот современ) меѓународен систем, зашто разните меѓународни системи низ разни периоди на историјата имаат свои специфики, па оттука значењето на двете варијабли по кои ја даваме дефиницијата ќе има различна тежина. Во однос на утврдувањето на поимот мала/голема сила може да заклучиме дека комбинацијата помеѓу различни варијабли ја прави

определена држава моќна или не. Поточно, поседувањето ресурси, односно начинот на нивното искористување во корелација со степенот на економска развиеност и, пред сè, одлуките на државното раководство за степенот на инвестирање во војска и дипломатија, а притоа земајќи го предвид историскиот и геостратешкиот контекст и момент на распоредот на силите во меѓународните односи ја прават определена држава да биде повеќе или помалку моќна, без разлика дали станува збор за мала или голема држава. Во однос на видовите на сила ние државите ги поделивме на држави без некоја сила, држави мали сили, држави големи сили и држави суперсили (како дел од големите сили). При ова основен критериум ни беше степенот на моќ, односно можноста и капацитетите на влијание од најразличен вид. При ова можеме да заклучиме дека денес најголем број од државите се без некоја моќ, помал дел се држави мали сили, а само мал дел се држави големи сили. Како сублимат на крај можеме да заклучиме дека дефиниција на поимот мали држави е можна и потребна, како и негова дистинкција од поимот на мала сила. Односно, мала држава е едно и воопшто не мора да значи по автоматизам дека малата држава е и мала сила, многу почесто таа ќе е држава без некоја сила, а поретко мала држава ќе биде мала сила и во исклучителни случаи дури и голема сила (зависно од комбинацијата и значењето на варијаблите во конкретниот момент).

Во овој труд беше направена анализа на текстот насловен како Мелијанскиот дијалог и беа анализирани два конкретни студии на случај во различни историски епохи. Најпрвин можеме да констатираме дека двете мали сили од нашите

примери, односно и Чехословачка и Србија беа држави без излез на море. Сепак Чехословачка беше просперитетна економија која имаше бројни ресурси на својата територија за разлика од Србија која беше далеку пооскудна во овој дел. Сепак ова не ја спречи Србија да биде мала сила. Двете беа соочени со далеку помоќен и поголем противник од себе. Двете држави имаа сојузи со друга голема сила. Во случајот со Србија тоа беше Русија, а во случајот со Чехословачка тоа беше Франција. Во однос на армијата, Чехословачка имаше модерна армија и добро чувани граници. Српската армија пак од друга страна беше далеку од модерна (но го имаше искуството на своја страна). Воената управа во двете држави генерално беше поагресивниот дел во однос на својата реторика и цели (во случајот на Србија дури практично делуваше и автономно). Секако не смее да се игнорира ниту личниот карактер на носителите на клучните функции и нивното влијание во носењето на одлуките без разлика дали тие делувале одлучно или биле колебливи, зашто државите не се апстрактни поими кои постојат сами за себе, туку напротив истите се сочинети од конкретни личности кои работат во рамките на определени органи. Целата оваа анализа беше правена во мултиполарен систем при постоење на повеќе големи сили при непостоење на меѓународна универзална организација, односно во класична ситуација на анархичен систем (во примерот на Србија), односно постоење на во многу нешта нефункционалната лига на народите (во случајот на Чехословачка). И двете држави во однос на изборите кои ги имаа на располагање се решија на максимална соработка со своите сојузници (индиректно и агресорот во случајот на

Чехословачка). Сепак крајниот исход беше сосема различен. Србија излезе како победничка држава, а Чехословачка престана да постои. Сепак треба да се каже дека и Србија во текот на војната привремено престана да постои (нејзината територија во целост беше окупирана) и плати огромна цена во оваа војна. Значи и двете држави избраа да одат на варијантата на баланс-сојуз наспроти можноста за „bakwonoging“. Инаку интересно е да се забележи дека Австро-Унгарија и Чехословачка беа мултиетнички држави што ги правеше помалку функционални генерално, а особено на терен во конкретните воени судири (Австро-Унгарија заради бројното словенско население кое на пр. често дезертираше во војната со Србија, а Чехословачка заради нелојалноста на дел од пред сѐ, големото германско малцинство).

Несомнено, пропагандата е важна за секој меѓудржавен судир практично во секоја историска епоха, само средствата ќе бидат различни, зависно од технолошкиот развој во дадениот момент. При ова, послабата страна редовно е таа која говори и се повикува на моралот и правдата, а посилната на аргументот на силата. Но ова не значи дека и посилната страна не смета дека има определено морално право да делува и честопати тоа ќе се обиде да го истакне. Тоа е видливо како во Мелијанскиот дијалог во случајот со Атина, така и во студиите на случај кај Австро-Унгарија и кај Германија. Оттука во принцип не постојат добри и лоши држави (иако заради определена идеологија или нехумано постапување односно геноцид можеме да направиме и ваква класификација), туку само постои државен интерес. Сите држави без разлика во која епоха и каков меѓународен систем се,

секогаш тежнеат моралноста да ја прикажат на своја страна и да имаат јасен „casus belli“ (ова редовно го право агресорот).

Честопати, а во нашата анализа секогаш, интервенции во странство се користат како инструмент за решавање односно превенирање на внатрешни проблеми во големата сила. Таков е примерот на Атина во Мелијанскиот дијалог, но и на Австро-Унгарија во однос на Србија, па донекаде и нацистичка Германија во која нејзиниот фирер на власт се одржуваше со водење на агресивна реторика и ревизионистичка политика. Во студијата на случај за Чехословачка можеме да кажеме дека посакуваше одржување на статус-кво ситуацијата за разлика од Германија која пак беше ревизионистичка држава. Работите се малку покомплицирани во студијата на случај со Србија чии подолгорочни намери не беа одржување на статус-квото, туку посакуваше нова прераспределба, а всушност Австро-Унгарија преку војна со Србија посакуваше задржување на статус-квото за кое веруваше дека Србија има капацитет подолгорочно да го промени. Оттука можеме да кажеме дека Австро-Унгарија сакајќи да ги исполни целите на дефанзивниот реализам (одржување на сопствена сигурност), всушност сметаше дека е принудена да делува во рамките на офанзивниот реализам (да се стекне со колку е можно поголема моќ). Но слична логика може да се примени и за Србија. Така Србија сметаше дека единствен начин да има сигурност е преку зголемување на својата територија и излез на море, зашто на таков начин би станала фактор и вистински независна од други држави. Србија долгорочно планираше однесување согласно со контурите на офанзивниот реализам, освен во

моментите на австроунгарската агресија кога мораше практично да се бори за опстанокот на самата држава.

Оттука можеме да заклучиме дека дебатата помеѓу дефанзивните реалисти и офанзивните реалисти во голема мера е излишна. Така државата пред сè сака да преживее, но кога тоа веќе е обезбедено ќе посака да има што поголема моќ. Ако во меѓувреме нејзиниот опстанок повторно биде доведен во прашање повторно главна цел ќе биде преживувањето. Дополнително сметаме дека терминолошки значењето на „статус кво-државите" не треба секогаш и по автоматизам да се сфаќа дека конкретната држава е нешто особено среќна, туку дека едноставно тоа е најдобрата варијанта за истата во моментот. Оттука можеме да заклучиме дека и малите држави понекогаш се однесуваат согласно со контурите на офанзивниот реализам практично кога за тоа ќе имаат можност, впрочем такво е однесувањето на државите од балканската лига кон големата Османлиска Империја.

При конфликт на мала со голема сила, исходот секогаш ќе биде со кобен резултат за малата сила доколку конфликтот остане билатерален. Сепак можноста за вмешување на трета држава (како сојузник на малата држава) може да биде од пресуден момент за крајниот исход, а секако дека се зема предвид во анализата за или против почнување кампања од страна на големата сила. Ако се обидеме сето ова да го прикажеме со определна математичка формула би можеле да тргнеме од тврдењето дека во директен (изолиран) судир на голема со мала сила, резултатот е предвидлив.Тоа изгледа вака

Г > М = Г (предвидлив резултат)
(„Г” ја означува големата сила, а „М” малата сила)

Така во билатерален конфликт на голема против мала сила резултатот е предвидлив, односно со огромна доза на веројатност победникот ќе биде големата сила (заради своите капацитети, ресурси итн.). Но по оваа логика секоја посилна држава би ја поразила послабата од себе држава и практично не би постоеле мали држави. Знаеме дека сепак тоа не е случај. Оттука претходната формула е точна, но многу ретко е применлива во пракса, зашто меѓународниот систем е збир од мноштво држави помеѓу кои владее некаков баланс на силите. Оттука обидот на една голема сила да го промени балансот на силите во своја корист преку унилатерално дејствување најчесто ќе наиде на реакција од другите држави кои можат да се вмешаат преку поддршка на малата сила. Оттука попрецизна формула би била следнава

Г > М (+С) = ? (неизвесен резултат)

Во суштина овој неизвесен резултат во многу нешта ќе зависи од третата страна која би се вмешала како сојузник на малата сила ,,С”). Воедно постоењето на формален сојуз не мора да значи ништо. Дали сојузот ќе се ефектуира во моментот кога тоа е потребно за потребите (во крајна мерка за преживувањето) на помалиот партнер ќе зависи пред сѐ од резултатите на анализата на големиот партнер и дали истиот го смета за суштински за обезбедување на своите интереси во тој регион (многу помалку оваа одлука ќе се базира на некакви дадени ветувања, постоење на блискост и сл.). Секако дека големо влијание ќе има целата

геополитичка поставеност, географската местоположба и близина и пред сѐ можното влијание врз промената на балансот на силите, односно степенот на тоа влијание врз големиот партнер од сојузот. Така Русија сметаше дека не смее да дозволи Србија повторно да потпадне под австроунгарската сфера на влијание, но Франција (па и ОК) смета дека отцепување на одредени делови на Чехословачка нема да е од суштинско значење за промена на балансот на силите, односно истиот може да си го дозволат. Сепак во крајна мера сојузите не постојат за големите сили само да имаат некаков товар од истиот. Честопати ќе го користат аргументот на сојузот за да преговараат за сопствени интереси, фактички на сметка на својот сојузник. Тоа е и повеќе од видливо за Франција, но во одредени моменти и за Русија (кога се договара со Османлиите околу поддршката на српското востание, но и во примерот со преговорите за анексија на БиХ од страна на Австро-Унгарија за чија поддршка пак би остварила дел од своите стремежи на Босфорот).

Во однос на дебатата на двете насоки за создавањето на безбедносна дилема, се чини дека сепак победуваат претставниците на офанзивниот реализам кои тврдат дека истата е неизбежна за разлика од дефанзивните реалисти кои во принцип сметаат дека истата може да биде избегната. Така во конкретната ситуација и двете држави беа обезбедиле значајни столбови на нивната безбедност, Чехословачка заради своите сопствени капацитети, Франција и целокупното меѓународно право и поредок олицетворен пред сѐ во лицето на Лигата на народите, а Србија пред сѐ заради сојузот со Русија. И покрај овие факти сепак дојде до војна.

Несомнено двете држави беа во некоја ситуација на безбедносна дилема, но секако не во онаа класична теоретска рамка на истата. Така на пр. еден од суштинските елементи за утврдување на постоење на истата е непостоење на вистинска желба за започнување на војна, но самите околности, тензии и спирала на настани доведуваат до тоа. Сепак нашата анализа покажа дека владејачките кругови во Австро-Унгарија во голема мера ја посакуваа војната (или барем ја сметаа за неизбежна), а слично и во Србија каде што се сметаше дека во некое определено идно време војна околу БиХ е неизбежна. Сега можеме да спориме дека Србија не ја сакаше војната во тој определен момент кога истата започна. Во однос на вториот случај пак нашата анализа покажа дека фирерот на Германија ја посакуваше војната. Од друга страна пак, имаме момент на интерпретација на туѓите обиди за своја поголема заштита како агресивно однесување. Така моментот кога Србија купува оружје од Франција може да се толкува во овој правец. Но, еден од елементите на безбедноста дилема кој бара да има некомуникација или пак постоење на погрешно разбрана комуникација помеѓу засегнатите страни не е до крај обезбеден во случајов, зашто определена комуникација сепак постоела, а и немаме некое погрешно толкување на сигналите. Така на пр. Ултиматумот на Австро-Унгарија кон Србија и нема некоја можност за различни интерпретации освен како реална закана за војна. Така, слично е и со намерите на Германија кои беа прилично јасни и немаше некоја можност за различни интерпретации освен како реална закана по чехословачкиот територијален интегритет.

Од анализата можеме да заклучиме дека секогаш кога постои реална шанса за промена на балансот на силите на штета на одредена држава, нејзините соседи се чувствуваат повикани да реагираат на некој начин со цел новиот баланс на силите да не биде на нивна штета и да добијат дел од колачот. Тоа можеме да го видиме во примерот со Австро-Унгарија во времето на српските востанија, но и делувањето на балканската лига во однос на Османлиската Империја. Оттука и стравот на Австро-Унгарија дека самата можност за нарушување на балансот може да биде доволна причина за идна војна со сите свои соседи. Слично се случува и со Чехословачка, односно кога станува јасно дека ќе има нов баланс на силите на локално ниво и за сметка на истата директно се вклучуваат соседните Унгарија и Полска со свои барања и позиции.

Конечно можеме да заклучиме дека во конфликт на мала со голема сила, крајниот исход во голема мера ќе зависи од некоја трета страна, но во секој случај жртвата од малата сила ќе биде страшна, па дури и кога е на победничката страна (Чехословачка престана да постои, а Србија ја плати победата со страшно големи човечки жртви). Исто така, треба  да се каже дека понекогаш ваков судир може да биде кобен и за големата сила, што можеме да го видиме од примерот со Австро-Унгарија по Првата светска војна. Секако, потенцираме уште еднаш крајниот исход во многу нешта нема да е директна последица од делувањето на малата сила, туку од можното вмешување на трета сила/сили. Таквите надежи за Мелос беа Спартанците, за Србите беше Русија, а за Чехословачка тоа беше Франција.

За крај, а со цел добивање на уште порелевантни заклучоци за во иднина би било корисно изработка на нова книга на истата тема, каде што добиените резултати би се компарирале со резултатите од идни истражувања на соодветни примери и студии на случај на конфликт помеѓу мала и голема сила во светот за време на Студената војна (светот на две велесили), како и периодот по Студената војна, односно униполарниот свет, но и денешниот современ свет на еден вид комбинација помеѓу униполарен и мултиполарен свет паралелно со постоењето и работата на ООН.

## **КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


Amt, A., (2014) *The July Crisis: An Ultimatum and An Unexpected Response*. [online] German Federal Foreign Office. Available at: <https://www.auswaertiges-amt.de/en/aamt/politiscal-archive/-/215216> [Accessed 28 October 2020].

Annette B.F. (1959) *The Power of Small States*, Chicago: University of Chicago Press



Annette B.F. (1959) *The Power of Small States*, Chicago: University of Chicago Press



Araud, G. (2015). The foreign policy of France between 1919 and 1939: the reasons for a descent into hell. Retrieved 3 June 2020, from https://franceintheus.org/spip.php?article6836

Archer, S., Bailes, A.J.K., Wivel, A. (2014). *Small states and international security: Europe and beyond*. Abingdon: Routledge

Baldwin, A,D. (1979) *Power Analysis and World Politics: New Trends versus Old Tendencies*, World Politics

Baylis, J., Smith, S. and Owens, P., 2017. *The Globalization Of World Politics*. 7th ed. Oxford: Oxford University Press.

Bjol, E. (1971) *The Anaysis of Small Power Politics,*" in Schou and Bruntland

Budapest, Hungary, Szófia, София, Bulgaria: Hungarian Academy of Sciences, Research Centre for the

Humanities, Institute of History, (2020) pp. 101-132., 32 p.

Čadová, N. (2005). * Nationality in the census in Czech lands - Centrum pro výzkum veřejného mínění. Retrieved 31 May 2020, from https://cvvm.soc.cas.cz/en/cvvm2/journal-our-society/archive-of-articles/121-2005-1/3657-nationality-in-the-census-in-czech-lands

Cienciala, A. (1999). The Munich crisis of 1938: Plans and strategy in Warsaw in the context of the western appeasement of Germany. *Diplomacy & Statecraft*, *10*(2-3), 48-81. doi: 10.1080/09592299908406125

David V. (1967) *The Inequality of States*, New York: Oxford University Press.

De Mendelssohn, P. (2019). *Nuremberg Documents: Some Aspects Of German War Policy 1939-45*. [S.L.]: Routledge.

Demeter, G. (2020). *Expansionism or self-defence? The Plans of the Austro-Hungarian Diplomatic Circles towards Serbia (1913–1915)*. Academia.edu. Retrieved 3 December 2020, from https://www.academia.edu/19531973/Expansionism_or_self_defence_The_Plans_of_the_Austro_Hungarian_Diplomatic_Circles_towards_Serbia_1913_1915_.

Desppalatović, E.M, 1975. *Ljudevit Gaj And the Illyrian Movement*. New York: East European Quarterly.

Editors, H. (2009). Fourteen Points. Retrieved 3 June 2020, from https://www.history.com/this-day-in-history/wilson-delivers-fourteen-points-speech

Eloranta, J. (2010). Why did the League of Nations fail?. *Cliometrica*, *5*(1), 27-52. doi: 10.1007/s11698-010-0049-9

German territorial losses, Treaty of Versailles, 1919. (2020). Retrieved 1 June 2020, from https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/german-territorial-losses-treaty-of-versailles-1919

Germany annexes Austria. (2010). Retrieved 1 June 2020, from https://www.history.com/this-day-in-history/germany-annexes-austria

Hakan, W. (1996) *Security Problems of Small Nations* in Bauwens, Werner et al (eds.)

*Handel,*M. (1981) *Weak States in the International System*. London: Cass and Company

Hannig, A., (2015) Austro-Hungarian foreign policy and the Balkan Wars. *The Wars before the Great War*, pp.233-248.In: Demeter, Gábor; Peykovska, Penka; Katona, Csaba (eds.) Bulgaria and Hungary in the First World War: A View from the 21st Century.

Huth, P., 1999. Deterrence and International Conflict: Empirical Findings and Theoretical Debates. *Annual Review of Political Science*, 2(1), pp.25-48.

Iskenderov, P. (2018). The Munich Agreement 1938: Prologue to the New World War. *OOO "Zhurnal "Voprosy Istorii"*, *2018*(11), 120-127. doi: 10.31166/voprosyistorii201811shkola01

Istrianet.org. 1905. *Istria On the Internet - History - World War I - The Fiume Question*. [online] Available at:

<https://www.istrianet.org/istria/history/1800-present/ww1/fiume-question1.htm> [Accessed 26 October 2020].

Jaquet, L. (1971) *The role of a small state within alliance system*. In: Schou A. and Brundtland A.O., ed. Small states in international relations, Wiley-InterScience

Jervis, R. "Cooperation under the Security Dilemma," *World Politics* vol. 30, no.2 (January 1978), pp. 167–174; and Jervis, R. *Perception and Misperception in International Politics* (Princeton, N.J.: Princeton University Press, 1978), pp. 58–113.

Jervis, R. (1978) "Cooperation under the Security Dilemma, In"*World Politics,* vol. 30, no.2:167–174.

Jervis, R., 1976. *Perception And Misperception In International Politics*. Princeton, NJ: Princeton University Press.

Jervis, R., 1978. Cooperation under the Security Dilemma. *World Politics*, 30(2), pp.167-214.

Jurkynas, M. (2014) *Security concerns of the Baltic states in the twenty-first century*. In: Bailes, A.J. , Wivel, A., Clive, A., ed. Small states and international security, Routledge

Kegley, C., & Wittkopf, E. (2005). *World politics* (10th ed.). Thomson Higher Education.

Keohane, R. and Nye, J. (1977) *Power and Interdependence: World Politics in Transition*, Boston; Little Brown

Keohane, R. (1969). *Lilliputians' Dilemmas: Small States in International Politics*, International Organization

Knudsen, O. (1996) *Analysing Small State Security: The Role of External Factors*. In: Bauwens, W., Clesse, A., Knudsen, O., ed. Small States and the Security Challenge in New Europe. London: Brassey's.

Koch, R. (2015). Superpower Blunders: Czechoslovakia In 1938. Retrieved 31 May 2020, from http://rolfsgriechenlandblog.blogspot.com/2015/01/the-czechoslovakia-crisis-of-1938.html

Lilly, D. (1994). British Reaction to the Munich Crisis. Retrieved 1 June 2020, from http://people.loyno.edu/~history/journal/1993-4/Lilly.html

Linguistic map of Czechoslovakia, 1930 | Map, Language map, Europe map. (2020). Retrieved 31 May 2020, from https://www.pinterest.de/pin/832603049843621753/?nic_v1=1aDbHAw1oI5OGFn5z5cjav0VZSlqahRXFHzxXPih7fXlcMJt8uUruoS5IhMddjUglS

Llewellyn, J. and Thompson, S., (2017) *Serbia Before World War I*. [online] World War I. Available at: <https://alphahistory.com/worldwar1/serbia/> [Accessed 25 October 2020].

Macaulay Trevelyan, G., (2013) *Austria-Hungary And Serbia | World War One | George Macaulay Trevelyan*. [online] Jfredmacdonald.com. Available at: <https://jfredmacdonald.com/worldwarone1914-1918/austria-15austria-hungary-serbia.html> [Accessed 5 October 2020].

*Marolov, D. and Stojanovski, S. (2015) The Balkan Wars through the Prism of the Wider Theoretical Framework of the Concept of the "Security Dilemma.* Balkan Social Science Review.

Marolov. D. (2018) *Скрипта по меѓународно јавно право*. Штип: Универзитет ,,Гоце Делчев"-Штип

Mearsheimer, J. (2003) *The Tragedy of Great Power Politics.* New York: W.W. Norton & Company Ltd.

Мелијанскиот дијалог,Тацидиј (416 пр.н.е.) В 84-116, превод на македонски јазик: Киро Јорданов. Оригиналот преземен од Thucydides. (2020). *The Melian Dialogue*. Mtholyoke.edu. Retrieved 11 November 2020, from https://www.mtholyoke.edu/acad/intrel/melian.htm.

Mearsheimer, J., 1994. The False Promise of International Institutions. *International Security*, 19(3), p.5.

Mearsheimer, J., 2014. *The Tragedy Of Great Power Politics*. New York: W. W. Norton & Company; Updated Edition.

Mearsheimer, John (2001) The Tragedy of Great Power Politics, New York: W. W. Norton.

Mearsheimer, John (2010) "Structural Realism", In, Dunne Tim, Milja Kurki and Steve Smith (ed.),

Morgenthau J.H. (1973) *Politics among Nations,* New York: Alfred A. Knopf

Munich Agreement | Definition, Summary, & Significance. (2020). Retrieved 12 June 2020, from https://www.britannica.com/event/Munich-Agreement

Mutschlechner, M., 2020. *The 1908 Annexation Crisis*. [online] Der Erste Weltkrieg. Available at: <https://ww1.habsburger.net/en/chapters/1908-annexation-crisis> [Accessed 21 October 2020].

Nationalarchives.gov.uk. 2020. *First World War*. [online] Available at: <http://www.nationalarchives.gov.uk/pathways/firstworldwar/document_packs/p_edwardgray.htm> [Accessed 5 October 2020].

Nzhistory.govt.nz. 2020. *Austro-Hungarian Empire - Central Powers | Nzhistory, New Zealand History Online*. [online] Available at: <https://nzhistory.govt.nz/war/austria-hungary-facts> [Accessed 12 October 2020].

Nzhistory.govt.nz. 2020. *Kingdom Of Serbia - Allies | Nzhistory, New Zealand History Online*. [online] Available at: <https://nzhistory.govt.nz/war/kingdom-of-serbia-facts> [Accessed 12 October 2020].

Nzhistory.govt.nz. 2020. *Map of The Austro-Hungarian Empire In 1914 | Nzhistory, New Zealand History Online*. [online] Available at: <https://nzhistory.govt.nz/media/photo/map-austro-hungarian-empire-1914> [Accessed 12 October 2020].

Organski, A.F.K. (1968) *World Politics, 2nd edition*, New York: Alfred A. Knopf.

Peter R, B. (1975) *Small States: A Tool for Analysis*? World Politics

Poundstone, W. (1993). *Prisoner's dilemma*. Anchor Books.

Poundstone, W., (2011) *Prisoner's Dilemma*. New York: Anchor Books.

Reddit.com. 2020. *Political Map of Balkan States and Surrounding Regions 1912: Mapporn*. [online] Available at: <https://www.reddit.com/r/MapPorn/comments/cr7rfk/political_map_of_balkan_states_and_surrounding/> [Accessed 5 October 2020].

Rothstein, R. (1969) *Alliances and Small Powers.* New York: Columbia University Press

*Russell, B.W. (1959). Common Sense and Nuclear Warfare. George Allen and Unwin, London. ISBN 0-04-172003-2.*

Serapionova, E. (2018). Edward Beneš and the Munich Agreement. *Novaia I Noveishaia Istoriia*, (4), 205-223. doi: 10.31857/s013038640000114-3

Shirer, W. (2001). *The rise and fall of the Third Reich*. New York: Simon & Schuster

Shubin, A. (2018). USSR und Munich Agreement of 1938. *Novaia I Noveishaia Istoriia*, (4), 29-41. doi: 10.31857/s013038640000107-5

Sked, A., 2014. Austria-Hungary and the First World War. *Histoire@Politique*, 22(1).

Snyder, G.H. (1997) *Alliance Politics*, New York: Cornell University Press.

Sowards, S., 1996. *Serbian Nationalism from the "Nacertanije" To the Yugoslav Kingdom*. [online] Staff.lib.msu.edu. Available at: <https://staff.lib.msu.edu/sowards/balkan/lect13.htm> [Accessed 16 October 2020].

Sowards, S., 1996. *The Great Powers and the "Eastern Question"*. [online] Staff.lib.msu.edu. Available at: <https://staff.lib.msu.edu/sowards/balkan/lect10.htm> [Accessed 15 October 2020].

Sowards, S., 1996. *The Serbian Revolution and The Serbian State*. [online] Staff.lib.msu.edu. Available at: <https://staff.lib.msu.edu/sowards/balkan/lecture5.html> [Accessed 16 October 2020].

Sowards, S., 1997. *The Balkan Causes of World War I*. [online] Staff.lib.msu.edu. Available at: <https://staff.lib.msu.edu/sowards/balkan/lect15.htm> [Accessed 27 October 2020].

Sweijs T. (2010) *The Role of Small Powers in the Outbreak of Great Power War*, University of Iceland, Centre For Small State Studies Publication Series

Thatcher, B. (2011). *Adamant Aggressors* (5th ed.). Bloomington: Xlibris Corp

Thorhallsson, B., Wivel, A.. (2006) *Small States in the European Union: What Do We Know and What Would We Like To Know?* Cambridge Review of International Affairs

Upload.wikimedia.org. 2020. [online] Available at: <https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/4/47/Austria_Hungary_ethnic.svg> [Accessed 12 October 2020].

Urban, M., 2014. *The Balkans And Austria-Hungary 1908–1912*. [online] Cejsh.icm.edu.pl. Available at: <http://cejsh.icm.edu.pl/cejsh/element/bwmeta1.element.desklight-8fef9de5-173a-4fa3-907e-3d448d4dcaa7> [Accessed 14 October 2020].

Vaicekauskaitė Z.M. (2017) *Security Strategies of Small States in a Changing World*, Journal on Baltic Security

Vandenbosch A. *The Small States in International Politics and Organization*, The Journal of Politics

Vaughan, D., Asiedu, D., & Velinger, J. (2005). Heroes or cowards? Czechs in World War II | Radio Prague International. Retrieved 1 June 2020, from https://www.radio.cz/en/section/special/heroes-or-cowards-czechs-in-world-war-ii

Walt, S., 1987. *The Origins Of Alliances*. Ithaca: Cornell University Press.

Walt, S., 1998. International Relations: One World, Many Theories. *Foreign Policy*, (110), p.29.

Walt, Stephen M. (1987) *The Origins of Alliances*, New York: Cornell University Press.

Walt, Stephen M. (1987) *The Origins of Alliances*, New York: Cornell University Press.

Waltz, K. (1954) *Man State and War*, New York: Columbia University Press.

Waltz, K. (1979) *Theory of International Relations*, New York: McGraw Hill.

Waltz, K., 2010. *Theory Of International Politics*. Long Grove, Ill.: Waveland Press. (Original work published 1979)

Waltz, N.K., (1979) *Theory of International Relations*, Addison-Wesley Publishing.

Wight M. (1978) *Power Politics*.,edited by Hedley Bull and Carsten Holbraad, New York; Holmes & Meier

Williamson, S. (2007) *Austria-Hungary And the Origins of The First World War*. Houndmills: Macmillan.

Виенска конвенција за дипломатски односи, 1961

Витал, Д. (2009) *Опстанокот на малите држави*. Скопје: Табернакул

Гарашанин, И., 2011. *Илија Гарашанин: Начертаније*. [online] Нова српска политичка мисао. Available at: <http://www.nspm.rs/dokumenti/nacertanije.html> [Accessed 16 October 2020].

Договор од Версај, 1919 година

Договор од Локрано, 1925 година

Нај, С.Џ. (2008). *Разбирање на меѓународните конфликти. Вовед во теоријата и историјата*. Скопје: Академски печат

Снајдер Х.Г. (2009). *Политики на алијансите*. Скопје: Академски печат